**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**
**од Сто и третата седница на Собранието на**
**Република Македонија,**
**одржана на 7 март 2002 година**

Седницата се одржа во просториите на Собранието, сала 1, со почеток во 13,00 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Стојан Андов, претседател на Собранието на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дами и господа пратеници,

Ја отворам Сто и третата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратеникот Стојан Ковачевски, ме извести дека од оправдани причини не е во можност да присуствува на седницата.

На седницата поканети се: претседателот на Република Македонија господин Борис Трајковски, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија.

Записниците од Деведесет и втората, Деведесет и третата и Деведесет и четвртата седница на Собранието Ви се доставени.

Дали има забелешки на записниците? (Нема) Ве молам повикајте ги пратениците да влезат во салата, за да можеме да одлучуваме.

Ги молам службите да утврдат точен број на присутни пратеници во салата.(Има доволен број присутни пратеници во салата)

Констатирам дека записниците од 92-та, 93-та и 94-та седница на Собранието се усвоени без забелешки.

Оваа седница е свикана  по барање на владата на РепубликаМакедонија заради разгледување на Предлогот за донесување по итна постапка на закон за амнестија, со Предлог на закон.

Владата на Република Македонија предлага на оваа седница по итна постапка да се донесе закон за амнестија.

Предлогот Ви е доставен.

Молам, претставникот на Владата да ја образложи основната и неодложната потреба од итно донесување на овој закон.

Има збор министерот за правда, господинот Иџет Мемети.

**ИЏЕТ МЕМЕТИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници

Дозволете ми накратко да ја образложам итноста за донесување на овој закон по итна постапка. Тоа е со цел што побрзо надминување на состојбите на кризните региони, побрзо влегување на безбедносните сили во подрачјата опфатени со минатогодишните конфликти, враќање на раселените лица во нивните домови и реинтеграција во општеството на учесниците во конфликтот.

За таа цел владата предлага Собранието по итна постапка да го разгледа и да го донесе Законот за амнестија. Сметаме дека со усвојувањето на законот за амнестија бе се создадат услови за побрза стабилизација на состојбите во земјата, враќање на довербата меѓу сите граѓани во Република Македонија и создавање на неопходните предуслови за конечен излез од кризата. Усвојувањето на овој закон е и во функци ја на реализацијата на преземените обврски на претседателот на државата и Владата на Република Македонија во врска со мировниот план и реализацијата на преземените обрски на овие органи спрема меѓународните структури, како што е Европската Унија, НАТО и САД.

Со донесувањето на Законот за амнестија,всушност, Република Македонија ќе биде чекор поблиску до целосно исполнување на обврските од Охридскиот договор и мировниот план на претседателот на Републиката. Бидејќи не се работи за сложен и обемен закон и неговото што побрзо донесување е од големо значење, од што зависат многу други активности за целосна стабилизација на состојбите уште еднаш во име на владата на Република Македонија ве молам Собранието да го уврсти во дневниот ред и да го усвои по итна постапка предложениот закон од страна на Владата.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Предлогот на Владата овој закон да се донесе по итна постапка го ставам на гласање. Молам да гласаме.

Вкупно гласале 72 пратнеици, за гласале 59 пратеници, воздржано гласале 6 пратеници, против гласале 7 пратеници. Констатирам дека Собранието го усвои предлогот.

Предлагам предлогот на дневниот ред да не се дополнува со други точки.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 77 пратеници, за гласале 71 пратеник, воздржано гласале 3 пратеници и против гласале 3 пратеници.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Според тоа за денешната седница го предлагам следниот дневен ред:

- Предлог на закон за амнестија.

Предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 73 пратеници, за гласале 64 пратеници, воздржано гласале 4 пратеници и против гласале 5 пратеници.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

Преминуваме на дневниот ред.

Предлог на закон за амнестија.

Предлогот на законот и извештаите на работните тела Ви се доставени односно поделени.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор?

За збор се јави господинот Иџет Мемети, министер за правда.

**ИЏЕТ МЕМЕТИ:**

Почитуван претседателе на Собрание, почитувани дами и господа пратеници.

Дбнесувањето на законот за амнестија е предопределено од интензивирањето на спроведувањето на планот на претседателот на Република Македонија за излез од кризата, за зачувување на мирот и зачувување на територијалниот интегритет на државата и воспоставување на правна држава на целата нејзина територија и владеење на правото во Република Македонија.

Актот што е пред вас е акт за израз на добра волја, со почитување на хуманите аспекти на современото демократско општество,кое е логична последица на сите напори преземени во изминатиот период од страна на сите субјекти и меѓународната заедница.

Основните елементи на овој закон чие донесување се предлага, се содржани во изјавата на претседателот на Република Македонија, господинот Борис Трајковски, упатено до претставниците на НАТО, Европската Унија и ОБСЕ, при што децидно е нагласена неопходноста со приме кривично правниот институт, да се овозможи унапредување на процесот на реинтеграција во општеството на лицата инволвирани во конфликтот, што е последователност на имплементацијата на Рамковниот договор потпишан во Охрид.

Имено, на 8 октомври 2001 година претседателот на Република Македонија даде изјава, а Владата истата ја поддржа за амнестија на припадниците на ОНА. Во функција на операционализација на определбата за примена на амнестијата, како акт на добра волја, по добиеното писмо од 23.10.2001 година од претставниците на ЕУ, НАТО и ОБСЕ, претседателот на државата на 12.11.2001 година, со повртано повторно писмо или повратна изјава, ја потврди определбата за амнестија на сите кривични дела на лицата инволвирани во конфликтот,кои доброволно се разоружувале до 26.09.2001 година. Со исклучок за евентуалните сторители на кривичните дела кои се во надлежност на Хашкиот трибунал и што се процесираат од овој меѓународен суд.

Во законот кога се операционализира или се зборува за терминот лица, исто така, во ставот 1 на членот 1 на законот, должам да ви кажам дека под терминот лица децидно е кажано кои категории ги опфаќа, со тоа што треба да се разбира на таков начин дека се работи за лица кои се животно, семејно, имотно, се мисли на недвижен имот обврзани со Република Македонија, а не за други категории на лица.

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, овие елементи беа основа за изготвување на предлможениот закон. Предлог законот за амнестја прецизно ги определува категориите на лица, кои претходно ги кажав, кои по неговото донесување треба да се ослободуваат од кривично гонење, да се запрат кривичните постапки или потполно да се ослободат од издржување или извршување на казната затвор, што како кривично правен институт е утврдено во одредбите на Кривичниот законик на Република Македонија.

Едновремено предложениот закон моше јасно и прецизно го утврдува исклучокот од примената на амнестијата, упатувајќи на надлежноста на меѓународниот суд за поранешна Југославија, скратено Хашкиот трибунал, кој согласно неговиот статут има примат и надлежност над националните судови за кривичните дела,како што се тешко кршење на Женевската конвенција од 1949 година, кршење на законите и обичајното право, геноцидот и злосторствата против човештвото.

Со овој закон, исто така, се предлага да се амнестираат и лицата кои за време на конфликтот не се одзвале на поканата и ја одбегнувале воената служба и воената вежба или пак самоволно се оддалечиле од вооружните сили. Како знак на добра волја, во функција на специјалната и генералната превенција се предлага и намалување односно за 25% од остатокот на казната и на осудените лица, но притоа се исклучуваат делата поврзани со трговијата со дрога и наркотични средства и делата против човештвото и меѓународното право, како и осудениците на казна доживотен затвор воопшто.

Почитувани дами и господа пратеници, на крајот како член на Владата на Република Македонија, која е предлагач на овој закон, би замолил денес да не расправаме за политичките и меѓуетничките односи во државата, туку за амнестијата, за акт на хуманост, за реинтеграција на луѓето во општеството, со надеж за враќање на довербата и функционирањето на правната држава и владеењето на правото.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Дали некој друг бара збор?

За збор се јави пратеникот Никола Јованов.

**НИКОЛА ЈОВАНОВ:**

Почитуван претседателе, почитуван господине премиер, членови на Владата, почитувани колеги пратеници,

Основните политички претпоставки за донесување на Законот за амнестија на припадниците на таканаречената ОНА се заедно утврдени со писмата на господата Солана,Робетсон и Џоана од 23 октомври 2001 година и претседателот на Република Македонија, господинот Трајковски од 12 ноември 2001 година.

Според писмото на Солана, Робертсон и Џоана, со цел за овозможување на меѓународната заедница да ја поддржи целосната имплементација на Рамковниот договор и безбедносните аранжмани, вклучувајќи го враќањето на безбедносните сили во сите подрачја на Македонија, потребна е општа согласност за есенцијалното значење на амнестијата, во која смисла се дефинираат неколку клучни претпоставки за начинот на кој амнестијата ефективно ќе се спроведе со идното законодавство.

Во одговорот на претсдателот Трајковски од 12 ноември 2001 година даден во полна согласност со официјалните изјави и цврстите определби на претседателот на Владата на Република Македонија, министерот за внатрешни работи, министерот за правда и јавниот обвинител на Република Македонија, се прифатени сите сугерирани елементи што треба да бидат вградени во законската регулатива за амнестија.

**НИКОЛА ЈОВАНОВ**: (продолжение)

Во принцип, постојат четири елементи за овој законски проект.

1. Амнестијата ќе се однесува на сите членови на т.н.ОНА кои доброволно се разоружале до 26 септември 2001 година.

Амнестијата ќе ги опфаќа сите дејствија што се инкриминирани како кривични дела според македонскиот Кривичен законик и што било поврзс ни со конфликтот.

2. Постои претпоставка дека секој поединец, идентификуван како член на т.н.ОНА доброволно се разоружал во наведениот период, а Јавното обвинителство и Владата имаат обврска во секој следуван случај да утврдат какво фактичко прашање дека одреден поединец не се разоружал доброволно.

3. За секој поединец што извршил кривично дело поврзано со конфликтот во наведениот период и кој што тврди дека делото го извршил како член на т.н ОНА ќе се претпостави дека бил член на т.н.ОНА, а Јавното обвинителство и Владата имаат обврска да утврдат какво фактичко

прашање дека тој поединец не бил член на ОНА.

Единствен исклучок од амнестијата се однесува на поединци кои извршиле кривични дела што се во надлежност и што се процесуираат во Меѓународнот суд за злосторство во поранешна Југославија.

Сега следува коментарот по основ на сите овие елементи кои треба да се содржани во законот.

Кон првиот елемент т.е. на кого се однесува амнестијата, оваа точка содржи три нејасни позиции кои мора претходно да се расчистат за да бидат подигнати на легислативно рамниште.

Првата се однесува на временскиот период. Постигнатата согласност за периодот на кој треба да се однесува Законот за амнестија, го вклучува само крајот, значи 26 септември, а не и почетокот на тој период. Без одредување на таква почетна временска

точка постои опасност од различни интерпретации на почетокот на конфликтот, што може да водат кон рестриктивна или екстензивна законска формулација. Со оглед на тоа дека во писмото на г-дата Солана Робертсон и Џоана се употребува поимот "конфликт" како почеток на конфликтот, треба да се земе јасното и отворено спротивставување на т.н. ОНА како парамилитарна формација на безбедносните сили на РМ, а тоа е првиот вооружен конфликт во Танушевци, започнувајќи од 12 февруари 2001 година. Пред тоа постоеја само изолирани терористички напади на т.н.ОНА, нападот на полициската станица во Теарце, возот Скопје - Кичево итн., но не води на вооружен конфликт кој подразбира учество на две страни со јасни услови за квалификација на поимот "страна во конфликт", по информирани учесници, ефективна команда итн.

Ваквото определување на почетокот на примената на законот е единственото издржано и од аспект на меѓународно правните норми.

Вториот дополнителен протокол кон Женевските конвенции од 1977 година, во член 1, изрично определува дека нормите на овие конвенции се применуваат на внатрешен вооружен конфликт меѓу вооружени сили на државата и други вооружени групи кои под одговорна команда имаат контрола врз дел од нејзината територија, што им овозможува да преземат поширок планирани воени операции и да го применуваат овој протокол.

Според член 3, ништо во протоколот не може да се користи со цел за задирање во суверенитетот на државата или одговорноста на Владата со сите легитимни средства да го задржи или повторно да го воспостави правото или поредокот на државата, или да го одбрани националното единство и територијалниот интегритет на државата.

Второто прашање се однесува на прецизирање на поимот "членови односно припадници на т.н.ОНА".Тоа завлегува во карактерот и внатрешната структура на оргнаизацијата кои за законодавецот остануваат сосема непознати. Секоја криминално терористичка, парамилитарна или било која друга организација вклучува различни структури, организатори, водачи, членови на организацијата, нивни соочесници итн. Во конкретниот случај се поставува прашањето дали како членови на ОНА се третираат само лицата што вооружени, под униформа активно учествувале во вооружените акции или нивните соочесници како невооружениот т.н.политички дел на т.н. ОНА. Прецизирањето на членови на т.н. ОНА затоа претпоставува прецизно и јанс обелоденување на сета нејзина структура и состав.

Собранието на Република Македонија пред усвојувањето на овој закон за амнестија мора да има таква елементарна информација, зашто инаку донесувањето на закон без прецизно определени елементи, лицата на кои се однесува амнестијата, нема да значи никаков придонес кон политичко решение на конфликт и ќе преставува натамошен извор на конфликт.

Третото прашање се однесува на прецизирање на кругот на лица кои доброволно се раз оружале до 26 септември 2001 година. Сериозниот пристап кон преземање на еден ваков чувствителен потег, како што е амнестија, претполага постоење на јасни сознанија за актот на доброволното разоружување, бројот на луѓето што се разоружале, предаденото оружје итн.

Претпоставката содржана во слендите точки дека сите членови на т.н.ОНА доброволно се разоружале т.е. дека т.н.ОНА со тоа престанала да постои треба да има одредено упориште во општата увереност дека е извршено комплетно и дефинитивно разоружување и расформирање на ОНА.

Кон вториот принцип кој треба да го запази овој закон, на кои кривични дела се однесува амнестијата, формулацијата дека сите кривични дела поврзани со конфликтот, е непрецизна или недоволно прецизна. Може да се претпостави дека таа ги покрива во прв ред кривичните дела од Главата XXVIII на Казнениот закон, т.е. кривични дела против државата, велепредавство, загрозување на територијална целина, вооружен бунт, тероризам итн. Но, останува отворено прашањето дали таа ги покрива и конекретните дела што имаат карактер на општи дела, но се поврзани со претходно споменатите дела. На пример, кражба на експлозив заради вршење тероризам,како и комплексните дела што имаат карактер на општи дела, но се извршени во метежот на вооружениот конфликт, убиства, разбојништва, итн., што немаат никаква врска со самиот конфликт.

Поширокото определување на поимот "дела поврзани со конфликто би резултирало со општа амнестија на било кој криминален акт извршен во периодот за кои

се донесува законот. Ако на тоа се додаде сопорливата претпоставка за членството во т.н. ОНА, на која може да се повика секој криминалец, таквата опасност од легализирање на криминалот во РМ, во 2001 година, е повеќе од сериозно. Како кривични дела поврзани со конфлитот според тоа треба да се третираат само делата против државата и конеч ните дела што се во природна смисла поврзани со овие. Тоа се дела на насилство и тоа насилство спрема луѓе и насилство спрема имот, извршени како дел од вооружената активност на т.н. ОНА или во подготвувањето на такват активност како и дела со кои обично е сведена вооружена активност од пошироки размери, поништување на имот, масовни кражби итн. Кога со тој поим би биле опфатени сите други општи дела од кривичниот закон, тоа би значело признавање дека т.н. ОНА не е парамилитарна организација што бил формирана за насилно остварување на определени политички цели, туку обична криминална или терористичка организација. Ниедна европска држава не би се дозволила да усвојува закон за амнестија со кој би било дадено простување за сета криминална активност на таква организација.

Законот мора прецизно да го определи не само кругот на сторителите, туку и делата на кои се однесува амнестијата. Според нашиот казнено правен систем, а така е и во Европските законодавства, непостои амнестија што би значело некакво дополнително признавање на апсолутен приоритет на поединец или група лица за било кои извршени дела. Прво, затоа што таков имунитет ниту материјално правно ниту процесно правен непостои. Второ, затоа што во современите казнено правни систмеи не постои пример амнестијата да се дава на определена категорија лица, во овој случај припадниците на т.н. ОНА, без било каква врска со извршените дела Ова затоа што амнестијата како казнено правен институт претпоставува вика се извршени конкретни кривични дела, инаку не би имало никаква смиса лицата да се ослободуваат од кривично гонење кога не знаете за што ги гоните, или да се запира кривична постапка, кога не знаете за кое дело ќе на запрете кривичната постапка.

Сугестијата на меѓународната заедница, од една страна, со законот да бидат опфатени делата пворзани со конфликтот, значи не било кои дела, туку делата кои се поврзани со конфликтот, а од друга страна од примената на законот да се исклучат делата во надлежност на Хашкиот трибунал претставува експлецитна потврда на потребата за прецизно набројување на делата за кои се дава амнестија.Затоа, неприфатлива е формулацијата за која се определува предлогот на Министерството за правда "за сите дела, освен за делата под надлежност на Хашкиот трибунал". Таквата формулација претставува грубо суспендирање на македонскиот уставен и правен поредок, пречекорување на овластувањата на законодавецот и директна повреда на одредбите на кривичниот законик.

Амнестијата како акт на милост претставува одстранување, исклучок од начелото на законитост според кое секој кривично одговорен сторите треба да биде казнет за извршено дело. Исклучоците секогаш тесно се толкуваат.

Кон третиот принцип, законот треба да појде од две соборливи претпоставки дека секој поединец идентификуван како член на т.н.ОНА доброволно се разоружал во периодот на кој се однесува амнестијата и дека секој се повикува на тоа дека делото го извршил како член на т.н.ОНА, се претпоставува дека е член на ОНА. Се работи всушност за две взаемно поврзани претпоставки, што за своја појдовна основа ја имаат сепак идентификацијата на поединецот како член на ОНА. Таа идентификација може да биде извршена на два начина ,така што на надлежните органи ќе им се даде компле<sup>т</sup>на информаицја за составот и членството на ОНА или така што пред органите за казнено гонење осомничениот за извршено кривично дело ќе се повика на тоа дека делото го извршил како член на ОНА.Ниту првиот ниту вториот начин не може да помине без определени проблеми, зашто таканаречената ОНА очигледно не е подготвена или не може да го достави комплетниот список на своето членство, а кога органите за казнено гонење би започнале тоа масовно да го проверуваат би се појавиле нови можности за конфликт. Според тоа, овие претпоставки би морало да се прецизираат и појаснат, а најдобриот начин за тоа е законски да се статуира можноста органите за кривично гонење да имаат сознание за членството на т.н.ОНА, што треба врз основа на податоци да ги достави самата таа организација. Втората препоставка дека за секој што е идентификуван, што е уште еден аргумент дека е нужна идентификација како член на ОНА, се претпоставува дека доброволн го предал оружјето, оди кон некои натамошни консеквенции дека за оној член на т.н. ОНА

кај кого ќе се најде било какво оружје, таквата претпоставка повеќе не важи.Исто така, треба да биде изречено од страна на овој закон за амнестија. Обврската на органите за казнено гонење да утврдат какво фактичко прашање во одделни случаи дека некој поединец не бил член на ОНА или дека не го предал доброволно оружјето до 26 септемвр 2001 година е дефинирана како обврска за утврдување, а не како обврска за докажување. Тоа значи дека овие органи можат да преземаат дејствија на казнено гонење и кога немаат подполн доказ, односно само кога се сомневаат дека некое лице не е член на т.н.ОНА или дека не го предал доброволно оружјето во определен период.

На прв поглед, неспорното исклучување од амнестија на делата од надлежност на Хашкиот трибунал бара исто така определени прецизирања. Со Статутот на Хашкиот трибунал во негова надлежност се ставени следните категори и дела: тешки повреди на женевските конвенции од 1949 година, повреди на законите и обичаите на војната, геноцид и злосторства против човечноста. Повеќето од овие инкриминации се содржани во Кривичниот законик, Глава XXXIV, кривични дела против човечноста и Меѓународното право

Непоклопување постои во однос главно на злосторствата против човечноста кои во Кривичниот законик се систематизирани во други глави како општи дела, убиство,силување, мачење, заробување, итн.Според решението на кон курентна надлежност на Хашкиот суд содржано во неговиот статут за меѓународни злосторства од надлежност на судот не е исклучена надлежноста на домашните судови, дури таа е пожелна и се претпоставува. Законот за амне тија не може да има никакво дејство во однос на меѓународните злосторства од надлежност на Хашкиот трибунал вклучувајќи ги и делата против човечноста, што во Кривичниот законик се дефинирани како општи дела. Исто така, за гонеше на тие дела не е исклучена надлежност ана македонските органи за казнено гонење.

Содржината и целата на законот се детерминирани со претходно јасно дефинирање на определени начела врз кои треба да се потпираат неговите решенија.Тие начела сегначелото на уставност и законитост,

Како темелно начело на уставниот и правниот систем ова начело е основа за барањето законот за амнестија да се донесе како правен акт кој е во согласност со Уставот на РМ  и позитивното казнено законодавство Тоа значи дека политичкиот договор за надминување на конфликтот мора да се смести во определена правна рамка и не може да се реализира со вонинституционални и вон правни или некои вонредни решенија што значат суспендирање на уставниот систем и правниот поредок на државата.

Второто начело, начелото на почитување на човековите слободи и права и правната држава, законот за амнестија мора да се потпира врз јасна концепција за карактерот на извршените дела што се предметна аменстија. Не се работи за политичка туку за казнено правна амнестија,а таа претпоставува јасна квалификација на извршени кривични дела,како и јасна квалификација на самите кривични дела кои се сторени.

Независно од природата на конфликтот, дали е тоа внатрешен, надворешен или, комбиниран надворешно-внатрешен, за квалификацијата на делата на припадниците на т.н.ОНА е битно тоа дека истите претставуваат повреди на кривичниот закош односно тоа се криминални акти.Целта на активноста на самата организација односно во случајот на таканаречената ОНА е сосема и релевантно. Преставувањето на нејзината активност како борба за човекови права со ништо не им го одзема карактерот на криминални акти на извршените дела. Во ниту еден меѓународен документ за човекови права индивидуални или колективни ниту едно начело или норма на меѓународното право за правата на човекот или Меѓународното казнено право не познава опомена на вооружено насилство за освојување или остварување на определени права во држава, во кои таквото залагање може да се оствари и на безброј други начини, преку институции на систем, па дури и вонинституционално со примена на не вооружени облици на граѓански отпор и непослушно Во ерата на човековите права, наспроти тоа, примарно значење има барањето за сообразноста на целта и средствата. Средството треба да биде прилагодено на целта. Не може да се бара остварување на права со повреда на правата на другите, не може да се бара остварување на права како во вооружениот конфликт во РМ, предизвикан од т.н.ОНА и да се дојде до масовно непосредно загрозување на човековите права на сите нејзини граѓани, како и до загрозување на територијалниот интегритет и поредокот во државата со далекусежни и долгорочни

реперекусии во однос на статусот на човекови права.

Сето затоа бара законот за амнестија да содржи решенија со кои се реафирмираат човековите слободи и права, правото на сигурност и мирна перспектива, со јасно идентификување на криминалноит карактер на делувањето на т.н.ОНА.

Начело на реинтеграција - амнестијата е акт на простуваше на извршени дела што се бара од различни причини,поради измени во казненото законодавство,причини на хуманост или политички причини.

**НИКОЛА ЈОВАНОВ**: (Продолжение)

Со оглед на тежината на извршените дела од страна на членовите на т.н. ОНА, во овој случај не станува збор за првите две причини. Делата за кои се дава амнестија остануваат казнени, во нашето позитивно законодавство и истите треба допрва да биде гонет секој сторител кој извршил такво дело пред или по периодот на кој се однесува законот.

Исто така, во прилог на амнестијата не постојат и некои посебни причини на хуманост, зошто за време на вооружениот конфликт се извршени најтешки дела: десетици убиства, масовно протерување на население, масовно уништување на имоти и други дела, што не поттикнуваат никаков хуман однос кон нивните сторители.

Законот се донесува од политички причини. Неговото спроведување треба да го овозможи зацврстувањето на мирот, зачувувањето на територијалниот интегритет на државата и воспоставување правна држава на целата нејзина територија. Заради остварување на тие цели што се во функција на остварување на слободите и правата, а и интересите на сите граѓани на Република Македонија, амнестијата треба да овозможи непречена реинтеграција на припадниците на т.н. ОНА во општествениот живот на државата, со сите нивни права и обврски како граѓани на Република Македонија.

Бидејќи овој Предлог на закон за амнестија отстапува од тие генерални принципи на закон за амнестија и примерите и во некои соседни држави, нашата пратеничка група, како резиме и главни забелешки на овој закон ги посочува:

- бидејќи овој закон е донесен со непримерен политички притисок, бидејќи не е во согласност со правниот поредок на Република Македонија, т.е.напротив дел од кривичното законодавство го става во аут, го суспендира што е рушење на правниот поредок на државата и нејзиниот суверенитет;

- бидејќи не гарантира дека амнестираните членови на ОНА ќе се однесуваат лојално и во согласност со законите на оваа држава бидејќи истите се непознати на надлежните органи, бидејќи амнестијата е општа и секој криминалец може да се повика на овој закон и членството во ОНА;

- бидејќи намаме морално право во име на загинатите припадници на безбадносните сили, во име на загинатите цивили, во име на расселените, силуваните, измачуваните, протераните, киднапирани лица да прифатиме ваков закон.

Предлагаме на Министерството за правда да го повлече овој Предлог закон за амнестија, да изготви нов што ќе ги инкорпорира сите овие укажани елементи. Во спротивно, овој текст, што воопшто не е добар, мораме да интервенираме во него со амандмани како пратеничка група. Ваков каков што е предлогот за нашата пратеничка група на независни пратеници е неприфатлив.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Дали некој друг бара збор?

Дали некој друг бара збор?

Има збор г. Јордан Бошков.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Господине претседателе, дами и господо,

Ќе се спротивставам на донесувањето на овој закон од повеќе причини, но нема да образложувам долго зошто така сметам дека треба да се постапи. Не навраќајќи се на тоа како се водеше политиката во 2001 година, не навлегувајќи во тоа што се случува на теренот и кому се случува на тој исти терен после т.н. разоружување и распуштање на УЧК, само ќе кажам дека ние сма должни да ги заштитиме и традицијата и достоинството и на тие кои загинаа, а загинаа меѓу другото затоа што ги штитеа институциите на системот.

Ако во име на избегнување нови жртви се носи амнестија, тогаш е потребно тоа така да се прикаже. Само прашањето е кои се гаранциите? Повторно гаранции нема.

Понатаму, ако е во прашање притисок, треба да се каже кој прави притосок. Да не се одбегнуваат јасни

ставови. Се извинувам, во Њујорк никој ништо не ми кажа, во Вашингтон, главниот град на САД, нешто слушнав но ништо отворено и ништо конкретно. Можеме околу тоа да зборуваме, во понеделник закажав комисија, ако даде Господдо тогаш да претседавам со неа, нормално ...(дофрлање од место) ... , ако даде Господ, не само вие. Така е тоа, да.

Значи, ако има притисоци од страна потребно е тие да се изнесат. Да е јасно која снага стои зад извесни барања. Вака излегува дека имаме секогаш слобода да отвораме гробови имаме слобода да држиме помени за усмртените, имаме слобода да жалиме за тоа што има киднапирани лица, а ништо повеќе да не се направи. Јас, навистина не знам до каде ќе има потреба да се навлегува за да се разбере која е тежината на оваков закон, или носење на закон за амнестија за дела сторени во текот на војна.

Од друга страна, ние со никаков документ, Собранието со никаков документ не уочи дека постои војна во Република Македонија, или постоеше. и, од кој период до кој период. А, во законот пишува "војна". Како мислите да биде тоа толкувано понатаму?

Овој Парламент на широк фронт ја расформира државата, македонската држава. Со носење ваков закон, во ваква постапка тоа станува уште појасно. Одговорноста е кај вас колеги и колешки. Можете да избирате.

Јас избирам и избрав. Поддршка на ваков закон нема.

Исто така, не заговарам гонење, бидејќи тоа е многу скапо. Но, да се спогодиме и да се обидеме да се спогодиме, како држава, за реинтегрирање, поточно ресоцијализација на тие лица кои зеле оружје враце, тоа можеме. Да размислиме, а и потребно е, само жално е во нашиот Парламент никој не дискутира, вие немате никаде белешки за такви напори. Тоа се тешкотиите. Тешкотии што ги има оваа држава. Ниту тие кои мислат Дека се во опозиција, ниту тие кои се мнозинство. Тешкотиите остануваат на крајот пак по народот. Само изворот на тешкотиите е тука. Ние сме должни да сториме нешто повеќе.

Ресоцијализацијата ќе биде многу лесна и ефикасна во случај да се најде соодветен парнер. Ако во кризата во Република Македонија меѓународните места, да не кажам фактори или оној поим сосема нецелосно јасен - Меѓународната заедница, дали Се мисли тука на законски рдгулираниот дел од неа или се мисли на целата глобална или пак се мисли на Азискиот контигент, ништо тука не е јасно, но во ред е, ете таа Меѓународна заедница посвети огромно внимание или потроши огромни средства околу менаџирањето или раководењето или на кој начин водењето на таа криза овде во Република Македонија. Само Мисијата "Неопходна Жетва" на НАТО силите однесе 500 милиони американски долари. Сериозна сума, а само една мисија. Што останува са останатите напори.

Сметам дека ресоцијализацијата, со помош на парнерите е можна и тоа во државите кај тие исти партнери. Државите на ОЕЦД, сега се мислам 40, некој може да ме корегира, 42 држави, тие би можеле да преземат дел од тие напори, па луѓето за кои ние велиме и стоиме зад тоа дека се терористи, еве нема да ги гонимд, Нека ги прифатат и нека ги ресоцијализираат кај себе. Таму тие лица нека најдата дом, Нека се остварат себе си како лижности, нека водат фирми или други активности во фирми. Нормално, после 10 години кога тука ќе Се залечат повеќето од раните, сето тоа под претпоставка дека тука ќе биде мирно, нека повелат нека се вратат ако сакаат. Или по 15 години.

Жалната прикаска или жалната страна на ваквиот расплет е тоа што и тие кои отишле во државите од ОЕЦД не мислат да Се вратат. Многу малкумина мислат да се вратат.

Независно од тоа резоцијализирањето е потребно. Тие луѓе Не може да влезат во зандани и, како во старите векови, да доживуваат пресуди,доживотни или не знам колку години. Но, нам ни е потребна поддршка и помош. Освен тоа, ценети колеги и колешки, Рамковната спогодба не предвидуваше вакво нешто. Изјавата на претседателот на Републиката уште помалку го обврзува Парламентот на вакви постапки.

Но, прашањето е дали сакате да гледате иднина за државата најнапред, па потоа за својата партија па и за себе? Јас лично се определив. За ова не гласам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Дали некој друг бара збор?

Никој друг не бара збор.

Радомир Карангелевски бара сепак збор.

Повелете.

**РАДОМИР КАРАНГЕЛЕВСКИ:**

Господине претседателе, дами и господо пратеници, претставници на Владата,

Приближно како и моите колеги претходно што дискутираа, кратко ќе се осврнам на одредени аспекти во однос на законот со слични ставови. Ќе се осврнам во начело на причините, прво, што се наведуваат, односно се наведени во Предлогот за донесување на овој закон, и тоа:

Прво, "израз на добра волја". На сите ни е јасно дека се работи за невиден притисок од т.н. Меѓународна заедница.

Второ, "промовирање на мирот". И тоа е дискутабилно прашање. Со вакво решение што ни се нуди, што е доставено како Предлог на закон, за што подоцна ќе образложам зошто, и

Трето и конечно, "надминување на кризата во земјата". Лично мислам дека тоа е највисок приоритет за сите нас пратеници тука, како што би требало да биде и највисок приоритет на сите политичари во Република Македонија. Но, за жал, овој предлог...

(џагор во салата).

Би замолил господине претседателе ако може да се има трпение од пратениците.

Застанав кај приоритетите.

Како највисок приоритет, значи мирот на сите политичари во Република Македонија, но за жал овој Предлог на закон, според мене не е во тој дел. За делот каде што се наведува дека причините се содржани во Изјавата на Претседателот на Република Македонија, како и претставници на ЕУ, ОБСЕ и НАТО во врска со прашањето на потребата од реинтеграција на лицата кои подготвувале и учествувале во конфликтот во општеството, што е повеќе израз на форма на убедување, но уште пострашно воведување на некаков вид протекторат на мала врата. Инаку, како би се објаснила ситуацијата да мнозинството не сака воопшто ниту да пристапи кон донесување на ваков закон, но поради притисокот на т.н. Меѓународна заедница, сепак се пристапува. Дури јас сум вчудоневиден, во почетокот на седницата се гледа, нема некој интерес пратениците, нашите колеги да се произнесат овде околу донесување на закон.

Денес прочитавме во весниците изјави на претставници од НАТО, каде што никако поинаку не може да се протолкува изјавата освен одреден вид на притисок на ова Собрание, на Собрание на една суверена држава, дека доколку не се донесе законот за амнестија, пак ќе имаме војна. Мислам дека понатамошен коментар не е потребен.

Конечно, последниот став "донесувањето на овој закон е предопределено со потпишување на Рамковниот договор" е ноторна невистина. Во Рамковниот договор нема воопшто такво нешто. Го имаше тој Рамковен договор во сите весници, така што јас не знам дали се работи за некој друг Рамковен договор или што е во прашање? Но, ние, очигледно сме држава во која што може се да се проголта, па и такво образложение што е дадено во објаснувањето за причините за донесување на овој закон.

Сега би се задржал на содржината на овој закон.

Законот се состои од вкупно 9 членови, од кои само првите 3 се суштински, а другите се од техничка природа.

Генерално, законот е тотално промашен и, според мене, а можам да заклучам земајќи ги предвид и мислењата на експертите кои сме ги пратиле во сеансите што ги имаа со претставниците на Владата и претставниците на Меѓународната заедница, професорите, особено по кривично право, на пример господинот др. Владо Камбовки и другите, дури и не само професорите, поранешни обвинители итн, кои понудија сосема други решенија, законот апсолутно велам е промашен и тоа поради следните елементи:

Прво, дефинирање на лица сторители на кривични дела според Кривичниот законик на Република Македонија.

Второ, дефинирање на делата според Кривичниот законик и друг закон во Република Македонија за кои ќе се амнестираат претходно дефинираните лица.

Трето, прецизно дефинирање на периодот за кој се однесува амнестијата.

Сите три дефиниции не се прецизни, спротивно на ова што го изјави

во експоземе министерот за правда, г. Иџет Мемети.

Што нуди Предлог - законот, а што треба прецизно да се дефинира:

1. Законот нуди општа амнестија. Дури вели - "се ослободуваат од гонење, се запираат кривичните постапки и потполно се ослободуаат од извршување казна затвор, (се заедно тоа се вика амнестија) граѓани на Република Македонија, лица со законски престој, како и лица кои имаат имот или семејства во Република Македонија".

Што треба да се дефинира? Па, треба да се дефинира кои се тие граѓани. Треба да се дефинира прецизно дека се амнестираат припадниците на т.н. ОНА, кои се на списокот на т.н. организација ОНА и доброволно го предале оружјето. Не се работи за некои граѓани за кои не знаеме кои се. Се знае, тие кои се бунтувале, тие биле претставници односно членови на т.н. организација ОНА.

**РАДОМИР КАРАНЃЕЛЕСКИ:**
(продолжение)

Прецизирањето на поимот членови претставува прецизно и јасно обелоденување на сета нејзина структура и состав. Тоа го спомна и мојот колега Никола Јованов. Како ние во Собранието да пристапиме кон гласање на еден ваков Предлог-закон, со еден ваков текст кога не ни се јасни елементарни информации кого амнестираме, стои - граѓани на Република Македонија. Во спротивно овој закон, по мое длабоко убедување, а според се она што го изнесов, сметам и многу поширокo, нема да значи никаков придонес кон политичкото решение на конфликтот, туку обратно, Ќе претставува извор на нови конфликти во Република Македонија.

Исто така треба да се прецизира и прашањето за кругот на лицата кои доброволно го предале оружјето, имено бројот на тие лица, имињата на лицата, предаденото оружје и тн. Без такво дефинирање ќе дозволиме поворно да ни се случат слични или исти збивнувања. Меѓутоа, почитувани пратеници, извинете, ама немаме право на повторни грашки. Немаме право на повторни грешки, како што лефтерно се однесувавме во предворјето на збивнувањата од Танушевци. Да не зборувам дека треба да ги имаме предвид и загинатите бранители на РМ, на безбедносните сили, да ги имаме предвид судбините на оние што не ги знаеме, киднапираните лица, да ги имаме предвид и судбината на сите оние избркани и расселени лица низ РМ.

Второ, како аспект е формулацијата дека сите кривични дела поврзани со конфликтот не е прецизен. Дали тоа значи, по Кривичниот законик на РМ, еве го имаме, и таму каде што се дефинирани делата против државата ги има неколку членови, од 307 до 315, толку од прилика се, дали се работи за велепредавство, загрозување на територијалната целина, вооружен бунт, тероризам, или, драги мои колеги, се работи за прикриени дела и прикривање на дела, како што се кражба на експлозив заради вршење на тероризам, убиства, разбојништво и други дела кои се третираат во Кривичниот законик меѓутоа кои се извршени во општиот хаос предизвикан со војната односно од други причини не се врзани со конфликтот. Значи тука апсолутно ова решение во Законот не прави динстинкција, односно не ги разграничува тие дела. Тоа е како втор аспект.

Пред мене имам неколку закони за амнестија, од соседните држави, односно од државите од бивша Југославија што се создадени со Резолуција на бивша Југославија. Во ниеден од нив нема недефинирани дела и можам да ви кажам дека во ниеден од нив нема отворена врата за почетокот на поднесувањето на амнестијата, како дата. Еве го законот од Република Хрватска од СРЈ, од Република Српска, да не ги читам решенијата од тој закон каде што исто така тие закони се донесени во согласност со меѓународното право и под будно око на таканаречената Меѓународна заедница. Уште полошо што таму беа граѓански војни а тука имамвме напад на територија од друга земја.

Понатаму, членот 3 од Предлог-законот сосема е нејасно што значи денот на влегување во сила.

Јас би го замолил министерот за правда, еве ќе го прочитам тоа нека биде јасно за што се однесува.

Членот 3 став 1 вели: "се ослободуваат од извршување на казната затвор за 25% од наиздржаниот дел од казната лицата осудени со правосилна пресуда за кривични дела пропишани со Кривичниот законик и друг закон на РМ, а кои на денот на влегувањето во сила на овој закон започнале со издржување на казната затвор во Казнено-поправните установи во РМ". Ве молам, "а кои на денот на влегување во сила на овој закон". Сега

ако се работи за еден ден или е неспредно направен текстот па би го замолил министерот или да го објасни ова односно да го промени тој дел, а на крај мислам дека и нема потреба бидејќи ќе предложам едно сосема друго решение. Меѓутоа, зборуваме како е направен самиот Предлог-закон.

Понатаму во вториот став од истиот член 3 се направени исклучоци за дела од надлежноста на Хашкиот трибунал. Добро го имаме амандманот, во реД е тоа, исправката е во однос на точниот назив на субјектот што не е толку битна измената, тоа е формално прашање, но добро Владата тоа го направи со амандман.

Сега би го запрашал пак министерот за правда кој по дефиниција треба прв да се залага за правна држава и за владеење на правото, како може да се суспендира македонскиот уставен и правен поредок и директно да се повредува Кривичниот законик, бидејќи во вториот став исклучоците се направени само во однос на делата кои Ќе бидат предмет за разгледување во Хашкиот трибунал.

Ако Собранието усвои ваков закон ние по втор пат како Собрание ќе ги пречекориме своите овластувања како законодавство.

Под три, аспектот на времето.

Без оглед што законот е само со 9 членови, всушност има многу да се говори, но јас ќе се задржам уште на асггектот на времето на кое се однесува амнестијата, бидејќи во 2001 година до разоружувањето кое се случи на 26 септември 2001 година, може да се врзе само со настанување на конфликтот односно по сит9 толкувања од настанот во Танушевци, а тука се знае, 12 февруари 2001 година. Можеме ли еднаш во РМ, да ги почитуваме и меѓународно-правните норми во законот нема почеток. Да не се мисли, со вакво решение, јас незнам, Се прашувам дека *ќе* се амнестираат сите криминалци години, години наназад, по сите овие дела кои не се дефинирани. Ова е катастрофа. Како тоа, овој закон Ќе среди односи кога со вакво решение обратно ќе ги генерира проблемите затоа што сите тие криминалци слободно ќе се шетаат и може да ни се случуваат, не вакви туку и сто пати полоши работи во државата. Не постои таков закон во светот, во тоа ве уверувам. Ако некој ми го посочи, јас ќе ја повлечам целата моја дискусија и сето мое работење во овој Парламент. Пак имам тука примерите што случајно ги имам овде како закони од другите држави.

Морам да го спомнам во оваа прилика и последниот извештај на Стејт Де Партментот, еве го имаме тука, за човековите права во РМ, во кој, меѓу другото се вели, ќе го цитирам четвртиот став "иако ОНА се декларираше дека води борба за човекови права, (во извештајот се вели), таканаречената ОНА има и други мотиви и и' се препишуваат такви, пред се поддршка на криминалот и наметнување политичка контрола врз кризните региони".

Став 5 вели: потсетувајќи дека во воените дејствија загинаа околу 75 патници на македонските безбедносни сили, Стејт Де Партментот докажува дека одреден број цивили настрадале од нагазни мини поставени од страна на албанските терористи. Понатаму се вели дека во регионот има голем криминал во прометот со дроги и опојни средства во кои од 100 извршители кои досега се фатени 80% од сите кои се од РМ, се од албанско етничко потекло. Таа аналогија мора да се направи со оглед на овие криминални работи не правење дингстингција помеѓу делата кои се против државата при ова што го зборував до сега. Зошто? Затоа што без оглед на сегашните притисоци за донесување на овој закон, доколку овие работи не се постават на свое место, односно не се усвојат, решенијата кои што се правно издржани, туку обратно, тоа ќе претставува, уште еднаш ќе повторам, генератор на нови конфликти. Истата, таканаречена меѓународна заедница ќе не претставува тогаш со уште поцрни, или ако сакате полоши извештаи и ќе ни ја запечати судбината, а веднаш ќе се заборави како не притискаше за што побрзо донесување на правно неиздржани закони. Затоа почитувани колеги пратеници јас апелирам да не брзаме, детално да ги разгледаме овие работи и да донесеме правилно решение, заради Целта, пред се и смислата за донесување на еден закон за амнестија како општа корист за воспоставување на траен мир и мирно решавање на сите прашања, па и Меѓу етничките односи. Јас сметам дека единствено можно и потребно е следното:

Прво, Собранието на РМ има легитимитет да донесе ваков закон само ако ги почитува политичките и правните постулати и само ако претставниците на албанските партии, а особено парламентарните партии, со нивните пратенички групи, недвосмислено ја декларираат својата цврста определба за откажување за секогаш од поттикнување, одобрување, помагање или учествување

во насилна промена на уставниот поредок или загрозување на територијалниот интегритет и безбедност на РМ.

Второ, законот за амнестија може да се однесува само на припадницитена таканаречената ОНА кои се државјани на РМ.

И трето, законот за амнестија треба да се донесе заедно со закон за доброволно предавање и одземање на оружјето од тие бунтовници.

Според тоа јас изнесов некои прашања во мојата дискусија, г. претседателе, како прашања до министерот за правда, а исто така, со оглед на првата точка од заклучокот, ги повикувам пратениците кои се претставници на албанските партии и нормално апелирам и до претставниците на македонските партии, да се произнесат по ова прашање па дури тогаш да пристапиме кон донесување односно усвојување на закон за амнестија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Кој понатаму бара збор.

**ЉУПЧО АНУШЕВ:**

Ќе се обидам г. претседателе, министри, колеги пратеници да не се повтроувам затоа што гледам дека има доста колеги кои се нестрпливи да гласаат.

Ќе потсетам дека нашата пратеничка група, кога дискутиравме за уставните промени, дадовме многу паметен предлог кој не ни се усвои, преку мојот колега Климовски, кога предложивме уставните промени да се донесат со една временска дистанца од година дена или година и пол, во кое време ќе се види како двете странки во тој Рамковен договор се однесувале, и предложивме сите поважни закони да ни идат во пакет, да не ни се случува постојано, за секој закон, еве ако не го донесете, ќе има војна. Така не убедувавте, мислам на колегите кои се дел од потписниците, дека ќе има војна ако не ги донесеме уставните амандмани и тн., а не очеуваат уште многу закони.

Колку што јас се сеќавам Рамковниот договор не предвидуваше да има совет на албанците, па сега некој колеги од опозицијата со демагошка фразологија да кажуваат дека тоа не е демократски, дека е временски и тн. Тоа се случува, а ние немаме стратегија, гасиме само пожар, моментално. Предлагавме и укажувавме и за територијалната поделба и границите и тн., меѓутоа останува тоа само говор на глуви затоа што, не се подготвуваме, дај боже да не се случи, ако се случи немаме решение туку пак ќе гаснеме пожари и ќе се плашиме.

Другите членови моите колеги ги дискутираа. Јас ќе кажам само за членот 2.

Мислам дека тој член е намерно ставен за да се намали воената моќ на државата, затоа што во некој друг конфликт, не знам која е таа моќ што ќе ги собере воените обврзници, ако ова се изгласа.

Да не зборуваме како е регулирано прашањето на амнестија. Вели: "сториле кривични дела поврзани со конфликтот до 26.09.2001 година". Тоа значи од 1945 година наваму се може да се класифицира во тоа дека некој направил нешто за овој конфликт и да се амнестриа. Ако вака ги донесуваме законите, тогаш јас мислам дека треба да ги испразниме затворите, да ги окречиме, па да кажеме од таа и таа дата кој ќе згреши ќе влегува во затвор. Можеби ќе треба и за нас да си напрвиме подобри услови. Со донесување на вакви закони, сигурно дека ќе одговараме.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Еве во моментот кога го заклучувам претресот, г. Никола Поповски бара збор во општиот претрес.

Повелете, но ве молам јавувајте се на време.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Почитувани колеги пратеници, почитувани министри,

Јас би сакал да го изнесам ставот на пратеничката група на

СДСМ во врска со овој Предлог-закон, или како што некои од

новинарите го нареока акт на хуманост.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ**: (продолжение)

Тоа не се наши зборови, новинарите така го нарекоа. Во време на правешето на политичките договори за завршување на воената криза во РМ г-динот Трајковски во почетокот на август со писмо до јавноста и до некои меѓународни организации, пред се ЕУ, НАТО и до САД се обврза дека тој од позицијата што ја има ќе се грижи за амнестирање на сите оние кои доброволно би го предале оружјето и би се распуштиле од паравоените терористички формации, со цел во Македонија да настане мир. После постигнувањето на Охридскиот договор се пристапи кон делумно, за жал , разоружување и распуштање на паравоените формации. Но, од како НАТО како меѓународна организација констатира

дека разоружувањето е извршено, г-диот Трајковски во својство на функцијата што ја врши изврши уште едно дополнително обраќање со писмо дека сите оние кои го предале оружјето и доброволно се распуштиле ќе бидат заклучно со датумот за септември 2001 година амнестирани. По потпишувањето на рамковниот договор, уставните измени, се започна и со планот спроведување на мировниот план на Трајковски и на Владата кој на некој начин стана и мировен план на Парламентот со тоа што беше образложен, а Парламентот не го негираше и реинтегрирање на териториите на РМ кои сеуште беа и дел од нив сеуште се под некаков вид на окупација на паравоени формации. Во текот на спроведувањето на овие активности се јавија два вида на проблеми. Едниот проблем е што навлегувањето на полициските и воените формации на порано окупираните територии согласно овој план не се извршуваше и сеуште не се извршува редовно , затоа што има проблеми при влегувашето . И од друга страна поплаките дека додека нема закон за амнестија, секој кој се бави со процедурите во оваа сфера од МВР до обвинителство и до судовите немаат законска основа да го направат тоа што г-динот Трајковски јавно го превзеде како своја одговороност. Од тука имајќи ги предвид и заложбите на Мегународната заедница пред се оние кои се инволвирани во конфликтот во РМ , можам да кажам ЕУ, воената организација НАТО, САД и ОБСЕ, тоа е еден круг на голем број на држави директно и експлицитно се заложија за донесување на закон за амнестија и ги повикаа политичките партии во РМ да размислат за таа опција, а Владата да предложи закон. Во овие околности и во таа процедура нашата политичка партија, или во овој случај претставена преку пратнеичката група беше повикана на разговори во врска со процедурата за законот за амнестија како еден вид на дозавршување на процесот на мировниот договор. Ние во тој процес учествувавме рамноправно со уште три други партии и ги искажавме нашите ставови, политички ставови и се обидовме нив да ги усогласиме и да ги доведеме до ниво на консензус со останатите три политички партии, со г-динот Трајковски и со Меѓународната заедница особено оние кои ставија потпис на Рамковниот договор и кои се инволвирани во спроведувањето на мировниот договор во РМ , а тие се инволвирани преку воено присуство, мониторинг присуство, и политичко присуство во државата. За нас беа битни четири политички прашања кои треба да се решат со амнестијата во РМ. На кого таа ќе се однесува, на кој период ќе се однесува, какви исклучоци ќе има во врска со амнестијата од аспект на делата за кои е основан Хашкиот трибунал и на кои правни категории ќе се однесува амнестијата.

По процесот на усогласување ние ја прифативме идејата која на еден, или друг начин ја слушнав и од г-динот Карангелевски во неговата изјава дека за да има траен и стабилен мир и за да се стави еднаш за секогаш точка на воените дејствија, законот за амнестија станува еден од нужните потези. Иако не со драга волја СДСМ се согласи да уечствува во тој процес свесен дека до колку не учествува во то процес, процесот неможе да се доведе до крај иако Владата во овој Парламент има мнозинство од над 80 пратеници.

Овие четири точки за кои кажав во основа се усогласија и очекувавме во Собранието на РМ да биде доставен закон кој ќе кореспондира со политичкиот договор што беше направен во врска со неговите одредби. Она што можеме да го констатираме сега покрај некои технички и правни работи во законот за кој сме уверени исто така дека треба правно да се доработат во оваа собраниска процедура, дека има и два крупни недостатока кои отстапуваат од направениот политички договор и за кој сум уверен дека Владата на РМ свесно отстапила од политичкиот договор или доставила закон кој барем во две од четири битни работи отстапува од договореното и за кои не е постигната целосна согласнот. Одтука можам да изразам само жалење, па дури и чудење со г-динот Георгиевски со својот потпис ни предложи закон за кој и самиот на некоја од средбите се изјаснуваше во сосема поинаков правец. Меѓутоа, тоа е волјата на оваа Влада, доставила таков закон, ние тоа го респектираме како право на Вкадата да предложи закон, меѓутоа, исто така бараме да се респектира нашето право на размислување некои од одребите на тој закон. Во таа смисла ние се повикуваме повторно на нашиот став кој пред 10-тина дена го изнесовме на консултациите кај г-динот Трајковски и се обврзавме дека за тие превземени обврски во Собранието нашата пратеничка група ќе се однесува конструктивно. Меѓутоа, сега можеме да констатираме дека за две работи законот отстапува. И затоа ги изнесуваме своите резерви и ги повикуваме во исто време пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ која преку нејзиниот претседател учествуваше и други лица од таа партија во договорите во врска со законот за амнестија, особено со

некои од битните точки по законот за амнестија да се произнесе по нашите забелешки, а го повикуваме премиерот и претставникот на Владата г-динот Иџет Мемети да се изјасната по нашите забелешки и да пристапат кон допрецизирање на одредбите во насока која ќе ја изнесам.

Прво, со одредибте на овој закон имаше три дилеми. Дали да се опфатат државјаните на РМ , или категорија граѓани на РМ што е синоним, дали да се опфатат граѓаните на РМ т.е. државјаните кумулативно со оние лица кои имаат живеалиште во РМ веќе подолго време и имаат законски престој , меѓутоа не се државјани, или третиот кумулативен принцип да се опфатат сите лица кои учествувале во оваа прљава војна. Бевме и остануваме на ставот дека амнестијата треба и може да се однесува само на граѓантие на РМ и оние лица кои имаат законски престој и живеалиште во РМ , некои од нив и 10-тина, 15 и повеќе години заради нерегулираното државјанство , меѓутоа не и на лица кои имаат странско државјанство, кои со Македонија немаат ништо, па дури и кога би имале нешто во смисла на поседување на имот, или семејство во РМ , тоа не би била доволна аргументација Собранието да изгласа амнестија на која буквално четири до пет милиони албанци кои живеат во регионот, а не се државјани на РМ би можеле да се подведат под законот за амнестија и понатаму да сметаат дека врз основа на таквите одредби непречено можат да учествуваат во внатрешни работи на друга држава, па дури и со воено инволвирање во конфликтот. За оваа работа ги повикувам уште еднаш премиерот и претставникот на Владата како и пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ да се изјаснат во правец за да знаеме и ние како понатаму да работиме по точкава од дневен ред во врска *со* член 1 став 1 каде што ова е изнесено.

Втората купна забелешка во врска со законот за амнестија за која исто така бараме поддршка и изјаснување од страна на Владата на РМ која е предлагач на овој закон е во врска со времетраењето и опфатот на амнестијата опфатени во членот 1 став 1 и членот 1 став 2. Политичкиот договор кој е направен и кој очекувавме да се материјализир во овој закон е дека сите сторени кривични дела кои имаат врска, или како што овде вели: поврзани со конфликтот во 20 01 година, односно лица кои ги сториле тие кривични дела, или ги подготвувале тие кривичнк дела во периодот од 1.1. Овде се слушна идејата од г-динот Никола Јованов 10 февруари, или 17 февруари. По наше видување тоа е сосема сеедно и се работи за незначителни 30-тина денови и за нас е прифатливо и првак јануари и 17 февруари, не гледаме некоја битна разлика во тој датум. Меѓутоа, во секој случај сметаме дека амнестијата може да важи за оние лица, граѓани на РМ и со законски престој кои подготвиле, или сториле кривични дела поврзани со конфликтот, значи не и било какви други кривични дела од 1 јануари до 26 септември 2001 година, ден кога формално сите што имаа намера доброволно да го предадат оружјето, го предадоа.

Со оглед дека некои од сторените кривични дела можеле да се подготвуваат претходно, набавка на оружје, а со него да не се стори или да не се изврши друго кривично дело , иако и набавката илегална на оружје е кривично дело и тоа во Кривичниот закон е опфатено со членовит кои упатуваат на кривични дела , подготовка на кривични дела, формирање на паравоени формации, меѓутоа не и нивно активно дејствување. Постигнавме договор и спремни сме да разговараме за амнестија на оние кои подготвувале , меѓутоа не сториле кривични дела, а кои се поврзани исклучиво во врска со конфликтот, а не и со сите видови на тероризам и други криминални дела кои се направени во РМ и пред конфликтот во 2001 година, се разбира без ограничување, меѓутоа само во сферата на подготвувањето.

Во ставот 2 амнестијата како што Владата на РМ ја предложила се однесува и на лица кои пред 1 јануари 2001 година, и подготвувале и сториле кривични дела во врска со конфликтот од 2001 година, и на тој начин временското растегнување на конфликтот се протега во бесконечност на временската оска наназад и неможе да лоцира на што точно се врши аменстијата.

Од тие причини сметаме дека опфатот на лицата кои ќе бидат амнестирани и делата во нивната временска димензија мора да бидат прецизирани во насоки на постигнатиот договор, или ако тоа е непрецизно што се постигнало на тој договор, тогаш по насока на ова што јас во име на пратеничката група на СДСМ сега го говорам во Парламентот.

Овие две сериозни забелешки на пратеничката група очекуваме да бидат на некој начин елаборирани од страна на предлагачите на Владата, па дури и од страна на оние кои превзеле обврска во Парламентот да се соочат со таков вид на текст, а сега сме соочени со радикално

поинаков вид на текст. Мислам дека овие забелешки во основа ја одразуваат суштината на предлогот на законот за амнестија. Се рабира дека и на почетокот кажав, доколку има и други прашања кои се од правен технички карактер, ние сме спремни да го подобруваме текстот, на пример во насока на амандманот на Владата. Меѓутоа, исто така би сакале да го посочиме иако за тоа не упатуваме на правна процедура и договарање во Парламентот на членот 9 од Статутот на Меѓународниот суд за поранешна Југославија со важење од 1 јануари 1999 година, каде што кажува дека го цитирам членот 9, под Владата: Рамноправна конкурентна јурисдикција дека Меѓународниот трибунал и националните судови имаат подеднаква правна јурисдикција да обвинуваат лица за сериозни нарушувања на меѓународното право остварено на територијата на поранешна Југославија од 1 јануари 1999 година, што по наше видуваше малку отсптапува од ставот 4, дури и поднесен со амандманот на Владата каде што вели : кои се во надлежност на Хашкиот трибунал и за кој Хашкиот трибунал ќе поведе постапка. Значи статутот на Хашкиот трибунал имплицитно и експлицитно укажува на фкатот дека и домашното судство може да поведе постапка. Се разбира дека Хашкиот трибунал го има правото до колку е незадоволен од домашната постапка во судството. Тоа е регулирано со член 9 став 2 дека Меѓународниот трибунал има примарност, приоритет врз националните судови. Меѓутоа, исклучувањето на националните судови мислам дека можеби не толку од политичка колку од правен аспект може да ги доведе постапките пред судовите и самите судови во ситуација да незнаат по кој акт да се однесуваат. И затоа мислам дека Владата треба да го прецизира.

А за првите две забелешки кои навлегуваа во суштината на законот и кои го загрозуваат духот на законот кој беше досега договаран би сакал премиерот, или претставникот на Владата сеедно да дадат образложение дали не мислат дека ова треба да се промени.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор г-динот Љупчо Анушев.

**ЉУПЧО АНУШЕВ:**

Процедурално е.

Г-дине потпретседателе, колеги пратеници,

Сакам во контекст на она што го кажав да изнесам една случка што се случува денеска во моментот додека ние овдека дискутираме за амнестија. НАТО,"лисиците"и Хашкиот трибунал без дозвола на органите на власта на РМ во околината на Скопје копаат и бараат докази за инкриминација. Дали сме ние протекторат и дали тоа смее да се дозволи во момент кога овде дискутираме за една таква важна работа. Јас мислам дека тоа треба веднаш да се спречи. И ако има власт во оваа држава, треба на тие странци да им каже каде им е местото во РМ .

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор г-динот Ненад Ристовски.

**НЕНАД РИСТОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, дами и го-да, членови на Владата,

Дури сега после излагањето на координаторот на пратеничката група на СДСМ, ние свативвме дека овој закон што сега ни го дава Владата на разгледување законот за амнестија не претставува како досега консензус на четирите лидери во однос на она договореното со Рамковниот договор. Така што ние овој предлог на Владата ќе го сватиме чисто како само нејзин личен предлог и Предлог кој веќе отстапува според досега кажаното од претставниците на една од големите партии т.н. во Собраниево и отстапување од Рамковниот договор, што значи дека нема политичка поддршка од сите четири страни на Рамковниот договор. Овој закон нас ни се дава како закон по итна постапка, исто како и сите досега дадени закони кои беа резултат на Рамковниот договор, беа закони по итна постапка и секогаш пред пратениците во недостиг на аргументи единствен аргумент беше брзината и неопходноста да се донесе тој закон како што имавме и со законот за локална самоуправа и како што го имавме со промена на Уставот. Секогаш над нас стоеше Дамоклов меч дека тоа мора да се случи во рок од два до три дена, бидејќи не ќе можело да се одржи определена донаторска конференција која никако да дојде, бидејќи сеуште Македонија како држава треба да прави отстапки и сеуште не се гледа крајното ниво на отстапките што треба оваа држава да ги понесе, крајното ниво на понижувањата што треба како Парламент да се издржи и да се дојде до таа донаторска конференција каде што сите ќе бидеме наградени со тоа што дел од суверенитетот и можеби и самата држава ја продаваме.

**НЕНАД РИСТОВСКИ:**(Продолжение)

Она што за нас е дискутабилно е тоа што не се дава почетокот на важењето на оваа амнестија во законот што мислиме дека воопшто не е случајно, бидејки ако го имаме крајниот рок а тоа е 26 септември , би било ред да го имаме и почетокот кога овој закон би требало да важи со што се отвора простор да се амнестира целокупниот криминал на луѓето од албанскиот ентитет во Република Македонија кој може, по слободна процена, да се стави како подготовка на политичка борба на определена групација за постигнување на таканаречени политички цели.

Веќе се насира дека секој дилер на дрога може да изјави дека продавал дрога за да собере пари за оружје за таа политичка борба, дека секој криминал, кражба на кола или на било што може да се сведе под тоа така што ние воопшто не знаеме за колкав број на лица треба да се амнестираат со овој закон и евидентно е и можно дека по донесувањето на овој закон, што очигледно мнозинството ќе го донесе, целокупниот криминал на албанската популација може да се сведе под нешто што се вели подготовка за политичка борба за права на албанците во Македонија што мислиме дека не е тоа, туку дека е само фарса за некои територијални претензии.

Ниту Комисијата за внатрешна политика што е матична Комисија која треба да го гледа овој закон не даде подршка на истиот закон со што се укажува за контраверзност на истиот во повеќе сегменти.

Исто така имавме една дилема од самите претставници на партиите на четворката од Рамковниот договор кои истите ни рекоа дека тоа што тие го имаат договорено не е ова што нам ни се дава како Предлог закон што треба да се усвои и треба да има законска важност.Се прашуваме зошто во законот се опфатени со амнестија и со законска постапка луѓе кои воопшто не се граѓани на РМ. Бидејки секоја држава носи закон за своите граѓани, заедно со фактот Дека Не се назначува за кои лица , за кои кривични дела и за колкав број на лица ќе важи овој закон, ова е една мала врата за доселување на уште еден голем бран на нови граѓани на РМ, бидејќи ако амнестираме луѓе кои не се граѓани на РМ автоматски ние ги внесуваме во нашиот правен систем и можеби тоа им е , за во иднина, бенефиција автоматски да добијат државјанство на оваа држава.

Значи, некој што воопшто не е граѓанин на оваа држава, а изгледа тие се грото на оние што го предизвикале овој конфликт со што посредно се признава дека овој конфликт е увезен , овој конфликт не е македонски мислам на судир на граѓаните на РМ, тогаш ние можеме само да мислиме дека ова е една проба за менување на етничкиот состав на Републиката кој до сега е грубо нарушен со доселување на граѓани од Косово.

Значи, ние прв пат ќе воведеме принцип државјанство како награда за рушење на државата со овие четири точки од законот за амнестија.

Ние би сакале дефинитивно политичкиот центар , политичкито лидер на албанците во РМ г-динот Ахмети пред да разговараме за овој закон за кој се надевам дека Владата ќе го повлече на база на претходниот излагач и на наше барање, претходно да ни достави кои лица треба да се амнестираат и зошто да се амнестираат. Бидејки нашиот целокупен правен систем кој е повеќе од 50-тина години поставен своите ингеренции да ги префрли на некое друго тело , па нека е тоа и Хашкиот трибунал, тоа е негирање на нашата држава и на правните норми, негирање на нашите досегашни закони така што подобро би ни било да се одлучиме да знаеме за кои лица и за кои кривични дела треба да донесеме акт на амнестија.

Се согласуваме дека еден таков акт кој може да ги смири тензиите помеѓу веќе дефинитивно нарушените меѓуетнички односи, мислам групациите кои се претставници на двете најголеми етнички групи во Република Македонија е потребен, но мислиме дека не е потребно по тој акт сите криминалци , убијци, силувачи, дилери на дрога и други да бидат "политички амнестирани" со што основните правни атрибути на она што се вели кривична казна се пренебрегнат. Сите знаеме дека казната освен што служи да го казни оној што го направил кривичното дело, служи да го одвикне евентуалниот потенцијален криминалец да не го прави истото. Затоа се прави казната за да луѓето кои намеравааат на лесен начин да постигнат некои работи кои не се во склоп со законот да бидат спречени во таа намера. Со ова дефинитивно ќе нема кривичен законик во РМ и не држат аргументите дека со ова ќе се ослободат тензиите во казнено поправните домови во Република Македонија.

Секоја правна држава не се плаши од тоа што криминалците мислат за таа држава. Ако на наши аргументи за овој закон што мисли некој што силувал, убил или било какво друго дело е во затворот и за да нема негови негативни импликации спрема одредени државни институции и закони, истиот треба да се ослободи.

Се прашувам после ова кој треба да остане во затвор. За време на оваа криза ние не видовме борба за политички достигнувања и права, но го видовме тотално изживувањето на една групација на луѓе која се криеше под формата за граѓански или етнички права.

Поради кажаното, а и да не ги повторувам аргументите на дел од претходните говорници, пратеничката група на ВМРО нема да го подржи овој закон, мора да искажам дека ние ќе се солидаризираме со Здружението на македонските херои кое до сите пратенички групи, до сите медиуми достави соопштение со апел да не се амнестираат некои кои 70 фамилии во Република Македонија оставија или сираци или без најмилите, осакатени и т.н., туку би прифатиле евентуално некој видоизменет прддлог на Владата, претходно да ни се достави на кои кривични дела би можеле да им дадеме амнестија, а вака како што е поставено мислиме дека воопшто нема да се постигант основните цели.

Се донесе Законот за локална самоуправа, се разоружаа таканаречените терористи под будното око на Меѓународната заедница која гледаме дека се повеќе асистира и ни ги прави законите во државата со што полека влегуваме во класификација на протекторат и не би должел, ако се донесе овој закон, би значело, она што се вели разградба на државата. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор господинот Слободан Даневски.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Господине потпретседател, дами и господа пратеници, господин министер, господа новинари,

Јас најмалку треба да зборувам денеска на оваа седница затоа што бев еден од тие малку кои не го почитуваат и не го гласаа Рамковниот договор од Охрид затоа што и тогаш бев убеден , а и денеска сум убеден дека ситуацијата нема брзо да се надмине иако се работи од сите аспекти дека ќе се надмине ситуацијата, дека ќе се направи смирување, дека ќе се реинтегрираат луѓето.

Не сакам да зборувам, општо познато е на граѓаните и било што да кажеме не можеме повеќе да ги мачкаме граѓаните. Ми пречат некои работи кога се вели принципиелни. Денеска е граѓанинот Трајковски, па Трајковски, па човекот на прва функција, а кога ќе ни треба,треба да ни биде претседател на државата. Можеби и јас не сум гласал за г-динот Трајковски, можеби не го сакам, но го почитувам. Господинот трајковски е претседател на државата Република Македонија и дајте однесувајте се како што треба во овој Парламент и од оваа говорница. Дали е акт на хуманост што го пишуваа новинарите по кажувањето на г-динот Никола Поповски незнам ако е тоа хуманоста нека оцени Никола Поповски во Тетово, во Куманово и да им каже и на македонците и на албанците што ни се случуваше, што е тоа хумано незнам, тоа е својствено да се истакне од говорницата и да се измачкаат и извртат работите.

Охридскиот договор кој не го гласав, сто пати ќе кажам не можам да го гласам затоа што со ниеден факт не ме убеди затоа што ова се пролонгира и со години ќе оди затоа што никогаш машки не се зборувало овде во Парламентот и не се кажуваат работите како што треба. Единствен политичар кој имаше визија и кој направи нешто тоа е г-динот Џафери , сите свои замисли ги заврши. Треба да учиме од г-динот Џафери затоа што тоа што го направи тој многу макеоднски политичари и провиниенции од албанците за десет години не направија ништо, а Џафери ја заврши работата многу интелигентно, човек со харизма.

За овој срамен акт, а не што кажа г-динот Поповски хуман акт, за мене е срамен и не значи дека ќе ги амнестира СДС од тоа што нема да понесат одговорност пр9д македонскиот народ како што нема да понесе ни ВМРО. Нема разлика, за потписниците, нема амнестија, СДС не се амнестира и Вие носите одговорност. Колку е одговорноста на ВМРО толку е одговорноста и на СДС дури Вие бевте тие умните што го пишувавте, Вие го направивте Охридскиот договор, Вие суфлиравте, Вие пишувавте, кажувавте дека сте мозокот на оваа држава, ваш е овој Рамковен договор кој е најсрамен чин во Макддонија. Нема амнестија за СДС. Исто носите одговорност. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор министерот за правда г-динот Иџет Мемдти.

**ИЏЕТ МЕМЕТИ:**

Благодарам потпретседателе, јас би сакал да дадам одредени појаснувања и одговори на одредени прашања. Од страна на пратеникот Никола Поповски беа искажани три клучни работи за кои чувствувам потреба да дадам појаснување и да одговорам.

По однос на содржината на ставот 1 и ставот 2 од Законто кој е предложен би сакал да нагласам дека не стојат таквите констатации од проста причина што на средбата кај Претседателот беа десет луѓе и буквално е пресликано тоа то е договорено на таа средба.

Ќе тргнам од почеток. Текстот на ставот 1 и 2 што беше изготвен по средбата кај Претседателто на државата на тој текст стоеше одредбата "лица ". Ова сакам да го поткрепам со докази.

Господа пратеници, ако ги земеме сите закони што досега се донесени без разлика дали се донесени од страна на Собранието на РМ или се донесени од страна на другите ЈУ-републики, никаде во ниеден закон по однос на овој термин не може да се најде дека се прави разлика помеѓу државјани на одредена држава и странски државјани. Тоа може да се види во Законот за амнестија кој беше донесен 1990 година од страна на Собранието на РМ, во Законот за амнестија од 1999 година кој исто така е донесен од страна на Собранието на РМ, Законот за амнестија од 1991 година, во сите овие три закони се зборува за категорија лица.

Ако ги погледнеме законите кои многу често беа спомнувани од бившите ЈУ-републики кои беа опфатени со конфликти исто така се зборува само за категорија лица.Точно е тоа дека кај Претседателот на државата падна договор дека треба да се објасни во самиот текст на законот што ќе се подразбира под терминот лица во насока на тоа , а да биде разбрано во потесна смисла зборот лица и тоа да важи за лица кои се поврзани со РМ, согласно нашите законски прописи, без разлика дали е Уставот или Законот за државјанство, дали е Законот за движење и престој на странци, дали е Законот за семејство и т.н. Зошто го велам ова?

На самата средба расчистивма со пробелмот дали ќа се амнестираат и странски државјани. Консензуално беше прифатено да, меѓутоа, странски државјани кои се поврзани со РМ. Ова го направивма со цел да не ни остане одредена категорија која на успеала по однос на државјанство, престој, да го регулира тоа како прашање. Тоа е договорот и јас ги повикувам сите учесници затоа што имаша и други присутни лица па да не се создаде впечаток дека текстот е изменат за таа цал.

Второ што сакам да нагласам се работи за ставот 2. Во ставот 2 стои освен зборот "подготвувале" и зборот "извршиле", затоа што подготовката е извршување на кривично дело, се смета дека е извршено делото. Така налага нашиот кривичен законик, јас не сум го измислил.

По однос на третото прашање г-динот Поповски раче дека на е суштествено, туку е техничко по однос на исклучокот за поведување на кривични постапки. Јас не го делам тоа мислање, убеден сум дека не е така од причина што не е техничко, туку е многу суштествено прашање.

Текстот на законот за амнестија на сите пет потписници од Рамковниот договор им беше поделан 7 дена прад донесувања на конечниот став така што по однос на оваа одредба на средбата кај Претседаталот не беша поставено воопшто ова прашање од проста причина што , ако со овој закон не Се исклучува надлажноста на нашето судство, политички се смета дека основната цел што траба да ја постигна овој закон , нема да се постигне. Сакам да кажам дека тогаш целиот закон би паднал во вода. Со ова укажувам дека таа одредба не е техничка, туку е суштествена. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Благодарам и јас.

За збор Се јави г-динот Тито Петковски, но процедурално бара господинот Флоровски.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Ќе бидам краток во функција на добивање на квалитет на целата дискусија.

Јас и по повод Рамковниот договор барав токму од оваа говорница да дојде господинот Борис Трајковски, за жал сега не е тука, но господине министре сметам дека тој како еден од главните протагонисти да Ви ја олесни вашата состојба во која Се наоѓате тврдејќи од една страна Дека е договорено кај Трајковски од друга страна дека не било баш така, па да причекаме два три дена да дојде Претседателот на државата и сето ова што го изнесувате од една страна Вие како министер, како човек кој работеше на овој закон, а од друга страна тврдењето на СДСМ да добиеме валидни показатели дека тоа што го тврдите е така инаку ние како пратеници не можеme да се снајдеме во Сета ова папазјанија која ни се сервира цело време. Зошто го повикувам? Од едноставна причина затоа што сметам Дека господинот Трајковски како претседател на оваа држава Се снајде во 2001 година како слон во стаклен кафез, значи го сметам за еден од најодговорните луѓе поради што е доведена Македонија во оваа ситуација во која Денеска Се наоѓаме.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ**:
(ПРОДОЛЖЕНИЕ)

А, ние како пратеници утре надвор од ова Собрание да бидеме третирани на начин кој не го заслужуваме, иако најмалку имаме одговорност или сносиме одговорност за состојбите во кои се најде РМ

вклучително и за овој за мене и исто така правен акт наречен закон за амнестија.

Јас не знам кој ќе биде ставот на Парламентот, но Борис Трајковски како релевантен чинител според местото кое го држи треба да биде овде. Не според менталниот склоп, но функцијата која ја има му да-ва да биде два, па и повеќе чекори пред нас пратениците.

Благодарам, размислете за овој предлог.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор господинот Димитар Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Почитувани колеги сакам да негирам во врска со следното.

Јас ги разбирам мотивите со кои што се настапува тука и се бара присуство на одредени институции, во случајот претседател, но ние во оваа држава работиме по Устав, овој Парламент работи по Деловник и јас од таму сакам да извлечам еден дел од описот кој што ние како пратеници го имаме добиено, а испратен од Владата на Република Македонија. Предлагач на овој закон е Владата на Република Македонија, врз основа на член 91 алинеја 2 од Уставот а во врска со член 344 и член 345 став 2 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

Тоа значи дека се работи за легитимен предлог кој што го има предложено Владата на Република Македонија и кој што допис го има потпишано претседателот на Владата, господинот Љубчо Георгиевски. Од таму сметам дека кога ќе расправаме околу содржината мора да го имам е предвид тоа дека овој закон стигнал до Владата од одредено министерство. Владата расправала по овој закон и го утврдила во ваков текст кој што ни го има испратено до Собранието. Тоа значи дека расправаме по предлогот на Владата а не по предлог на претседател на држава, на пратеник или на некој друг. Јасно е кој го предлага овој текст. Каков е таков е предложен е од Владата на Република Македонија.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ве молам, процедура немојте да правите секогаш.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

А, кој овде негира дека не е предложен од Владата? Јас го повикувам Трајковски како релевантен фактор и сведок во сета оваа работа што се случува. Очигледно не сакате или не можете да ме разберете. Затоа што преговорите последните седум саати се одвива кај него, точно е дека Владата е потписнок, но исто така точно е дека на тој разговор присуствуваше и лидерот на СДСМ господинот Црвенковски. Затоа го повикувам да дојде, а сигурно нема да дојде бидејќи не е тука, го повикав едноставно да ни даде релевантно обласнување дали е точно тоа што министерот го презентира, или точно е она што е ваш став како пратеничка група. Дали овој текст што е понуден е точниот договор кој го постигнаа четирите лидери на политичките партии, не во функција дека мора да се повика затоа што деловникот налага така.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор господинот Тито Петковски.

Ве молам во процедуралните работи нема реплики.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Се согласувам колега Флоровски, но не се согласувам со она што вие го мислите, не го кажавте. Претпоставувам дека вие со тоа што јас ќе го кажам ќе се согласите. Треба да го повикате и Трајковски треба да го повикате и Георгиевски овде да биде затоа што она што било предмет на расправа таму, како било тоа е едно прашање кој е предлагач на законот до пратениците, тоа нас не интересира. Предлагач е Владата на Република Македонија. Друго, што како се договарале е друго прашање. Предлагач е Владата на Република Македонија.

(Господинот Флоровски без да побара збор излегува на говорница).

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ве молам седнете си на место не ни правите непријатности.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Господине потпретседателе не сте вие поставени овде некој да ви прави непријатности, туку да давате и да одземате збор.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Одете си на место.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Ќе си одам, нема проблем. Ако кажете ќе седнам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Добро, ајде повелете кажете.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Сакам да го прашам следното.

Георгиевски не следи од холот, а каде е вашиот Црвенковски кој учествуваше во сите разговори.

На крај, ако Трајковски ви е толку симпатичен, можете да си го присвоите.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Повелете Тито Петковски, имате збор.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господине потпретседателе, почитувани колеги, господине министре,

Ставот на пратеничката група на СДСМ го изнесе шефот на пратеничката група и јас нема што да додадам на тоа, меѓутоа почувствував потреба после интервенцијата на министерот некои работи сепак да ги уточниме. Сепак да се разјасниме за што говориме и за што станува збор кога се спориме околу некои формулации или околу некои квалификации. Морам да кажам дека амнестијата сепак не е наш изум. Многу години наназад била применувана во многу општества, еве и ние дочекавме, јасно е во теоријата и во праксата светска амнестијата се користи како институција, како инструмент кога станува збор за сериозни промени, општествено политички и економски или кога станува збор за големи промени на кривичното законодавство на некои лица кои што се под удар на законот и треба да имаат соодветно место во системот во кој што учествувале при промената на законодавството или да речеме уривањето на системот и градење на сосема си друг. Дури и вие господине министер рековте дека една од основните причини за донесувањето на овој закон покрај потребата од хуман однос на општеството е и реинтеграција на луѓето кои што учествувале и кои што се предмет на амнестијата. Претпоставувам дека можат да се реинтегрираат во едно општество само граѓани - државјани на една држава. Не можат да се реинтегрираат и странци бидејќи тие не биле интегрирани, па сега се дезинтегрирале, па ние повторно да ги интегрираме. Значи, станува збор за неколку работи за кои мораме навистина многу прецизно да се договориме. Амнестијата како чин подразбира пред се и во теоријата и во искуството односот на државата или тој гест на државата за потре-бата да продолжат да бидат нејзини активни, меѓутоа и лојални граѓани доколку станува збор само за неопределени лица. Значи лица кои не можеме сите да ги наведеме по име и презиме, но секако станува збор за многу прецизно определени кривични дела. Тоа секаде, барем правната теорија го кажува, секаде спаѓа во надлежност на законодавниот дом. Во секоја држава. Значи, кога станува збор за лица за кои што не може да се утврди точниот идентитет за сите и да се набројат сите, но мора да стане збор за познати и прецизни кривични дела. Тоа е амнестија која што спаѓа во ингеренциите на законодавниот дом.

Доколку станува збор за кривични дела кои имаат познат сторител и познато кривично дело, уште гтовеќе во нашиот случај бидејќи станува збор сепак за едно прашање околу кое стана најмногу спор на политичките договори, тогаш не може да стане збор за амнестија која што се утврдува со закон. Од сите земји искуствата говорат, без исклучок дека тоа може да биде само предмет на помилување. Тоа помилување го прави извршната власт, во некои држави шефот на државата, во некои земји владата. Според тоа да разграничиме овде. Мора работите да се разработат.

Под овој закон не можат да се подведат, да бидам многу прецизен, таканаречените кичевски бомбаши бидејќи тие се осудени во отсуство. Има пресуда, точно изречена, прецизно идентификувано лице и точно утврдена казна. Тие можат да бидат предмет само на помилување и тука извршната власт, според Уставот спаѓа на шефот на државата или во Владата, без исклучок мора да бидат третман односно предмет на негов израз.

Според тоа, затоа инсистираме кога ќе треба прецизно да се утврди рокот од кога ќе почнува да важи амнестијата и другите прашања кои што овде беа елаборирани. За нас навистина е многу битно да се утврди точно, прецизно што значи учество во подготовка на кривично дело. Некои примери беа овде посочени, а јас ќе спомнам само еден околу кој новинарите правеа навистина пародија, кои кажаа дури "ако тоа не биде прецизно речено", и мојот колега од говорницата спомена "и оние што делат дрога можат со право да кажат па, ние продававме дрога за да обезбедуваем оружје за дрога", а тие не смејат да бидат амнестирани и тоа не смее да биде предмет на амнестија. Или дури некои што го посочуваат примерот со кражбата на 50 до 60 кгр. злато во Тетово, бидејќи луѓето објективно ќе кажат па ние го крадевме златото за да купиме оружје. Дали можат исто и тие да бидат предмет на амнестија? Значи, прашањето е навистина многу растегливо ако не се прецизира што тоа значи подготовка за овие операции за кои што сеуште ние оптимистички говориме

дека станува збор за конфликт, тоа стои и во законот, така говорат меѓународните фактори кои што сугерираат. Значи, не станува збор аз војна бидејќи не беше објавена војна и бидејќи не беше прогласена воена состојба. Тука се употребува квалификација конфликт, а тој конфликт навистина на Македонија и донесе стравични биланси, толку мртви, над 70 мртви, барем според евиденцијата на безбедносните сили, толку од прилика според командантот на ОНА, од другата страна, значи на ОНА, 12 киднапирани лица македонци, 6 киднапирани лица албанци, толку големи рушевини, материјална штета и тн. Тоа едноставно од нас бара како пратеници да смогнеме снага и од власта за тие работи отворено да проговориме за да повеќе не ни се повторуваат.

И искуството, затоа некои пратеници овде подлвекоа, од 1999 година со Законот за амнестија е исто така негативно. Ние немаме прецизни информации, меѓутоа има информации кои говорат дека луѓето што се амнестирани со тој закон учествувале и во акциите на таканаречената ОНА. Значи, државата уште еднаш се однесува хумано, ги помилува, а тие продолжуваат тоа да го прават. Значи, амнестијата покрај права, милост од државата подразбира и обврска. Подразбира не само лојалност, подразбира и обврски. Вие рековте дека предмет на политички договор е ова што е содржано во законот.Политичкиот договор е една работа. За мене не е ни битно дали она што го рековте било договорено на средбата со лидерите. За мене е битно кога предлагаме закон сето тоа да има прав-на рамка, сето тоа да е подведено под словото на Уставот и позитивната законодавна регулатива во Република Македонија, Кривичниот законик, Законот за кривична постапка и ред други прописи кои што ја уредуваат оваа сфера. Значи, битно е дали значи надградба на правниот систем или е тоа само гол политички договор.

Сакам да укажам дека немаме право политичкиот договор ако нема уставен основ да го материјализираме, бидејќи тоа значи дека и Собранието се пушта во донесувањето на акти спротивни на Уставот, наместо да инсистираме се да биде во рамките на правниот систем односно во согласност со Уставот.

Политичкиот договор беше сосема поинаков на почетокот. Рамковниот договор не предвидуваше амнестија, меѓутоа имаше политички договор уште тогаш дека ќе има изјава на Борис Трајковски со која тој проблем ќе се апсолвира. Така беше на почетокот и сите сметаа дека проблемот е решен. Меѓутоа, кога вие како министер за правда го направивте тој список на лица кои што ќе треба да бидат помилувани се испостави дека е тоа тесна рамка и дека тоа не ги задоволува луѓето, односно припадниците на таканаречената ОНА, оние кои што го почнаа конфликтот и тогаш се пријде на прашашето да мора да се уреди со закон. Веднаш да кажам дека навистина како правник сметам амнестијата не може на друг начин да се третира освен со закон. Дали биел пријатни или непријатни тие работи, ние со тој факт мора да се соочиме и најодговорно да го формираме односот на државата Република Македонија кон вакви конфликти преку законот за амнестија што го носи Собранието.

Значи, да заклучам, едно прашање е политичкиот договор, меѓутоа сосема друго прашање е тој политички договор да се стави во законска уставна рамка. Поради тие причини пратеничката група на СДСМ укажа дека ќе поднесе дватри амандмани со цел законот никој утре да не може да го оспори и никогаш повеќе да не ни се повторуваат настани што се предмет на уредување со овој закон.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

За збор се јави пратеникот Златко Стојменов.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ;**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, почитуван министре, почитувани членови на Владата,

За разлика од почетокот на седницат а кога кај мене имаше дилема дали се работи за недоразбирање помеѓу преговарачите за овој закон, четирите партии и претседателот на државата, или се работи за некоја тактика зад која сакаат да се скријат преговарачите излегува дека сепак се работи за еден закон кој нема поддршка од сите преговарачи во прв ред, или пак преговарачите долго преговарале, меѓутоа не се разбрале воопшто меѓу себе и дека треба да допреговараат сеуште бидејќи и другите ставови ;не се единствени по овој закон, не го поддржуваат по сите точки овој закон. Уште повеќе не држи и објаснувањето на минситерот и самата постапка за итност.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ: (Продолжение)**

Во овој прилог ќе ви дадам аргумент дека итноста не е добра и е само уште еден од начините како Се прави колатерала преку Собранието, политичка колатерала од Собранието на Република

Македонија, а не како институција фундаментална, законодавна институција, односно политичките лидери во стил на племенски водачи преговараат и договараат ставови, а го маргинализираат Парламентот на Република Македонија. Јас Се надевам Дека во овој момент ндма да биде така и нема да биде и понатаму така. Зошто го велам ова? Така се чувствувам како пратеник кога овој документ од Владата на Република Македонија прелиминарен коментар за нацрт законот за амнестија стигнал до институтот Макспланг, интернационален закон за криминал, на барање на Советот на Европа на 7 февруари. Значи, Некаде на друго Место и вршена процедура, во една легална процедура која требало да ја прави Собранието, Некој го разгледувал овој закон во фаза на нацрт беза да знае парламентот на РМ и Сега наеднаш парламентот мора по итна постапка да го разгледува овој закон и мора итноста како постапка да биде таква, со многу недоразбирања, еве, Меѓу страните кои договарале, а да не зборуваме за другите страни, задругите партии, за научната мисла и за граѓаните на РМ.

Навистина, јас сум изненаден и ова е документ кој наоѓа многу мани на овој текст кој е даден пред нас и самите меѓународни фактори, значи стручните асоцијации од Европа Не го поддржуваат ваквиот вид на закони, со сите негови слабости кои Се наброени во денешната дискусија. Јас само *ќе* кажам еден пример. Еве, на страница 2 од овој закон, бидејќи јас го имам Сеуште само странскиот, Не е преведен, вдројатно Ќе Се преведе Некогаш и кај нас како историја, има, на пример, една забелешка која В9ли: "Има индивидуални криминални дела кои Не смеат да Се амнестираат и тоа Се, пред Се тортурата во согласност со Конвенцијата на ООН, против тортура и други видови на нечовечки третман и постапување од Конвенцијата, Меѓународната конвенција од 10.12.1984 година. Еве го оригиналот, значи, од 10.12.1984 година, тоа е Конвенција на ООН. Тоа е дел кој не е во согласност со таа Конвенција и е даден како коментар на Владата и не е прифатен од Владата. Е, сега, и да бевте сложни потпишувачите на овој Рамковен договор и овие што Се договаравте и Парламентот, дали ние имаме право да ги прекршуваме овие меѓународни норми и дали Владата на РМ не го прочитала ова или намерно ги превидела овие меѓународни норми кои треба да ги потпишува при донесувањето на ваков закон за амнестија. За Мене како странка која не учествуваше во преговорите, останува прашањето дали страните ги имаа овие аргументи кога преговараа или намерно беа испуштени и на ваквите аргументи не им беа дадени на сите страни кои преговараа. Еве ви еден голем аргумент зошто треба да го вратиме и да го доработиме овој закон кај Владата, иако јас сметам дека ние треба да донесеме закон за амнестија како што доликува на еден сериозен парламент и како на луѓе кои сакаме да ставиме крај на несреќите на граѓаните на РМ. Но, не ваков кој ги прекршува Меѓународните норми. Ако овие, сите оние кои вака ги прекршуваат меѓународните норми, на овој начин ќе се соучесници во непочитувањето на меѓународните норми, со што јас сметам дека и ова Собрание и сите овде релевантни политички партии не сакаат да учествуваат.

Знаете, повторувањето е мајка на знаењето. Јас Денес повторувам една лекција која ја минав на друг начин во 1999 година. Тогаш амнестирав со мојот глас и со гласовите на голем дел од пратениците една група на граѓани на Република Македонија, кои за разлика од сега, барем беа фатдни за прекршоци во актуелната законска регулатива во РМ. За жал, Сега, овие прекршувачи на човековите норми, на законите на РМ и на уставниот поредок Шетаат слободно по РМ, држат политички семинари и им држат тука дури и на некои актуелни пратеници, политички Лекции, организаторите на убиствата и на теророт. Се прашувам дали тогаш имаше гаранција дека со законот за амнестија Ќе се релаксираат Меѓуетничките односи. Ова денес е продолжение број 2 за релаксација на меѓуетничките односи. Дали еден ден ќе имаме продолжение број три, амнестија три и пак ќе ги имаме меѓусебните проблеми на ист начин и дали ќе остане само вербата која беше во првиот закон и која, очигледно, времето покажа дека не била оправдана и таа амнестија, бидејќи не се релаксирани меѓуетничките односи, сите проблеми стојат и Се нагласени и во потешка форма се вратени.

Јас чувствувам како граѓанин на оваа држава дека јавам на магарето, кое трча по морковот. Малку е вулгарно кажано, меѓутоа, тој морков, прво, беше финансиската помош од Европа после бегалската криза. примивме 350 илјади албанци од Косово и тука очекувавме

после тоа да имаме економско разбирање и помош од меѓународниот фактор, Македонија да ја вратиме на патот кон Европа и кон Европската заедница, како и кон она што се вели современ свет. Меѓутоа, тогаш не стигнавме до морковот. Кога дојдоа уставните промени, ние пак трчавме по тој морков, кој б9ше врзан пред она на што јаваме и моравме да правиме 30% да го измениме Уставот. И, тогаш уверуваа дека ако ги направиме пролмените, 30% ако го измениме Уставот, истите овие луѓе што сега не уверуваат дека проблемите во Македонија ќе бидат средени, дека ќе се релаксираат меѓуетничките односи, дека ќе има донаторска конференција за Македонија и тн. Мина тој период, дојде Законот за локална самоуправа. Знаете зошто не беше донатароската конференција пред Нова година? Бидејќи не го донесовме законот за локална самоуправа. Рекоа после законот за локална самоуправа, па немаше донатоска конференција пред Нова година. Дојде Нова година, дојде законот за локална самоправа по итна постапка вака како што денес го донесуваме овој закон, донаторска конференција до ден денес нема. Сега, морковот е донаторската конференција на 12 март. И, така, ние до кога ќе трчаме по тој морков, незнам, меѓутоа уцени и понатаму ќе има, во тоа сум сигурен, во Македонија, а од кој, како, што, сами анализирајте.

Апсолутно, не можам, ако прифатам и амнестија за луѓето невино инволвирано во овој конфликт, не можам да прифатам амнестија за слабоста на институциите. Не можам да прифатам кога МВН на територијата на РМ не може да се справи со проблемот да ги фати организаторите, па ние денеска да ги амнестиравме, уапсените, контролираните организатори на бунтовите, на убиствата, на раселувањето и на етничкото чистење. Тие формираат псеудопарламенти во еден дел на територијата на РМ и пред малку реков, држат политички лекции на многу политичари. Меѓутоа, очигледно, нашето Министерство за внатрешни работи од Владата се немоќни кон оваа појава на територијата на РМ и не можат да се справат. Можеби, спас е по итна постапка да се донесе законот за амнестија, бидејќи и тие ќе се спасат од оваа неволја, затоа што не можат на друг начин да ја решат. Тоа е очигледно.

Не верувам дека постои друг парламент во Европа, во светот кај кој во матичната комисија, Комисијата за внатрешна политика и одбрана, која е строго матична за материјата амнестија, ја пишува во Деловникот за работа на таа комисија, не го прифатила овој закон, побарала да се врати на доработка со гласање шест спрема два. Значи, само двајца пратеници биле да се донесе овој закон и за ваков закон да се оди на пленарна седница, да се турка како да нема проблеми. Па, ние мораме да ги почитуваме нашите тела, да се почитуваме самите. ако неи самите не се почитуваме, дајте нека одат законите така само со гласање, да не дискутираме. Навистина не го разбирам овој феномен кој е несвојствен за демократските земји. Тој е својствен можеби за тоталитарните режими, каде што, еве, мора така да биде. Меѓутоа, во демократијата не е така, ве уверувам.

Овој закон се поставува како услов за реинтеграција во општеството на одредени луѓе. Кој ја спречува овде, сега треба да се прашаме, реинтеграцијата на граѓаните на РМ за системот. Еве го променивме законот, одиме по патот на Охридскиот договор кој беше донесен, чии начела беа донесени со мнозинство гласови од овој Парламент. Се усвојуваат еден по еден законските проекти, кој го спречува прашањето, навистина кој спречува и уште колку услови ќе трпи ова Собрание и граѓаните на РМ да има реинтеграција, да има нормален живот во РМ.

За мене, несватлива е леснотијата низ која помина и овој парламентарен дом на една квалификација од законот.Помина некако, ете така треба да биде по автоматизам, дел од законот и се повтори од говорницата на неколку пати зборот "конфликт". Пак, господо пратеници, ние имаме заклучоци што беше и што се случи во РМ, дека имаше напад од вооружени екстремистички албански групи. Тие заклучоци ги донесовме ние на ова Собрание и после тоа немаме никакви други заклучоци за некакви други случувања во РМ. Од каде може Владата на Собранието да дојде со еден термин како што е терминот кнфликт. Дајте ние да се преиспитаме дали треба да ги измениме заклучоците и да ги дефинираме состојбите во РМ и да прифаќаме вакви терминологии. Што значи конфликт? Конфликт значи борба помеѓу две страни. Јас така го подразбирам, можеби има некое друго правно толкување, меѓутоа, и тоа треба да

го дефинираме. Овој закон цело време, случувањата, силувањата, терористичките акти, иселувањата, етничките чистења во РМ ги става под еден збор конфликт. Тоа ли е конфликт. Конфлит за мене е борба на две страни. А, ние во тој збор ставивме еден куп на случувања во РМ, за кои можеби ние *ќе* можеме како збор да го свариме овде во Парламентот, но дебело го почувствуваа на своја кожа барем голем број на граѓани во РМ, меѓу кои, по извештајот на Стејд Департментот, 170.000 граѓани.

Апсолутно, за самиот закон има низа слабости кои консензулано тука се од сите говорници неприфатливи, дури и од оние кои се договарале. Она што се вели Дека нема почеток на дејствието, значи сите што приготвувале во која фаза, како приготвувале, на кој начин, со кој чин, со какви криминални Дејствија можат да Се амнестираат преку овој закон и тука не гледам правна основа. Тоа е правно непрецизно, меѓутоа, успешно се саснкционира домашниот правен систем да функционира во стравувањето со или со сторитлите или оние кои направил тешки криминални дејствија во РМ.

Апсолутно, вториот консензуален елемент е странските државјани. Тоа се агресори. Која држава амнестира агресори? Дали постои закон и овие закони кои тука ни ги читаат и ни ги компарираат, да се амнестираат агресори. Сите странски државјани што се дојдени да водат војна во РМ се агресори. Можме да дискутираме и на таа Тема, но јас би сакал господине Зибери да се јавите од говорницата и да се изјасните дека сакате вие и агресорите да бидат и странските државјани да бидат амнестирани. Па, тоа и сакаме да го чуеме. Сакаме да ве чуеме, да дојдете да дискутираме, парламентарно да дискутираме.

Третата консензуалнлост во изнесувањето на проблемите е таа што е не Се Дефинирани кривичните Дела кои се амнестираат. Ние во нашиот Кривичен законик си имаме јасно изразени кривични Дела. Јас воопшто не сметам дека не треба да Се амнестирани, на пример член 303 и 23, помагање на непријателот. Тоа треба, меѓутоа, како ние на граѓаните во РМ, како на меѓународната заедница *ќе* објасниме како парламент што усвоивме член 403 - геноцид. Тоа го имаме во нашиот Кривичен законик. Зарем и до толку немаме дловерба во нашето судство, дали Министерството за правда до толку нема доверба во нашето правосудство и Чекаме геноцидот да го гонат само Меѓународните фактори. Нашите институции ќе ги апстрахираме од оние кои извршиле геноцит. Или членот за тероризам. Со кое право ние ги амнестираме луѓето кои вршеле тероризам во РМ. Зарем ние овде не донесовме декларација со која го осудивме меѓународниот тероризам, нападот во Америка. Зарем Не се деклариравме сите политички партии Дека сме прорив Тероризмот, против глобалниот тероризам. Зарем имаме право и дали влдгуваме во светската коалиција во борба против тероризмот кога го санционираме овој член врз овие граѓани, ако извршиле тероризам.

Додека светските сили, современиот свет терористите ги гони и на туѓа територија, како што тоа го прават САД и Обединетото кралство, Македонија Нема храброст или со едно гласање овде на пратениците во овој Републички парламент, ние Ќе гл санкционираме наишео право да го гониме тероризмот на територијата на РМ. Дали го имаме тоа право колеги пратеници? Навистина, чудно размислување.

Овие компарации, пак, со законите во СРЈ со Хрватска, па тие не се компатибилни со ситуацијата во РМ. Македонија, македонската војска, македонските граѓани никогаш Не почнаа, Не нападнаа никого. Никого не измачуваа. Дури, јас верувам ддка има граѓани на кои им помогнаа во тие 350.000 бегалци кои ги пречдкавме и се вратија да војуваат против нас. Значи, ситуацијата воопшто Не е слична со тие закони за амнестија да Се компатибираме. Ситуацијата во РМ е следна. Таа никогаш, никого во историјата не го нападнала албанското население, не го дискриминирала, не го измачувала по ниеден основ. не го обесправувала во сите историски контексти. Не само албанскиот народ, туку ниеден од соседните народи. Затоа, вие не можете македонската стварност да ја споредувате со југословенската стварност, која на Косово беше сосема друга приказна или хрватската стварност. Ова е сосема нешто друго и навистина компарациитд за Мене се недобри.

Јас би сакал, еве, кога веќе му одговара на господинот Зибери и мавта со документи, да чујам една гаранција за граѓаните на РМ од сите националности, Дека ако денеска Парламентот на РМ го изгласа овој закон, сите организации, како

што Се АНА, сите организирани групи во РМ, но да излезе еден албански пратеник овде на парламентот, сите нивни организирани групи, сите луѓе што ќе Се обидат со оружје во РМ да ги решаваат политичкити, човечките или било какви проблеми Дека се тдрористи. Ајде, заедно со овој закон, да донесеме заклучок кој ќе го изгласамд на Собранието, јас сум спремен од нашата пратеничка група да го предложиме, но можеби ќе биде подобро сите пратенички групи, заклучок, дека со чинот на донесувањето на законот за амнестија, сите оние што ќе се фатат за оружје во РМ и да ги решаваат било кои проблеми, а посебно оние кои организираат борба со оружје во РМ, се терористи. Дека АНА, да чујам од овде, која остана терористичка организација, тогаш ќе има доверба не само кај нас пратениците, кај граѓаните на РМ дека овој закон за амнестија го донесуваме за доброто на сите граѓани на РМ. Дека позади зад него нема, дека нема режија кон аменстија број три.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ**:(Продолжение)

Инаку, како да се објаснат дописите, кои на Парламентот овде како да не се важни, дописите на "Хјуман рајтс воч" кои се јасни, Изјавата на Стејдепартментот која содржи делови во кои се вели дека ОНА се деклараше дека води борба за човекови права, меѓу другото пред се подршка на криминалот за наметнување на политичка контрола врз кризните региони. ОНА често го користеше локалното население како жив штит, тоа е изјава на Стејтдепартментот, принудувајќи го да остане во домовите, во селата каде што имаше воени операции намерно, зголемувајќи го на тој начин ризикот од цивилни жртви. Таканаречената ОНА со минофрлачи го нападна селото Малина маала населено со етнички албанци откако тие ја одбија нејзината наредба да се евакуира населбата. Тоа не го кажува Златко Стојменов, тоа не го кажува Парламентот и Владата на Република Македонија, тоа го кажува Стејдепартментот. Да не зборувам за прекинувањето на водоснабдувањето и слично. Јас сум за тоа сите кои не постапувале согласно човековите права, согласно законите за човекови права, кои ги кршеле, кои го кршеле човековото достоинство, кои вршеле убиства, кои вршеле геноцид, тероризам и слични дела од сите националности да бидат сеуште под лупа и на домашните закони и тоа дефинирано кои тешки кривични дела треба да ги опсервира домашното правосудство, бидејќи тоа е способно и доволно етаблирано во системот за да може да го врши тоа. Тука сметам дека треба да се допрецизира ова во законот.

Точно е и тоа дека ние не знаеме колку души ќе амнестираме Еве, јас ќе ви кажам еден мој личен впечаток, можеби воопшто не е точно бидејќи повеќе беа дезинформации, во војната има многу дезинформации. Еве една информација или дезинформација. На списокот кој го даде министерот за правда за амнестија имаше некаде, заедно со сите што сториле најгруб тероризам кои пукаа со минофрлачи на милициски станици, нешто што не се толерира во ниедна држава, 85 луѓе. Во една изјава водачот на таканаречената ОНА или како сакате кажете ја, кажа дека има загинато 64 души. 85 и 64, значи некаде 150 души. Не знаеме колку странски државјани се загинати, значи, Република Македонија беше заложник на 200 луѓе криминалци кои вршења дезинформации и го организираа сето ова. Сметам дека тие 200 луѓе треба, дел од нив кои се организатори на најтешки кривични дела против човештвото да останат под лупа и на домашното судство и Трибуналот, во соработка со Трибуналот за Балканот

Добрата намера не се гледа ни од тоа дека се дава списоксг на луѓето кои треба да се амнестираат. За тоа можеби се вака воопштен: спорните кој се амнестира. Ние треба да знаеме колку се лицата што ги амнестираме и кои се тие, бидејќи во иднина од нив ќе бараме, ако сакс ме да донесеме закон за амнестија да го донесеме, усогласено, консензуално, меѓутоа да знаеме од кого во иднина ќе бараме лојалност во оваа држава и кој ќе преземе обврски. Знаете, некој во оваа држава извршил убиство или малтретирал некого,или закопал нагазна мина, ние сега тоа го амнестираме. Дали се откажуваме и од обврските на тие граѓани во иднина како ќе се однесуваат? Со овој закон се откажуваме од следење, дали тие граѓани ги извршуваат тие обврски. Верувајте во сите современи европски држави и американскиот систем сите криминалци од најмалите, и после извршеното злосторство се опсервираат од општеството, превентивно се опсервираат. Дајте и вие превентивно да ги опсервираме, дајте ни список кои се, што се и да ги амнестираме, меѓутоа од нив да бараме обврски во оваа држава, за да не ја потворуваме лекцијата "Терминатор 3", "Амнестија 3" и тн.

Инаку за мене многу е потресно писмото што стигна од родителите на

загинатите борци. Тие луѓе загинаа бранејќи ги институциите на овој систем. Загинаа за сите оние заклетви кои ги дадовме ние пратениците, владата на Република Македонија, претседателот на државата дека ќе го чуваме уставниот поредок и законите во Република Македонија. Затоа, не треба со толкава леснотија да преминуваме и преку ова, зашто и тие се луѓе од крв и месо. Треба да чуствуваат праведност во оваа држава дека државата била праведна и кон нив. Ние побрзавме со Законот за амнестија, има десетина предлози по градовите улиците да се викаат по имишата на загинатите борци, такво нешто стои во иницијатива со месеци во повеќе градови. Навистина некоја чудна логика.

Јас сакам да кажам дека го чуствувам и многу несреќен моментот во кој се случува овој закон. Незнам како можете да се апстрахирате од тој момент, веројатно вие сте апстрахирани, меѓутоа, никој не го спомна. Имено, пред само еден ден, роднините кои можеби имаат земја во државата или кои се роднини со овие кои ги амнестираме, кажаа дека не ја признаваат границата и договорот за разграничување меѓу СРЈ и Македонија на делот кон територијата на Косово. Еве уште и нов увод за амнестија 3. Дали можеме и од тоа да се апстрахираме? Сметам дека во заклучоците и Собранието треба да го внесе тоа, и тоа дебело треба да го гласа овој заклучок дека овој ратификуван договор ги осудува сите лица кои нема да ги почитуваат меѓународните договори, Резолуцијата 1244 и тн.

Христијанска доблест е, а верувам и на сите добронамерни вери, а верувам дека се сите добронамерни, меѓутоа, знам од христијанството дека доблест е да се простува. Меѓутоа, никој нема да ни прости нам ако амнестираме терористи, сторители на тешки злосторства кои нема да ги дефинираме во овој закон, убици, силувачи и нема да има амнес-тија на нашите институции на Парламентот на претседателот на државата, на Владата, на сите партии.

Сега неколку конкретни работи од Законот сакам да ги кажам.

Еве недефинарости во самиот закон. Некои објаснувања даде министерот, но сепек е нејасно. Вели "лица со законски престој, постое или привремен", тука е многу дискутабилно. Со законски престој, привремен престој многу е дискутабилно каков е тој привремен престој, за што беше зборувано и нема да должам околу тоа. Меѓутоа, нејасно е и околу имотот, лица кои имаат имот или семејство во државата. Многу дискутабилен дел на законот. Што значи имот? Недвижен имот? А може и подвижен Незнам, Законот треба тоа да го дефинира.

Пак ќе кажам дека во членот 1 треба да се набројат елементи од Кривичниот законик за кои дела се однесува таканаречениот конфликт.

И уште еден дел на кој сакам да се осврнам,кој е можеби суштински дел на законот, тоа е членот 2 кој ги амнестира. Луѓе, ова е амнестија на тероризам на кривични дела, се наоѓа и амнестија на луѓе кои не се одзвале на покана за воена обврска. Знаете ли кој го обрату-ва тоа? Тоа го обработува Службен весник број 42 од 2001 година, на Република Македонија како прекршок, а не како кривично дело. Тоа е прекршок од Законот за одбрана од 1.06.2001 година. Со тоа треба да има чувство на праведност кон граѓаните на Република Македонија.

На крајот сакам да кажам дека забелешка од стручните лица е што јавниот обвинител неможе да поднесе жалба против решението во кое лицето е амнестирано, што е лимитирачки и спротивно на Законот за кривична постапка. Според стручните лица навистина може да се дојде до состојби да се појават лица со фалсификувани документи, а Република Македонија и Јавното обвинителство да имаат врзани раце во дејствувањето, за да може да го зачуваат правниот систем.

За крај ќе кажам дека треба да се прости, на Македонија и е неопходно потребен закон за амнестија, меѓутоа, очигледно, она што го кажаа потписниците, мислам двете страни од потписниците се изјасни дека не се сигурни дека тоа е она што е договорено во сите точки. Мислам дека најдобро што може да направи Собранието на Република Македонија тоа е овој закон да го врати на мала доработка на Владата во овш моменти кои беа спомнати на денешната расправа за да може овој закон сепак да биде добар за сите граѓани на Република Македонија и во него да веруваат најголем број од граѓаните на Република Македонија. Инаку ваков закон нема да биде добар за иднината на Република Македонија.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор господинот Ристо Спанаков.

**РИСТО СПАНАКОВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани членови на Влада, колеги пратеници, јас ќе се погрижем да бидам пократок од моите колег и да кажам што мислам во врска со овој закон. Слушајќи ги

колегите, се предизвикува се поголема недоумица што ние како пратеници да направиме со него. Иако на почетокот на седницата некако срамежливо се пријавуваа за збор колегите, дури постоеше можност воопшто никој да не се јави да дискутира по овој закон, но очигледно сега дискусиите се повеќе се развиваат и се повеќе се разгледуваат сите оние причини, а на крај ќе го кажам заклучокот што мислам дека треба да го кажам.

Имено, во сите досегашни разговори и преговори во ова што некои од новинарите поставуваа прашања што мислиме за Законот за амнестија, јас и тогаш зборував дека ваков закон за амнестија воопто не е потребен, затоа што мислам дека е сосема доволно тоа што претседателот на Република Македонија господинот Борис Трајковски, го направи како акт на добра волја за сите оние кои до 26 септември 2001 година доброволно се разоружаа. Затоа, мислам дека овој закон сега всушност е и безпредметен за расправа, но добро, штом е пристигнат од Влада, вакво каков што е, сепак мораме да отвориме дискусија. Кај мене се соз-дава една конфузија, всушност неможам да разберам една работа. Ако лиде рите на четирите најголеми политички партии се договориле да предложат такво закон за амнестија, ќе биде изготвен од страна на Владата, сега ми е несватливо зошто една политичка партија се повлекува од таквиот договор. Всушност, незнам што е договорено. Затоа би сакал да слушнам доколку постои таква можност, што е договорено на таквата средба во врска со овој закон и како тој закон да биде изготвен и пуштен во собраниска процедура на усвојување кај пратениците. Тоа е мојата прва дилема која сега се појавува после излагањето на координаторот на пра-теничката група на СДСМ.

Понатаму, гледам тука дека постои една желба од страна на една голема политичка партија, целокупната одговорност во врска со овсг закон да се префрли на Владата, бидејќи ние како пратеничка група сме дел од Собранието што ја поддржува Владата, јас неможам да прифатам вакква одговорност за Законот за амнестија, затоа што сметам дека на тој начин оние кои всушност се иницијатори за донесување на ваков закон за амнестија,се повлекуваат сега од одговорноста пред овој закон.

Понатаму, она што би сакал да го продискутирам е дека вака предложениот закон за амнестија, кој што го образлагаше господинсп министер за правда, мислам дека има многу нелогичности внатре во него, за кој што моите колеги пратеници пред мене добро го елаборираа, така што нема потреба и јас да повторувам, мегутоа, би го кажал следното. Имено, она што е видливо во овој закон, што за мене е воопшто нело-гично е следнава работа. Кога се дава амнестија, се два амнестија за дело кое што е извршено, за дело за кое што се познати и извршителите и за дела за кои што се познати и одговорностите, односно одговорноста пред киривчното право.За да амнестирате нешто, вие треба да имате осуденик кој што го знаете и на кого ќе му дадете амнестија, што значи имате познати извршители на кривични дела. Со овој закон всушност ние амнестираме се и сешто, без притоа да имаме претстава кој е извршител на кривичното дело. Би прочитал една алинеја во која се вели вака: "Амнестија се однесува и на лица кои пред 1 јануари 2001 година подготвувале или сториле кривични дела во врска со конфликтот во 2001 година". Кои се тие лица? И не само кои се тие лица, туку и кои се тие дејствија, бидејќи дури и самата подготовка а извршување то на делото како што слушнавме од министерот е кривичен акт.

Сега би поставил прашање, дали тоа значи дека се она што ќе случувало во Република Македонија од нејзиното формирање да кажеме уште од 1944 година, од АСНОМ наваму, па се она сега што се случува во 2001 година можеме да го подведеме под акт подготовка за воста-нието во 2001 година. Дали можеме сите кривични дела по тој основ да ги подготвиме и да ги поднесеме под тој сегмент, подготовка за извршување на кривично дело во 2001 година. Дали на тој начин, како што кажа и господинот Љупчо Анушев, треба сите затвори да ги испразниме, за-тоа што по тој основ буквално кажано секој од затворениците ќе почне да тврди дека сето тоа што го направил го направил како подготовка за вооружено дејство. По тој основ, да не коментирам и да не бидам многу долг во излагањето би го заклучил следново.

Предлагам Владата да го повлече законот и доколку потписниците на Рамковниот договор од Охрид најдат сили, нека направат закон за амнестија со кој ќе се согласат сите потписници на Рамковниот договор од Охрид.Истото можеме да го разгледаме тука сите заедно и со консензус да донесеме одлука за амнестираше на сите оние што сметаме дека треба да бидат подложни на амнестијата. Затоа, од тој аспект гледано, јас неможам да го поддржам овој закон за амнестија.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

За збро се јави господинот Насер Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Господине потпретседателе, дами и господа пратеници, Дозволете ми уште на почеток накратко да го изнесам ставот на пратеничката група на ПДП во однос на предложениот закон за амнести ја. Пратеничката група на ПДП, врз основа на досегашните водени разговори кај претседателот на Републиката меѓу четирите политички партии инаку потписници на Охридскиот договор и предлогот на Владата на Република Македонија, го поддржува предлогот за донесување на Закон за амнестија, со Предлог на закон.

Пратеничката група на ПДП смета дека е неопходно донесување на еден ваков закон и дека со неговото донесување доста се доцни, со што дополнително ќе дадам аргументи,кои одат во корист на што побрзо и поажурно работење на овој план за што побрзо ефектуирање на овој закон.

Уште на почетокот д кажам дека овој закон или вакви проект што денес го имаме пред нас, не е исклучок кој го прави Република Македонија дотолку повеќе што не е во спротивност со Уставот и правниот систем на Република Македонија, како што се обидуваат многу колеги да го прикажат. Секаде во светот познато е, каде што имало вооружени конфликти, следеле вакви или слични проекти кои биле едно од клучните прашања за воспоставување на конечен мир, стабилиузација на состојбите и градење на доверба за натамошен развој на општеството. За да не се служиме со подалечни компаративни податоци, јас само ќе ги спомнам сличните проекти кои беа поддржани и донесени во нашето поблиско покажување односно во поранешните републики на СФРЈ,од каде што произлезе и Република Македонија. Тоа е Законот за амнестија во Србија, тоа е Законот за амнестија на Република Хрватска, тоа е Законот за амнестија на Република Босна и Херцеговина. Тоа значи во сите поранешни југословенски републики, сегашни самостојни држави, имало и има донесени зако ни за амнестија со кои се регулирани односите во овој домен односно во оваа област. Тоа значи дека Република Македонија не е никаков исклучок Напротив, ја следи логиката на нештата а се со цел да може конечно Македонија да излезе од кризата и конечно состојбите да се подобрат и да се врати довербата меѓу граѓаните.

Јас знам дека има многу луѓе тука кои ќе речат, ако за едни овој проект значи враќање на довербата и создавање на подобри односи, за други *ќе* значи иритирање, дури и згрозеност од вакviот чин, но истото прашање може да се постави и од обратен аспект и тоа да не води во еден магичен круг од кој нема да имаме излез.

(Во меѓувреме претседателот Стојан Андов, се врати во салата да раководи со седницата).

**НАСЕР ЗИБЕРИ**: (Продолжение)

Впрочем вие знаете дека проектот за воспоставување мир во Република Македонија е составен од два дела т.е. политичкиот договор постигнат во Охрид и воено техничкиот дел кој е составен од два делаг Прашањето на резоружувањето на поранешната ОНА и донесувањето на акти за амнестијата. Дека постоело таков политички консензус тоа го потврди и со актот со потпишувањето на Охридскиот договор е претседателот на државата со Изјавата дадена пред високиот претставник за надворешна и безбедносна политика на Европската Унија г-динот Хавијер Солана, и Генералниот секретар на НАТО г-динот Џорџ Робертсон.

Истата изјава дадена од страна на претседателот на државата од ниту еден од потписниците на Охридскиот договор не е остварен. Напротив секогаш таа била поддржана. Истата изјава дадена од страна на претседателот на државата на два пати е повторена и тоа на 8 октомври 2001 година кога истата е подржана од страна на Владата на Република Македонија на ден потоа на 9 октомври 2001 година.

Истата и во попрецизна форма е повторена на 12 ноември 2001 година со Писмото што претседателот на државата го упати до претставниксп за надворешна и безбедносна политика на Европската Унија г-динот Хавијер Солана и Генералниот секретар на НАТО г-динот Џорџ Робертсон. Што сакам со ова да кажам, дека политичката определба за амнестија постоела и таа не е спорна.Во ниту еден момент од ниту еден од потписниците на Охридскиот рамковен договор. Не ги ставам тука останатите помали политички партии кои дури и ги разбира кога изнесуваат тука и поинакви ставови.

Прашањето било до пред две недели дали чинот на амнестија треба да се регулира со акт на изјава на претседателот на државата,. со изјава која ќе биде поддржана од Владата како што реков пред малку, што и

е направена или треба да уследи правен инструмен со сила на закон за да може проблемот да се реши. Долго време постоеше мнение во РМ, поддржа на од крупни политички партии претставени и во Владата и во Собранието дека изјавата на претседателот е доволен инструмент за да го реши проблемот. Ние,како политичка партија или како пратнеичка група;упорно тврдиме дека изјавата претставува само изразување на став од одреден орган во случајот претседателот или Владата. Но, тоа не претставува никаков правен инструмент кој ќе ги обврзува надлежните органи кои по закон се должни да ги спроведуваат законите на РМ, со што би се ослободиле од понатамошно издржување на казна на сторители на кривични дела, ослободување од истражните дејствија од страна на обвинителството и судот за тие кои што се под истражна постапка и непокренување на кривични постапки односно пријави за тие кои се во слобода а кои се под сомнение дека се сторители на кривични дела. Натмаошните одвивање на работите во РМ, продолжувањето на приведувањето на лица кои беа под сомнение од страна на Министерството за внатрешни работи, а потоа и подигање на кривични пријави од страна на обвинителството покажа дека ние сме биле во право и дека органите на РМ, исклучиво по закон можат да постапат и не е обврзана никаква изјава дека ги задолжува нив да постапат поинаку.

Затоа, во разговорите кои беа водени кај претседателот на државата сите заендички заклучивме дека ова прашање треба да се регулира со закон што денеска и е направена и денеска Собранието за тоа и расправа. Н^блучајно во своите изјави и првмиерот и ГЈретседателот на државата и сите четири лидери потписници на Охридскиот договор беа согласни дека во иднина ова прашање мора да се регулира со закон. И кога сме веќе кај законот, значи, и за ова прашање дека амнестија да, дека амнестија со закон исто така да, сега е прашањето каков закон треба да усвоиме. И за ова прашање ќе се водат долги разговори кај Претседателот на државата, и за тоа прашање се постигна општ консензус, требаше само Министертвото за правда истиот да го обликува, Владата да го предлага, а Собранието да го усвои.

Сега испаѓа дека всушност се што е разговарано кај претседателот на државата наводно не е пресликано во текстот кој се нуди. Беа поставени тука од координаторот на пратеничката група на СДСМ, и неколку прашања, на *кои* министерот за правда даде одговор,за жал г-динот Поповск не е тука сега да ни потврди дали е така или не е, односно дали аргументите изнесени од страна на министерот за правда се валидни или не се. Во крајна линија тука сме да ги соочиме аргументите. Но; без оглед на тоа сакам да ги изнесам моите аргументи во однос на прашањата кои се спорни од гледна точка на одредени пратенички групи или поединци во Собранието. И тоа е прво, прашањето дали со овој закон треба да бидат амнестирани само грагани државјани на РМ, или и други лица. Моите информации говорат, а не сакам да парафразирам, дека договорот кај претседателот на државата е дека треба да се амнестираат.освен тие лица учесници во конфликтот кои имаат државјанство на РМ, и други лица, но, бидјеќи ние поправило во РМ, сме поерестриктивни по сите прашања, а не е исклучок ниту законот за амнестија, се обидувало да ае најде форма која ќе ги разграничи овие две прашања.

И затоа не е случајно во текстот на законот во ставот 1 на членот 1, меѓудругото вели: "лица со законски престој како и лица кои имаат имот или семејство во РМ што значи точно се знае на кои лица се однесувг законот за амнестија. А вие знаете дека во РМ, заради ригидноста на законот За државјанство на РМ, има многу луѓе кои иако се граѓани на РМ, немаат статутс на државјани на РМ, а тие имаат семејства во РМ, имаат имот, имаат работен однос или низа други прашања кои,дефакто,покажуваат дека само заради ригидниот став на законот за државјанство, тие луѓе немаат државјанство. Инаку, тие потткнуваат од тука, и тие не се виновни што се распадна поранешната СФРЈ и тие лица останаа без државјанство. Што значи овој закон за тие лица се однесува, *А* ,ставот кој беше изнесен тука, ако не грешам г-динот Петковски го елаборира, дека нема во праксата случаи кога со амнестија се опфаќаат и лица кои не се државјани на РМ, туку на одредена држава, туку амнестијата се однесува само во случај на странски државјани кога се работи за лица кои се на издржување на казна, па тие се ослободуваат од натамошното издржување на казна, немам друг збор, просто кажано,не е вистина. Еве, пак ќе ви ги прочитам Законот за амнестија на Србија. Ќе ви го прочитам законот за амнестија на Р.Хрватска чаде што ниту ограничувањата кои ние тука ги ставаме да под лица подразбираме лица кои имаат семејства во РМ, или имаат имот, туку зборува за лица, значи, не е

точно дека амнестијата под амнестија не се подвргнуваат и лица кои не се државјани. И тоа членот 1, од Законот за амнестија на Р.Србија од 12 февруари 2001 година, а патем мала дигресија да направам не убедуваат цело време дека во Србија тоа прашање било решно само со Узјава на потпретседателот на Влада г-динот Ќовиќ, што не е воопшто точно, тој закон и тој член во ставот 1, вели , се извинувам што ќе морам во оригинал да го прочитам: "ослобаџају се од извршење изре ене казне затвора лица правоснажно осуџена за кривична дела која су прописана законима Република Србије, или субила прописана ... така натаму и така натаму.

Во законот за амнестија на Р.Хрватска членот 1 вели: "овим се законом даје општи опрости од казненог прогона"значи и тие кои се на слобда кои можат да бидат прогонети"и поступка чинитељимљ казненим дела, почиинитељима ,значи сторители, не вели државјани и така натаму и така натаму.

Колку да ни биде јасно и тие кои мислат дека сме ние многу широкоградиi, дека напротив,ние сме поригидни и по однос на ова прашање кога е во прашање нашиот предлог за амнестија. Но, заради општата согласност заради тоа што постигнат е договор кај Претседателот на државата, е пристапено вака на овој начин, ние како таков го прифаќаме. Вторс прашање кој беше овдека оспорено, е прашањето за тоа дали рокот на важноста на законот треба да биде утврден,како што се предлага со амнестија да се амнестијата да се однесува на лица кои и пред 1 јануари 2001 годинг кој подготвувале и сториле кривични дела, а во врска со конфликтот во 2001 или 1. јануари 2001 година да биде правило, а исклучокот да се однесува само на подготвување на што пратеничката група на СДСМ сега се повикува, уште еднаш министерот за правда кажа, јас ќе го повторам дека подготвувањето на одредени дела само по себе претставува кривично дело, кажале ние и сторители или не кажале, дејствијата кои се преземаат, кои се во функција на подготовка за одредени дејствија, претставува по Кривичниот законик кривични дела. Што значи преведено по Законот за кривична постапка тоа се извршени дела, Цели ние ќе го кажуваме вака или така, не е битно, тоа е сторено дело, самата подготовка *е,* сторење на кривично дело. Трето прашање кое беше спорено тука, е прашањето на јурисдикцијата на внатрешното судство. И тука се градат разни ставови дали тоа ш требало да биде така, дали не требало да биде така, како може да се исклучува нашиот правосуден систем . органи од можноста на гонење на сторители на кривични дела, а кој по Статутот на Меѓународниот суд за поранешна Југославија не можат да се помилуваат, односно не можат да се амнестирааа и тоа точно ги кажува Статутот на тој суд. И тоа се: тешко кршење на Женевската конвенција од 1949 година, кршење на законите или обичаеното право, геноцидот, злосторства против човештвото, и други работи. Ќе ве потсетам дека со Писмото од 20 ноември 2001, Претседателот на државата меѓу другото вели, значи неслучајно оваа формулација е ставена во законот иако е образложено и на последната средба, но патем да ве потсетам на што се обврзал претседателот со ЉЈсмото од 12 ноември пред меѓународната заедница т.е. пред Европската Унија, НАТО и тн.

На крајот потврдувам дека единствениотислучок од дадениот имунитет се однесува на поединците кои извршиле кривични дела што се *во* надлежност и што се процесуираат во Меѓународниот суд за злосторства за поранешна Југославија. Прочитајте го господа;текстот на законот во членот 1; последниот став, "(одредбите од овој став 1, 2 и 3 на овој член не се однесуваат на лицата кои извршиле кривични дела поврзани и во врска со конфликтот од 2001, а кои се во надлежност на Хашкиот трибунал или против кои ќе поведе постапка. го гледате спорното прашање? Едино е ако сега немаме поинаков став од она што сме го ветиле некогаш.Ако тоа е така, тогаш кажете го јасно. Па да знае и Меѓународната заедница што всушност се случува во РМ.

Но,и покрај тоа кога веќе влегуваме во вакви дискусии јас, правниците, бидјеќи тие погласни се, ќе ги потсетам дека членот 8 од Статутот на Хашкиот Меѓународниот суд за Поранешна Југославија, освен ставот 1 на кој се повикуваат господата, а кои тие намерно не го читаат членот 9 вели, Ставот 2, "Меѓународниот суд ќе има примат над националните судови'. Во било која етапа на постапката Меѓународниот суд може формално да побара националните судови да ја пренесат конпетенцијата врз Меѓународниот суд, согласно со сегашниот Статут и Деловникот на Меѓународнот суд за

поранешна Југославија.  ако сакаме Значи, до крај да ги читаме одредбите, а не издвоено и да од тоа издвоено извлечеме погрешни заклучоци. Но, и покрај тоа еве и да не постои овој статут и оваа одредба. Еве и да не постои Писмото на претседателот со кое тој се обврзува дека на овој начин ќе го решиме проблемот. Зарем постои тука пратеник и политичка партија која може да не убеди дека доколку тоа не е така, ќе има некој член на поранешната ОНА дека ке може да остане амнестиран и нема да биде гонет доколку се постапи обратно Па тогаш не ни треба нам закон за амнестија. По тие дела ќе се повргнат сите припадници на ОНА и сите ќе завршат во затвор.

Доколку тоа е целта да ние пред Меѓународната заедница тврдиме дека носиме закон за амнестија, ама од друга страна ќе ја завршиме работата како што мислиме тогаш се вараме, бидејќт таа работа ја знаеме добро Може тоа да не ни се наметне како што ни биле наметнати многу прашања како што беше промената на Преамбулата, како што беше промената на членот 19, но да знаете дека не сме несвесни што правиме туку точно знаеме што правиме со овој закон и што бараме.

И конечно, да излезам од правниот лавиринт и норми за кои некој го дели моето мислење, некој не, и кај не се мешам во тоа. Секој, на крјаот нека си го чува своето убедување. Сакам да кажам нешто друго.

Дека, овој закон е потребен на РМ. Овој закон е потребен за тие учесници на вооружените конфликти во РМ. Но, пред се, тој закон, уште еднаш повторувам е потребен на РМ. Нам ни треба што побрзо донесување на овој закон, со што ќе се создадат услови за побрзо враќање на безбедносни сили во кризните региони. Со враќањето на безбедносните сили во кризните региони ќе се создадат елементарни услови за враќање на раселените лица во нивните домови. Се разбира, за тие кои имаат воопшто домови и покрив каде да се вратат.

Со донесувањето на овој закон ќе ја забрзаме постапката за одржување на избори, било предвремени, било редовни. Со донесувањето на овој закон ќе ги забрзаме чекорите за одржувањето за донаторската конференција. Овој закон ни е потребен на сите. Не е интерес на РМ, ниту на Владата, ниту на опозицијата да донесеме закон со кој што повторно ќе оставаме правни празнини за да може одредени лица повторно да се најдат зад вратите на затворите или да останат на планините.

Интерес на Република Македонија е тие луѓе што побрзо да се вратат во нивните домови и да престане опасноста од повторување на конфликтни ситуации, какви што имавме. Се надевам дека тоа ни е заендичка цел.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Му благодарам на г-динот Зибери.

(Пратнеицитe бараат пауза)

Па добро, еве да дадеме пауза.

Пауза од 1 час, продолжуваме со работа во 18,00 часот.

(По паузата седницата продолжи со работа во 18,10 часот)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со работа.

Продолжуваме со општиот претрес.

Дали г. Карангелески е тука. Тој бараше реплика пред паузата.

Не е тука.

Збор има господинот Мерсел Биљали.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници, Ние денес расправаме за многу важна материја и претпоставувам дека сме свесни дека расправаме за чувствителна и доста одговорна материја што претпоставува дека и одговорно треба да се однесуваме. Не сакам јас тука да држам лекција. Првенствено мислам дека прво на себе си држам лекција.

Ние ниту сме прва ниту ќе бидеме последна земја, ниту сме единствена земја која донесува вакви закони, земја која се соочува со вакви состојби, од причина што ако земете малку да прочитате од историјата ќе видите дека скоро секоја земја членка на меѓународната заедница, некогаш, во подалечната иднина во поблиската иднина, или сега или пак во иднина ќе се соочите со вакви состојби, со вакваситуација. Значи ќе се соочи со едно, што популарно се нарекува национално помирување, а тоа национално помирување не може да биде поинакво освен од институции одговорни, во интерес на иднината прогресот и мирот. Значи националното помирување е најрационално решение што може да постои, освен некои аномалични појави кои се појавуваат во општеството, детерминирани од одделни пропусти, неорганизираност, неодговорност итн. Тоа е одговорно решение и тоа, националното помирување е човечки

инстинг на продолжување на животот на луѓето, кон тоа што се вика животна егзистенција. Не случајно, готово во сите држави кои имаат устав, институтот помирување, амнестија и слични институти се уставна категорија и тие постојат за да се изнајде опортуно решение за состојбиве, непожелни во одреден период и тоа е решение кое претпоставува дека треба да се гледа напред и најмалку не е добро да се гледа наназад. Од тој аспект ако ги разгледуваме состојбите тогаш можеме да кажеме дека ова што ни се служи, дури може да се каже дека претставува интерес на нашите институции, на нашата држава, за да се изнајде решение. Решението не е толкав интерес за УЧК или за ОНА, колку што е интерес на државата, на граѓаните итн. Ако може да е интерес за припадниците на ОНА 10%, тоа најверојатно е 90% интерес на граѓаните, интерес на државата и така ова прашање би требало да го набљудуваме.

Н9кои дискутанти тука Се фатија за Некои чувствителни прашања, оценки и проценки, во однос на тоа што ни Се случи минатата година. Тука ние мораме да признаемд Дека Не можеме ниту имаме право да Се самопрогласиме за невини. Ние тука Не сме воопшто невини, туку повеќе или помалку, зависно кој во каква позиција бил во одреден гтериод, Сепак ние си имаме вина. Имаме вина и како поединци и како пратеници пред гласачите, пред државата, а имаме и вина како институција, како Парламент што никако Не може да ја извршува својата уставна функција. Тоа фактижки е преземање на Дејствија против Негативните појави кои донесоа до Непожелните состојби. Ние значи имаме огромна одговорност, бez оглед на тоа дали сме самокритични, дали го признаваме тоа или Не. Меѓутоа ако направиме некоја сондажа Ќе видиме Дека луѓето тоа многу добро го знаат и ние тешко Ќе можеме тоа да го сокриеме. Ние сме виновни поради тоа што тол9риравме со години криминализирање на економски систем,криминализирање На политичкиот систем,ние си молчевме за исте прашања за кои воопшто Немавме право да молчиме и ни смеевме да молчиме. Тука било што да кажеме, тоа важи и за Мене, Не можеме никого да го убедиме Дека ние сме невини тука како поединци или групи, по најмалку како заедница односно како Парламент. Тие Сегменти кои со години Се нагомилаа и произведуваа таква состојба за што бевме сведоци минатата година, тоа Се тие појави кои се поврзани со грабежот, со криминалот, со задушувањето на демократските процеси, кршење на правата и слободата на граѓаните, корупцијата итн. Тоа неминовно произведе дестабилизациони процеси во државата.

Мораме ние да признаеме дека на нас ни се случи сурова кримино диктатура и ние од почеток место да продолжиме со прогресот, ние направивме ретроградни процеси и практично таквите процеси неминовно ќе доведеа до граѓанска војна. Таа граѓанска војна неминовно ќе беше и меѓуетничка. Значи во тој правец мора да се свати дека конфликтот што ни се случи минатата година тој беше помало зло од тоа што можеше да се случи со сите негативни појави, како револуција, кога практично ќе имавме илјадници жртви и секој ден ќе ги броевме тие жртви во еден момант на банана република со криминогена диктатура. Значи тоа беше еден вентил за ослободување на негативната енергија со помала цена. Кажувам за жал, меѓутоа тоа е цена но е многу помала цена од тоа што сите аналитичари предвидуваа што може на нашата држава да и се случи.

Поаѓајќи од сите тие прашања што тука ги наведов мислам дека е неморално и ненормално да се врши политички маркетинг, партиски маркетинг, од причина што тоа значи газење на животот и достоинството на граѓаните кои ние ги претставуваме. Тоа значи дека тоа е газење на животот, на луѓето за кои ние толку патриотизам знаеме да продадеме од оваа говорница. Тука траба, ако ние сме одговорни треба да пристапуваме од државнички, а тоа е во согласност со долгорочните интереси на државата. Тие долгорочни интереси на државата се економски, политички, правата на човекот, демократските односи итн. Што се тие долгорочни интереси. Тоа се друго освен да се задржи оваа состојба тука. Тоа се друго освен тоа што предлагаат одредени колеги пратеници кои до вчера беа во власта и се одговорни за состојбите кои ни се случуваа. Лесно ние можеме да се служиме со големи зборови со остар вокабулар за убиените, раселените, киднапирани, исчезнати лица итн. Јас кога ќе бев неодговорен така ќе кажев и тука ќе кажев се и сешто за да каже некој од некоја чајџилница -алал вера - Али. Инстинктот за една одговорност кон интересите на гласачите,

кон интересите на граѓаните, тоа не ми дозволува и нема никогаш да го направам.

Некои од дискутантите тука само констатираа одделни појави и ништо не понудија што треба да се направи и да не убедат дека тоа што го предлагаат е подобро решение од тоа што се нуди од Владата односно како предлог закон за амнестија. Непосредно, се разбира тоа не може да биде ништо друго освен пустош, војна и беда.

И на оваа седница некои изгледа многу ужива да употребуваат одделна терминологија што толку многу ја посакуваат, терористи итн. Ако некој има физичка потреба да се самозадоволи, а и да повикаме тука некој диригент па колективно да се задоволиме, додека не се ослободи од нас таа негативна енергија, или пак еве нека оди на некоја планина па да се извика колку сака, додека не му биде полесно, за да на крајот сепак види дека ништо не решава, дека поимот, колку да е остар не менува ништо во содржината и ќе дојде до констатација дека баш најголемите терористи се тука меѓу нас, или како цело Собрание, во однос на состојбата во државата.

И на крајот збор два околу тоа дали ние како Собрание искрено сакаме или не сакаме решение за оваа чувствителна ситуација и ако тоа го расчистиме тогаш е многу лесно да се изнајде решение. Ако имаме спротивен одговор дека не сакаме решение, тогаш мораме да поставуваме дополнително прашање, како понатаму, кои се последиците и која е цената. Мора ние и аргументум контрарио за да видиме каде не води поинаквото решение. Мислам дека ни по најмалку би требало ова прашање да се постави како прашање од личен интерес затоа што хипокризијата многу лесно знае да се прочита од причина што политичка култура кај граѓаните веќе не е на такво ниво како што некој тука претпоставува. Сепак политичката култура на луѓето е на многу повисоко ниво отколку некој претпоставува тука. Затоа јас апелирам да пристапиме одговорно кон ова прашање затоа што алтернативата ни е многу лоша, а тоа е да го поддржиме законот и да најдеме друг амбиент, друга средина и друга тема на која можеме тука да се надмудруваме и да правиме политички маркетинг за лични или партиски интереси. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За реплика се јави г. Радомир Карангелески.

**РАДОМИР КАРАНГЕЛЕСКИ**:

Јас се јавив за реплика после дискусијата на г. Зибери.

Сосема накусо би кажал бидејќи г. Зибери полемизираше со две тези што јас ги изнесов во мојата дискусија.

Освен аргументите дека сите овие работи се договорени кај претседателот на државата, јас други аргументи не слушнав од г. Зибери во врска со тезите што ги изнесов, а тоа се три. Меѓутоа се јавив за реплика заради појаснување во кој контекст јас ги спомнав овие закони за амнестија што ги донесоа собранијата на соседните земји.

Бидејќи г. Зибери од законот за амнестија од СР Југославија го прочита само вториот член, а и тој член, значи кога зборуваме за лицата, дефинирање прецизна на лицата за кои се однесува амнестијата, и тој член, како што го прочита г. Зибери вели, се извинувам и јас морам да го прочитам изворно бидејќи го немаме во превод. Вели: "ослобаѓају се од извршења % правоснажном пресудом исречене казне затвора лица која су до 7.10.2000 године осуѓења за кривична дела прописаним кривичним законом итд". Што е работава? Тие веќе се осудени. Господинот Зибери не го прочите првиот член, првиот став од законот кој вели: "даје се амнестија лицима која су до 7.10.2000 године учинила односно за које постои основана сумња да су учинила кривична дела (сега треба г. Зибери да внимава) одбијање примања и употребе оружја из члана 202, неодазивање позива и избегавања војне службе итд".

Што сака да каже законот. Членот 1 Се однесува на нивни припадници на армијата или на нивните безбедносни сили кои што не Се јавиле. Според тоа тезата Не држи.

Што се однесува до законот за Република Хрватска дека не е дефинирано кои Дела се во прашање, во членот 3, би му одземал на ова Собрание и на јавноста многу временски простор, меѓутоа има преку 20 членови во чланак 3, го викаат тие закон опќен опросту како што се вели на хрватски, има преку 20 членови каде што точно е дефинирано за кои дела се однесува во Република Хрватска оваа амнестија а за кои Се исклучува. Според тоа, колку за јавноста да зна9 за што се однесува.

**РАДОМИР КАРАНГЕЛЕВСКИ:**
(продолжение)

Меѓутоа, во едно можам да се сложам со г. Зибери, а тоа тонот дека целта и смислата на еден ваков закон оди кон смирување на состојбата. Јас токму истото г. Зибери го спомнав при крајот на мојот говор, односно дискусија и реков и сега ќе повторам. Меѓутоа, очекував, дали г. Зибери, или претставниците на другите парламентрни партии од албанскиот блок ќе се прозинесат на ова што им го поставив како прашање, а тоа е следново. Заради целта и смислата за донесување на закон за амнестија како општа корист за воспоставување траен мир и мирно решавање на сите прашања, па и етничките односи потребно е следното. Значи, за тоа да се произнесат партиите во Парламентот, албанските партии. Собранието на Република Македонија има легитимитет да го донесе овој закон само ако ги почитува тие правни политички постулати и само ако претставниците на албанските партии со нивните пратенички групи недвосмислено се декларираат, ја декларираат својата цврска определба за откажување засекогаш од поттикнување, одобрување, помагање или учество во насилна промена на уставниот поредок или загрозување на територијалниот интегритет и безбедноста во Република Македонија. Јас го кажав, точно е, меѓутоа го повторувам бидејќи никој не сака на тоа да одговори, дали се декларирате дека тоа го прифаќате?

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г. Замир Дика.

**ЗАМИР ДИКА:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, г. министер, во име на пратеничката група на ДПА ќе се обидам да ги образложам причините поради кои ние *ќе* го поддржиме овој предлог за донесување по итна постапка на закон за амнестија. Имено, земајќи во предвид дека во РМ, минатата година се случи вооружен конфликт кој преземаше димензии на етнички конфликт со ризик за ескалирање на ситуацијата до граѓанска војна. Бевме сведоци на сценарија кои ги враќаа спомените на сите крвави конфликти во екс Југославија. За овие настани цела година се занимававме со коментари, а бидејќи се наоѓаме во фаза кога се обидуваме да ги надминеме нус ефектите на овој конфликт кој остави траги во општеството со цел да не почнеме од почеток со префрлување на вината, ќе се концентрирам на напорите и начините кои можат да придонесат за целосна стабилизација на ситуацијата и враќањето на довербата меѓу граѓаните од различна етничка припадност. Мислам дека политичките чинители во РМ, во моментот кога конфликтот го попримаше размери на ноповратното со огромна и според мене непроценлива помош на Меѓународната заедница, успеаа за разлика од политичките елити во останатите екс ЈУ Републики да се надминат себе си и да го прифатат мировниот договор т.е. Рамковната спогодба во Охрид кој успеа да ги намали тензиите помеѓу страните до таа мерка која донесе до запирање на вооружениот конфликт со предуслови за целосна стабилизација на ситуацијата. Но, сакам да акцентирам дека не само чинот на потпишување на овој договор го стишти во голема мера орудието, туку искажаната волја на најголемите политички партии на македонците и албанците во РМ за имплементирање на Рамковната спогодба која ќе овозможи интегрирање на сите етнички групи еднакво во менаџирање со институциите на државата со цел во секоја сфера на животот да се рефлектира мултиетничката реалност. Со овој договор кој го запре конфликтот се предвидени некои мноту важни измени на законодавството до уставни промени кои се многу важни за враќање на довербата во политичкиот процес со што во меѓувреме ќе се зголеми фундаментално лојалноста на граѓаните кон овие ново дизајнирани институции на државата кои би требало да претставуваат реален сервис на граѓаните со сите механизми за еднакви можности и недискриминација. Но, јас ценам дека измените на законодавството само по себе не значат дека се доволни за да очекуваме дефинитивно стабилизирање и целосно функционирање на општеството, така како што посакуваме. Значи, враќање на доверба, важење на законитоста и предуслови за економски просперитет. Јас сум еден од тие кои не веруваат дека само напишаниот закон е доволен предуслов за да се постигнат тие цели во едно општество кое претендира да биде дел од Европското семејство. Јас лично сметам дека ако за тие закони не стои цврста, искрена, добронамерна пред се политичка волја на политичките субјекти, на политичарите како личности, на сите тие на кои им е дадена одговорност да раководат со институции, нема да функционира сево ова. Значи со еден збор, ако не си веруваме едни на

други, ако не веруваме ние самите во овој договор, во овие мерки кои ги превземаме за да се вратиме во нормалност, ќе биде многу тешко да одиме понатаму со надеж за нови вредности, подобри времиња, подобар стандард на живеење, подобро утре. Јас сум едне од тие кој верува во Рамковниот договор, кој верува дека можеме заедно да градиме подобра и поквалитетна иднина. Денеска ние го запираме уште за еден смел мал чекор напред, дебатираме за еден обид кој ќе овозможи предуслови за реинтеграција на еден дел од граѓаните на РМ, на лицата инволвирани во конфликтот во општеството. Тука муслам законот за амнестија кој се однесува не само за поранешните припадници на ОНА, туку се однесува и за припадниците на безбедносните сили кои ги пречекориле овластувањата во ова време. Не само ние како политичка партија цениме, туку и позитивните примери во други делови на светот за надминување на пост конфликтниот период укажуваат дека после секој ваков конфликт една од мерките која секоја држава ги превзема за целосна стабилизација на кризата е обидот за враќање во општеството во правниот поредок во институциите на лицата кои биле инволвирани во конфликтот со цел дерадикализирање и маргинализирање на обидите за друг поредок во државата. Сфаќајки ја важноста на овој чекор ние од почетокот ја поддржавме иницијативата и изјавата за амнестија на претседателот на РМ, која беше прифатена и од Владата, свесни дека тоа нема да биде доволен правен лек, но исто така свесни дека самиот закон како парче хартија без политичка волја не би значело ништо. Значи изјавата за амнестија од претседателот поддржана од Владата, како дел од планот за излез од кризата значеше еден позитивен чекор напред за ефикасна и функционална амнестија особено важна и поради фактот дека таа изјава беше дадена и до високите претставници на ЕУ, НАТО и ОБСЕ, фактори без кои сигурно многу тешко ќе успеевме сами да дојдеме до овој момент и без чија понатамошна поддршка тешко ќе одиме понатаму. Со таа изјава веќе беа амнестирани одреден број на лица кои беа осудувани или беа гонети, но очигледно ја немаше силината за целосна и ефикасна амнестија на сите лица инволвирани во конфликтот. За оваа денешна иницијатива морам да признаам дека исто така допринесоа и некои многу сомнителни приведувања на такви лица кои со изјавата би требало да бидат амнестирани, приведувања кои од ден на ден ја загрозуваа безбедноста на лицата кои треба да се амнестираат со што тензиите порасная и во кризните региони се створи доем дека не функционира амнестијата. Ова е факт кој за добро на сите беше прифатен од лидерите потписници на Рамковниот договор на средбата кај претседателот на државата и беше едногласно прифатен предлогот за донесување на закон за амнестија. Исто така, од една таква средба произлезе и поддршката за овој закон кој го имаме денеска на разгледување. Во последните денови сепак во медиумите произлегоа коментари од некои политички партии кои веќе дадоа поддршка на законот дека би требало да претрпи измени. Мислам дека оваа логика и пракса на дел од политичката елита еден ден после договореното да се пишманат и предомислат, мислам дека не е во духот на огромната инвестиција на сите нас за мирот. Би сфатил исто така во нормално време да во изборната година баш логиката на некои политички постапки и проценки не кореспондира со реалноста. Но, јас мислам дека е несериозно дури и ризично да изборите се поголем влог од мирот па да продолжиме ноншалантно да ги дерогираме и омаловажиме овие значајни договори. Ние во интерес на таа визија ќе го поддржиме законот за амнестија така како што се договоривме, бидејќи амнестијата како државно-правен институт и кривично политичка мерка е предвидена со Уставот како надлежност на Собранието. Исто така, го изразувам начелото на хуманост и како акт од пенолошки и криминолошки аспект создава предуслов за промена на односот кон општеството и правниот поредок. Но, пред се со овој закон за амнестија ќе придонесоме во враќањето на довербата на тие лица кон институциите, ќе го забрзаме процесот не само на интеграција на зоните опфатени со конфликт, туку и на граѓаните кои живеат во тие подрачја, бидејќи јас сметам дека со интегрирање на територијата без интегрирање на жителите кои живеат таму само ќе си го продолжиме сонот за благосостојба и перспектива. Во овој дух јас апелирам да го прифатиме законот, да ја искажеме нашата политичка волја и да продолжиме интензивно да работиме за враќањето на довербата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За реплика се јави г. Насер Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Не е реплика, повеќе е дообјаснување, затоа што мислам дека се работи за измена на тези. Кога ги цитирав законите на Србија и Хрватска, ги цитирав во контекст на тоа дека тие закони не прават разлика во однос на тоа државјани и други учесници во конфликтот, а не во однос на набројување на кривичните дела и други прашања за кои зборуваше г. Карангелевски. А дека тоа е така, уште еднаш ќе бидам приморан да ги читам и тоа законот од Хрватска кој вели: овим се законом даје опчи опрост од казненог прогона и поступка починитељима казнених дијела и тд. Значи, не зборува за државјани. Исто така, и законот на Југослаивја, односно Србија, незнам кој текст го чита г. Карангелевски. Јас го читам од Службен лист Савезне Републике Југославије бр. 9 од 2 март 2001 година, кој во членот 1, ставот 2 меѓу другото вели: овим законом даје се амнестија лицама која су у периоду од 27 априла 1992 године учинила, односно за које постоје основана сумња да су учинила кривична дела, и ги набројува, спречавања борбе против непријатеља, оружана побуна и тн. Моето дообјаснување е само во контекст на тоа дека нивните закони не прават разлика помеѓу државјани и лица.

**РАДОМИР КАРАНГЕЛЕВСКИ:**

Јас сватив и не изменив теза, но можеби сметав дека и г. Зибери го сфати што е. Кога зборувам за членот 1 во законот за амнестија, истиот го читаме бр. 901 и објавен во нивниот Службен лист, значи зборува дека се работи за граѓани на Југославија затоа што вели, тие што се во нивните безбедносни сили, апсолутно по аналогија се подразбир дека припадниците на ЈНА или како се вика војсната на Југославија и нивните безбедносни сили се државјани на СРЈ. Според тоа, сметав дека нема потреба да го објаснувам, бидејќи вели, уште еднаш ќе кажам, вели во членот 1, вториот ред вели: поради неодазивању позиву и избегавању воене службе из члана 214 и тн. Меѓутоа, за да се објасни дека зошто сме против тоа да не бидат странски државјани амнестирани токму од причини што изминативе денови, а и порано гледавме снимки на телевизија токму од тие причини да не ни се случи муџахедините да ги имаме во овој закон за амнестија. Затоа не е само заради тие што еве, не можеле да добијат државјанство. Ние сакаме да се одбраниме од една работа која што е очигледно во смисол на сите определби, глобални определби во светот за борба против тероризмот, а ги имаме веќе доказите дека кај нас и на снимки, а дури и сега ќе излезат и поголеми детали. Ние не сакаме да ги амнестираме муџахедините.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господо пратеници, Партијата на ВМРО-Македонска има чесни намери, бидејќи не погрешила ниту спрема народот, ниту спрема македонската држава, ниту спрема Бога. И затоа ќе ја искажам вистината. Јас не верувам во овој закон за амнестија. Зошто не верувам. Најпрво го донесовме Рамковниот договор и бевме убедувани овде дека со донесувањето на Рамковниот договор во Македонија ќе завладее ред и мир. Ако не друго, сигурно не очекувавме да тече мед и млеко, барем нема да се пука. И понатаму се пука. После усвојувањето на Рамковниот договор го донесовме и Законот за локална самоуправа. И тогаш бевме убедувани дека мирот веднаш ќе настапи со носењето на законот за локална самоуправа, бидејќи проблемите се токму во тие краеви каде што треба да се донесе закон. И тој закон го донесовме, иако и тогаш укажувавме дека нема да има мир. И сега укажуваме, а верувам дека тие што потпишале, што ја огрешиле душата и пак ќе погрешат, дека повторно нема да завладее мир во државата. Бидејќи многу го почитувам правото, не сум правник и најмногу се плашам од законот и сметам дека нема да има правна држава ако не се почитува законот. Па затоа си земам за право да го цитирам проф. др. Ѓорѓи Марјановиќ професор по кривично право. Според член 305 од Кривичниот закон за кривично дело велепредавство врши секој кој со употреба на сила, или сериозна закана ќе се обиде да го измени уставниот поредок на РМ. Затоа, не се потребни никакви посебни докази. Веќе за тоа имаме безброј докази.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:** (продолжение)

Дека ОНА умислено предизвика смрт на голем број лица и имотна штета од големи размери, казната за овие дејности , според член 327 став 2 од Кривичниот закон е затвор најмалку 10 години или доживоте затвор.

Според член 325 став 1 од Кривичниот закон со казна затвор до 10

години се осудува секој што укажува помош на сторител на кривично дело.

Г-да, од оној момент одкако ќе го изгласаме овој закон - Законот за амнестија, овој закон веќе не постои и слободно можеме да го искинеме.

Со предлогот на големиот миротворец на штета на својот Македонски народ г-динот Борис Трјаковски, Владата предлага закон за аменстија. За каков претседател и за како премиер се работи доволно зборува моменталната состојба во Македонија. Со предлогот за аменстија на терористите во РМ г-динот претседател или како популарно го нарекоа граѓанинот верува во Македонија и понатаму продолжува да му нанесува штета и понижувања на Македонскиот народ и на Македонската држава. Во амнестијата главен играч е претседателот Трајковски со благослов на премиерот Георгиевски и со голема асистенција на г-динот Црвенковски. Тројцата се главни играчи за забиберување на Македонската турлитава. Тие од сите бараа совети како да постапат само не од својот народ што ги бирал и што треба повторно да даде глас за некој од нив. Ако не го знаат мислењето на народот барем нека слушаат Канал 77 или Гром радио, па ќе слушнат дека Македонскиот народ е против било каква амнестија.

Се извинувам г-да пратеници што досегашната состојба во РМ ќе се потрудам да ја објаснам со фудбалски речник. Првото полувреме го загубивме со резултат 4:0. За време на полувремето констатиравме дека причините за лошата игра во првото полувреме се тројца играчи кои го продале натпреварот. Во игра ќе влезат проверени играчи со цел да се изедначи резултатот, значи ќе имаме цел, мора да ги извадиме играчите кои се продале на противникот и да ставиме проверени играчи. Целта е да се изедначи резултатот, а потоа да се постигне гол повеќе од противникот и на тој начин да се добие натпреварот.

Г-да од ДПМНЕ барем слушајте ќе научите нешто. Овде поминавте четири години без уста да отворите (реакција од страна на пратениците, а пратеникот Вангел Симев бара од претседателот да ги смири). Предложениот закон за амнестија ќе предизвика лавина незадоволства во казнената политика при што секој виновник ќе сака да се споредува со терористите, што е нормално, секој го има тоа право. Сигурно не е полош од терористите. Со овој закон можеби г-динот претседател ќе сака затворите во РМ да ги претвори во библиотеки, нагласува можеби и претседателот на државата сака затворите да ги претвори во библиотеки за да можат терористите да се социјализираат. Ќе видиме, претседателот е на потег, а и вие г-да пратеници. Народот сето тоа ќе треба да го оцени.

Иако сакам добронамерно да ги прифатам објаснувањата на албанските пратеници дека ОНА и АНА се бореле за човекови права, теророт и времето го покажуваат спротивното. Да се потсетиме.

Со Рамковниот договор требаше да се предаде целокупното оружје што го поседуваат албанските етнички групи. Проектот "Суштинска жетва" за разоружување на албанските терористи не вроди со резултати што самите сме сведоци постојано слушаме од печатените и електронските медиуми дека постојано се пука. Значи, оружјето не е предадено, дури имаме можност да прочитаме дека и понатаму се набавува и купува ново оружје и се внесува.

Второ, Косовскиот пример го оспорува договорот за границата меѓу Македонија и Југославија. Со овој гест премиерот на Косово преку ноќ ги заборави добрите и хумани постапки што ги направи Македонија и Македонскиот народ за Косовските бегалци. Г-да, многу бргу заборавивме сите овде што седиме дека Македонија една мала сиромашна и бедна земја прими 350 илјади бегалци кои ги имаа најтешките моменти во нивниот живот и во нивната историја. Дали ова го заслужи Македонија што сега го доживува токму од западниот сосед. Мојот одговор е сигурно не. Ако некој мисли поинаку нека каже. Македонскиот премиер треба добро да размисли во иднина какви односи треба да гради со Покраината Косово, а не да го дочекува г-динот Тачи на црвени теписони, бидејќи тие во изминатата година се покажаа како најголеми непријатели на Македонија и на Македонскиот народ постојано уфрлувајќи терористи на територијата на Македонија.

Вжештениот регион уште повеќе го вжештува косовскиот премиер. Жалосно, но имавме можност вчера да го прочитаме во печатот, кој се заканува со хаос во регионот ако не се ревидира договорот на границата жалосно во денешно време и по се што се случи во Македонија и понатаму да пристигнуваат закани од соседот Косово поточно од премиерот на Косово.

Трето, прашувам зошто жителите од некои села со мешано население албански граѓани не им дозволуваат на мешаните полициски сили да си ги вршат

своите обврски и да имаат контрола на цела територија на РМ. Истите тие граѓани од тие села ги спречуваат и Македонците кои се иселени на сила од тие региони од своите вековни огништа да се вратат да ги реновираат или поправат куќите, зависно од оштетувањето и да се вселат. Напоменувам не им дозволуваат, а за каков соживот веќе зборуваме и за каква аменстија дека во иднина се ќе биде мирно и добро.

Четврто на Канал 77 во саботата еден граѓанин од Тетово изјави дека до 12,00 часот во Тетово патролираат полициски сили македонски, а после 12,00 часот патролираат полициски сили на кои пишува УЧК. Г-да дали на тој начин, пак ќе кажам, треба да поставуваме соживот. Рековме дека се помируваме, не треба зборови, туку дела.

Г-до Албанци ваков ли соживот сакате и каква амнестија барате кога и понатаму УЧК, АНА, ОНА не мируваат.

Г-до албанци добивте најголеми човекови права што може да добие едно малцинство на земјината топка преку Рамковниот договор. Постојано барате некои отстапки, прашувам до кога, дали има крај. Пред и додека траеше дебатата околу Рамковниот договор вие воопшто не баравте и не поставувавте никакви прашања околу амнестијата, а најмалку стана збор за амнестија за потоа одкако ги остваривте сите привилегии со рамковниот договор почнавте да предлагате нови барања, а барањата се сега амнестија пак прашувам до кога, до кога, до кога дали има крај на барањата.

Од ова може да се заклучи дека во Рамковниот договор не постоеше никаква обврска на Македонската влада за амнестирање луѓе кои зедоа оружје во рака да убиваат, палат и да вршат етничко чистење на Македонското население. Исто така си земам за право не да ги искарам туку да им укажам на потписничарите посебно на тројцата од Македонска страна, претседателот и двајцата премиери каде беа тогаш да бараат прав; за Македонците почнувајќи од тие кои живеат во западна Македонија, исто така ќе завладее мир во Македонија по потпишувањето на Рамковниот договор. И ако навистина барале зошто нема мир, ги прашувам тројцата потписници нема мир а ветуваа пред да го донесеме Рамковниот догоров дека во Македонија ќе завладее мир, дајте да го гласаме Рамковниот догор еве го изгласавме и сеуште нема мир.

Точно е дека јас не гласав, но тие што гласаа.

Г-да етнички албански пратеници јас знаев дека нема мир и затоа не гласав, но вие ќе треба да дадете одговор зошто вашите браќа зедоа оружје во рака - Тоа е првото прашање.

Второ, зошто се одлучивте човековите права да ги барате со оружје во рака, зарем не постојат поцилизирани методи овде да се докажуваме и убедуваме. Замислете си..

**СТОЈАН АНДОВ:**

Г-дине Симев само еден момент подобро е да се обраќате на Парламентот, ве молам за тишина , погрешно се изразувате кога се обраќате до г-дата албански пратеници. Овде нема албански пратеници овде сите се Македонски пратеници, ова е Парламент на Македонската држава.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Па ако се Македонци ќе работат за Македонија. Благодарам.

Замислете си што ќе биде во светот ако сите незадоволни малцинства земат оружје во рака и бараат права, оние што тие сметаат дека им припаѓаат. Дури тогаш ќе биде хаос, а не она што го предлага премиерот на Косово. Тоа значи дека тие што зедоа оружје и тие што ги поведоа, а посебно тие што можеа да ги спречат а не ги спречија се најодговорни за сето ова што се случи во Македонија.

Сакам да кажам за последиците. Последиците на таквиот однос се над 70 жртви Македонци и голем број ранети и убиени етнички Албанци, ќе кажам и тоа. Многу запалени и срушени Македонски куќи како и голем број на цркви и манастири, многу разрушени куќи на Албанци, потполно уништена и разорена економија на Македонија. Нанесовте големо понижување на Македонската нација како нецивилизирана, на почетокот на XXI век која проблемите сака да ги решава со оружје, но и покрај што Македонија не е виновна, туку се виновни тие што зедоа оружје и тие што не ги спречија да се решаваат проблемите на овој начин.

Оваа војна создаде голема омраза меѓу етничките албанци и другите што живеат во Македонија, а посебно со Македонците. Кажете сега како ќе се помириме, треба да се изнајдат форми, мора да има мир, мора да се живее, а омразата е создадена и покрај се ни еден албански политичар не најде за потребно да ги осуди терористите и да потврди дека во Македонија тие добро живеат, се мисли на населението Македонци, чесни Албанци со

етничко Албанско потекло и дека имавме добар соживот, тоа ни еден до сега не го кажал, а треба да го кажат. По сето тоа што го направија терористите во Македонија сега барате милост за нив токму од македонците да гласаат односно тие што беа убивани, силувани, протерувани на сила, палени и уништувани домови и нивните светилишта.

Прашање до г-динот Иџет Мемети и до пратениците.

Г-да, зошто барате амнестијата да се прошири и на луѓето кои учествувале во подготовките за борба против сопствената држава и насилно рушење на суверенитетот и интегритетот на Македонската држава. Од каде подготовка за војна прашувам? Кога наеднаш испадна дека имало и подготовка. Никој не веруваше. Кога некогаш печатот ќе објавеше дека нешто има на планините постојано ќе се најдеше некој од министрите вие нешто се сонувале или некој нешто измислува. Сега признавате дека имало и подготовка за војна. Кога етничките пратеници и министри лидери на партии јавно изјавуваа дека немаат поим кој војува и зошто војува во Македонија, а сега кажуваат дека имало подготовки. Додека траеше војната вие тоа го негиравте дека ништо не знаете, дека поим немате што се случува, а сега сакате и барате амнестија да ја вратите четири пет години назад а ќе напомнам и зошто.

Сето ова ме наведува на размислување дека вие добро знаевте што се подготвува во Македонија, некои од вас дури биле и соoучесници и вашето барање да се амнестираат сите што биле инволвирани во терористичките акции од пред неколку години ќе значи:

Прво, дека сите криминалци кои се етнички албанци да се ослободат. Деновиве прочитав еден дилер на дрога кој е осуден пет години затвор си најде оправдување, оправдувањето е следно: Бев принуден да продавам дрога затоа што ми се закануваа и еден процент од продадената дрога требало да го насочи кон ОНА, АНА, УЧК. Многу големо оправдување. Со ова сите криминалци и се друго по разни основи што е осудено во затворите треба да се ослободи.

Како можете да барате да се амнестираат луѓе што не се државјани на РМ. Таквите терористи беа само платнеици дојдени во Македонија да убиваат, пљачкаат и палат куќи, а не да се борат за некакви човекови права. По амнестијата веројатно ќе барате за муџахедините да добијат државјанство на РМ затоа што тие ќе купат имот или заработиле пари па ќе сакаат да инвестираат или инвестирале, па ќе треба да добијат државјанство.

Ако веќе барате амнестија тогаш треба да се добие список од водач Али Ахмети и да ги наброи кои се тие што учествувале и што не се огрешиле, кои не вршеле убиства, не палеле куќи, не прогонувале, туку биле земени на сила. Таквите кога ќе се предадат на Македонските власти, кога ќе се има списокот, тогаш може да гласаме кој од нив треба да се амнестира.

Со други зборови мора да се има критериум врз кој лугето ќе се амнестираат а не ад хок се амнестираме.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**(Продолжение)

И она што го практикуваме сите. Јас ќе Ви кажам еден пример од пракса. Студенти кои не ни се редовни, а сакам да им помогнам, ќе направам еден мал прекршок на законот, но под еден услов да дадат писмена изјава дека во иднина ако направат еден единствен минус нема да добијат потпис. Верувајте дека ниеден не правел понатаму минуси. Значи, биле редовни, кога сакале можеле. Затоа ова мое искуство од праксата сакам да го преточам во закон. Сите што ќе бидат амнестирани да потпишат изјави дека никогаш повеќе нема да се фатат за оружјето. Во спротивно каква доверба можеме да имаме. Во што да веруваме? Искуствата кажуваат дека нема веќе верба.

Овој закон за амнестија воопшто не е хуман, ниту пак е добредојден за мир и соживот. Напротив тој само ќе доведе до потикнување на силеџиство, тероризам, криминал и други нечовечки дела. Таквиот закон, како што е предложен, ќе придонесе да се погазат сите прогресивни правни норми. По се изгледа дека ние бегаме од правната држава и од човечките норми.

Овој Предлог закон за амнестија ќе доведе до охрабрување на лошите луѓе со сатански предрасуди да земат оружје во рака и што ќе биде ако исто така, а постои таква можност, и македонците да земат оружје во рака и да ги направат истите недела што ги направија и терористите знаејќи дека и тие ќе бидат ослободени, бидејки законот ако важи еднаш ако се прекрши тој, постојано ќе се прекршува. Значи, треба постојано на овој простор да војуваме, да се убиваме ако законот еднаш го прекршиме. Тоа господо кон ништо не води.

Со овој закон Претседателот на државата не само што ги измести сите критериуми за стварање на правна

држава, туку од корен ги искорна сите можности за стварање на правна држава. Со жалење можеме да констатираме дека се што направил Претседателот на државата, барем до сега, мое убедување е дека е на штета на Македнија и на македонската државност...

(Реакција на г-динот Никола Поповски од место).

Благодарам Николче. Во право сум, благодарам.

Затоа го прашувам г-динот Претседател како може да спречи тероризам во Македонија со добронамерни зборови, или со божји благослов. Јас верувам не. Со амнестија исто така верувам не, или со строги законски норми какви што се применуваат во сите цивилизирани земји во светот јас верувам дека одговорот е третиот.

Господине Претседателе со овој закон ја понизивте македонската држава, ги понизивте фамилиите кои дадоа жртви во одбрана на македнскиот суверенитет и интегритет, ги понизивте правните институции и професори, ги понизивте сите македонски граѓани и сите чесни луѓе на овој бел свет.

Во криминалистичкиот правен систем казната е поважна од рехабилитацијата и амнестијата. Ова треба да го знае господинот Претседател бидејки колку што знам тој е правник, а јас сум човек од физичката култура, жалосно е што овде седат и негови професори како ги полагал тие испити и колку знаење останало во него.

За крај сакам да прашам, а воедно порака да испратам до сите македонски граѓани. Има ли нешто што не може да помине во Македонија со влади какви што сме ги имале до сега. Со други зборови во макеоднија се е можно, не со скопско, туку со вакви влади.

Порака до сите македонски затвореници.

Ги повикувам сите што се во затвори, или оние што се огрешиле, што погрешиле за овие четири години, што треба да одат во затвор да бараат да бидат ослободени, а како причина да наведат законот го прекршиле или направиле сообраќајки или други прекршоци, или украле затоа што биле преокупирани со воената психоза која владее во Макеоднија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Фатмир Етеми:

**ФАТМИР ЕТЕМИ;**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници,

Ќе се осврнам на неколку тези на господинот претходник пред мене. Тој на почетокот кажа дека не е правник, ама го почитува законот. Веднаш на почетокот тој ги прекршува и сопствените заклучоци од Собранието кога ги именува војниците од ослободитената народна армија односно ОНА во терористи, а заклучоците на Собранието беа со друго име да ги викаме. Фактички тие беа вооружени востаници. Освен тоа тој кажа дека слуша радио 77 дека македонскиот народ не се согласува со законот за амнестија. Ако гледаме кој какво радио слуша, јас на пример слушам радио Арачиново и тие мислат дека нема потреба од закон за амнестија, бидејки ако се амнестира треба сите да се амнестираат, не само припадниците на ОНА, туку и макеоднските безбедносни сили што ги пречекорија овластувањата.

Третото прашање беше зошто бараме амнестија. Ние не бараме амнестија само за албанците, туку за сите тие што ги прекрија законските норми и ние трасираме пат да обезбедиме долготраен мир во Макеоднија, спокојство и благосостојба.

Но, да се вратам на дискусијата за која бев подготвен. Суверено право на Собранието е да дава амнестија според член 68 став 1 алинеја 18 со Уставот на Република Македонија. Значи единствен надележен орган во Макеоднија што може да донесе или да дава амнестија е Собранието на РМ. Ние до ден денес од осамостојвуањето донесовме три закони за амнестија, 1991, 1998, само што не беше потпишан од тогашниот претседател и 1999 година истиот закон повторно е донесен.

Со Рамковниот договор и со Договорот на Претседателот со НАТО од една страна и со Договорот на ОНА и НАТО од друга страна се обврзаа Претседателот на државата, и врвот а државата да донесе закон за амнестија за сите актери почнувајки од тие што ја одбегнаа воената служба, или тие што не се одзваа на поканите, или тие што се одалечија самоволно од воените служби. Припадниците на ОНА да се амнестираат тие лица што подготвиле или извршиле кривични дела поврзани со конфликотот, или тие што се предвидени со овој закон предложен од Владата на РМ. Освен овие мислам дека со овој закон се амнестираат и безбедносните сили на Македнија што ги надминаа своите овластувања, или судовите што донесоа многу политички одлуки под притисок на дневната политика. Обично вакви слични закони

се носат после позначајни општествени промени. Вакви закони како што знаете се донесени скоро во сите бивши ЈУ Републики и многу други држави во светот нудат амнестија доколку вооружените бунтовници или формации сами го предадат оружјето. Ваква понуда имаше и од Велика Британија која се обиде да ги амнестира припадниците на ИРА, но само доколку се разоружаат нејзините вооружени формации. Рускиот Претседател Путин им нудеше на Чеченските борци амнестија само доколку тие се разоружаат во определен рок, но тој во тоа не успеа. Ние треба да бидеме благодарни и да го поздравиме ставот на УЧК дека тие се согласија да го положат оружјето со гаранција на НАТО, но ние бевме обврзани овој закон да го донесеме веднаш после нивното разоружување.

Со Договорот за амнестија челниците на државата и челниците на најголемите партии во Македонија направија важен чекор кон долготраен мир во Макеоднија и дефинитивно ја избегнавме општата граѓанска војна на која несомнено бројот на жртвите би се мерел со десетици илјади. Затоа мислам дека со донесувањето на овој закон на граѓаните на РМ ќа им донесеме добра и подобра иднина.

Амнестијата треба да се разбере као чин на помирување на двете етнички заедници-македонскиот народ и албанскиот и обратно. Како чин на помирување на сите граѓани на РМ. Тука сите треба да го имаме на ум големото верско начело-простувај ги гревовите на луѓето ако сакаш и теба да ти биде простено. Сметам дека законот заслужува посебно внимание за иднината на државата. Не само донесувањето туку и применувањето во пракса на законот. Вака ќе влијаеме да го демократизираме општеството, да дадеме еднакви можности за сите, да ги реинтегрираме сите во општеството и со овој чин да придонесеме за лојалност на граѓаните кон државата. Со ваков чин работите ги ставаме во колосекот на надешта, развојот, перспективата на сите граѓани.

Сигурно дека по донесувањето на законот за амнестија колку толку ќе имаме порелаксирачка ситуација, смирување на состојбата. Ќе овозможиме и непречено движење на сите граѓани така што ќе се зголеми и чувството на сигурност на сите и ќе се зголеми внатрешната стабилност. Значи тоа ќе биде почеток на подобрување на меѓуетничките односи.

Усвојувањето на овој закон Ќе има и важна превентивна улога што ќе придонесе за унапредување и поттикнување на процесот на превоспитување и ресоцијализација и реинтеграција на припадниците на ОНА. Собранието ако надлежен орган за донесување на овој закон во дадениот политички момент знае да оцени колку овој закон ќе ги релаксира односите во општеството. Минатата година, 2001 година меѓуетничката нетолеранција беше на својот врв. Јас сум убеден дека со овој закон и со законите што произлегуваат од Рамковниот договор, со нивно донесување ние отвораме пат за градење на доверба на меѓуетничко ниво што РМ ќе ја донесе до еден друг врв. Вака ќе отвориме голема врата за меѓуетничка толеранција и хармонизација на внатрешниот живот на РМ.

Законот за амнестија треба да има и друга димензија и треба да биде полиберален за да ги опфати и другите категории осуденици освен овие што се прадвидени со овој закон. Значи освен припадниците на ОНА што се во затвор, или во притвор, или тие што се гонат кривично и војниците што не се одзвале или напуштиле самоволно од воената служба мислам дека тука треба да се опфатат и другите бидејќи заклучно со 26 септември Претседателот даде изјава и Владата ја прифати таа изјава дека нема да се гонат припадниците на УЧК или ОНА. Но после 26 септември се приведоа уште неколку членови на ОНА, а гаранцијата беше од Претсадателот дека тие не треба да се гонат, тие треба да се ослободат од кривично гонење.

Освен овие категории мислам дека треба да се ослободат и другите што не се предвидени со овој закон, барем делумно, затоа што како што знаете во затворите се создава специфична клима и сите тие затвореници се во исчекување што ќе донесе законот и за нив. Мислам дека државата треба да мисли и за тие категории што не се предвидени со овој закон и да покаже дека како држава води грижа за нив и придонесува за нивно превоспитување. Тука морам да напоменам и некои други работи поврзани со амнестијата.

Во време на конфликтот имаше многубројни подметнувања и ставања на експлозиви или приведувани невини албански граѓани на РМ, после тоа претепани од полицијата, па притворени и на крај осудени без никакви аргументи, без вештачења, без сведоци. Ова беше како турско

комунистичката максима -Кадијата те тужи кадијата те суди. За жал и полицијата и судовите паднаа на испит под влијание на дневната политика. Со амнестијата мислам дека ќе ги корегираме грешките и за надминувањата на овластувањата на полицијата и грешките на политичките одлуки што ги донесоа тогаш судовите.

На крај, апелирам до пратениците да не ја опструираат работата и да не го влечкаме процесот. Мислам дека овој закон е за доброто на Македонија и сите граѓани и апелирам сите да го прифатат без оглед дали нивните лидери го подржале или №.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Абдула Алиу.

**АБДУЛА АЛИУ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, Доста денеска беше речено за амнестијата и јас сакам да кажам неколку зборови за текстот на законот за амнестија и чинот на амнестијата во Република Македонија.

Како што знаете и Вие како парламентарци во РМ амнестијата е еден правен институт предвиден со Уставот на РМ. Значи тој е еден правен акт, правен институт кој е гарантиран со Уставот на РМ. Тоа значи во текстот на Уставот член 68 став 1 точка 18 предвидува дека Собранието дава амнестија. Значи, од терминот амнестија нема зошто да се плашиме во ова собраниска сала, тоа е во интерес на РМ.

Мислам дека Собранието заедно со Владата има морална обврска да превзема правни дејствија со кои во нашето општество ќе создава толерантна клима меѓу етникумите во РМ односно меѓу албанците и меѓу макеоднците.

Донесувањето на законот за амнестија е и во интерес на подобро функционирање на правосудниот систем кој е во криза во сите ситуации кога има конфликти, а посебно кога има воени конфликти. Познато е дека после терминот мир во една држава односно договор со автоматизам се подразбира дека треба да дојде термин што се вика амнестија. Значи, во сите случаи постои амнестија кога имаме такви договори во една заедница.

Во оваа смисла сакам да кажам дека и РМ, како и другите бивши ЈУ Републики имаат донесено закони за амнестија, а тоа значи дека ние нема да бидеме специјалитет во ова поднебје на Балканот. Ќе бидеме и исто и ние како и другите републики, ќе имаме закон за амнестија со кој ќе решиме некои елементарни проблеми во РМ.

Еден германски писател рекол ако некоја работа нема да се заврши тоа значи дека не е добра работа, а и ние мислиме дека Охридскиот договор ако не оди до крај, а тоа значи после Законот за локална самоуправа треба да дојде законот за амнестија и сите други елементи кои се во интерес на РМ и на сите граѓани на РМ.

Законот за амнестија ќе го доградува правниот систем во РМ. Да не беше така немаше да биде предвидено и во самиот Устав на РМ. Амнестијата како начин за излез од ваквите ситуации е единствено решение. Тоа нема да биде само една празна фраза туку да се решат проблемите во Република Макеоднија.

**АБДУЛА АЛИУ:** (Продолжение)

Напротив, сите ќе бидеме задоволни со еден добар текст на законот за амнестија. Предлогот на законот за амнестија има свој историјат, а историјатот почнува од декларацијата на претседателот на државата господинот Борис Трајковски, бидејќи тој прифатил во својата декларација дека ќе дојде до еден ваков акт со кој ќе се реши проблемот на амнестирање на сите граѓани на Република Македонија.

Проблемот што се поставува, дали треба да се ограничи со време актот на амнестија, сите знаете дека кривичното дело не може да се утврди моментот кога е отпочнато. Кога се амнестира, не се амнестира само последицата на кривичното дело, туку се амнестираат и сите други елементи до последниот чин на кривичното дело.

Речено е да не се прифати амнестирање, да не се прифати надлежноста на Меѓународниот суд во Хаг, односно дека некои постапки треба да се вршат во Република Македонија во поглед на истрагата. Јас мислам ако тоа се прифати дека нема да имаме закон за амнестија, бидејќи многу тешко може да се разграничи каде се тие елементи на едно такво кривично дело, така што тоа треба да се остави во надлежност на Меѓународниот суд, бидејќи со статусот Меѓународниот суд е надлежен, има и суд, има и обвинителство. Јас ги имам сите тие елементи со кои членови се предвидува правото на Хашкиот суд односно Статутот на Меѓународниот суд.

Ако успееме да подготвиме еден добар текст за амнестија, полесно ќе дојдеме до еден заеднички интерес, а тоа значи до регулирање на односите во

Република Македонија меѓу сите граѓани, без разлика на националноста. Во едно цивилизирани општество не треба да се дозволи одмазда од поединци, па ниту од самата држава. Амнестијата има свој историски развој. Денес тоа се признава во сите кривично правни системи. Карактеристиките на една амнестија се:

Амнестија е акт на законодавниот орган. Амнестија се дава во форма на закон и има повеќенаменско дејство, односно аболиција и сите други елементи, се дава како екс официо, значи Владата може тоа да го покренува, потоа не може да се повлекува, не ги тангира правата на трети лица, не го исклучува повторување на постапката со вонредни правни лекови.

Со законот за амнестија не се бара да се исполнуваат одредени услови. Тоа е закон од политички карактер. Со законот треба да се ослободат сите граѓани кои на некој начин се опфатени со акти во воените дејствија, односно во конфликтите во Република Македонија и не може да се прави разлика по однос на државјанство или нешто друго, бидејќи со наш закон треба да се ослободат сите тие кои на некој начин можат да бидат казнети во нашето законодавство, значи може да бидат гонети поради воени дејствија.

Мислам дека текстот на законот треба да се усвои така како што е предложен од страна на Владата, бидејќи во спротивно нема да имаме соодветна амнестија во Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинто Звонко Мирчески.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Почитуван господине претседателе, почитувани колеги пратеници, многу ми е жал што од Владата нема никој тука присутен, иако се предлагачи на законот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, повикајте го претставникот на Владата да влезе во салата.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Не би имал многу повеќе да кажам од сето она што досега го кажаа моите колеги во името на пратеничката група. Сакав како член на Комисијата за внатрешна политика и одбрана да ги кажам моите согледу-вања како течеше работата на самата седница, со оглед на тоа што Ко-мисијата за внатрешна политика и одбрана е матична комисија, особено за донесување на еден ваков закон за амнестија и расправата што се во-деше на самата седница на Комисијата во врска со законот што се пред-лага да се донесе по итна постапка, предложен од страна на Владата, не доби поддршка за денес да се расправа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ги молам пратениците да седнат на своите места.

Има збор господин Мирчески, па да го ислушаме.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Нема да навлегувам многу во политичките елементи кои беа искажани овде од страна на членовите на пратеничката група на ВМРО, околу тоа како течеше целиот тој процес во кој Македонија го загуби Уставот, кој што беше национален стратешки интерес. Македонија доби нов Устав и само би сакал да корегирам некои од колегите овде кои што дискутираа и кои силите на таканаречената ОНА ги поистоветуваа во своите дискусии со безбедносните структури на Република Македонија, кои се единствено легитимни сили со закон и со Устав воспоставени да го бркаат суверенитетот и интегритетот на Република Македонија.

Што се однесува до самиот закон за амнестија, би се навратил на тоа што беше дискутирано на самата седница на Комисијата за внатрешна политика и одбрана. Преовладуваше мислење кај некои од пратениците дека наводно овој закон е еден од главните предуслови за враќање на мирот во Република Македонија. Ние, почитувани колеги пратеници досега во повеќе наврати имавме важни моменти, кога се донесуваа и амандманите кои беа предложени од страна на претседателот Борис Трајковски, дека наводно со усвојувањето и прогласувањето на амандманите ќе настапи мир во Република Македонија и самите знаете дека мисијата "Жетва" на НАТО која што во неколку фази го известуваше и претседателот на Собранието и претседателот на државата дека соодветни третини на оружјето од таканаречената ОНА се прибрани односно е извршено разоружување се пристапуваше кон одредени фази на изменување на Уставот, кој што мнозинството на пратеници од партиите потписници на Рамковниот договор во Охрид, ги усвоија во ова Собрание. На една од претходните седници ние баравме од Владата да ни даде информација кои се овие нереди што сега се случуваат во државата, бидејќи имавме разоружување, дали станува збор за некои остатоци на оружје што не беше предадено

во текот на самата операција на разоружување, доброволното разоружување и расформирање или станува збор за прилив на нови количества на оружје, со оглед на тоа што од одделни високи функционери во Владата и во државниот врв најавуваат дека со раззеленувањето на шумите може да се очекува дестабилизација и влошување на безбедносната состојба во Република Македонија.

Законот за амнестија ќе се предлага овде во форма во која некои од учесниците во разговорите кај претседателот Трајковски тврдат дека тоа е Предлог - закон кој што е целосно усогласен и во таква форма треба да помине без ништо да се измени, ние политичките партии кои не учествувавме во разговорите кај претседателот Трајковски, немаме увид и немаме вистински информации за тоа за какви писма станало збор, какви упатства и сугестии се добиени од страна на Солана, Робертсон и Џоана и во која насока течеле разговорите, така што се доведуваме во една состојба да мораме да учествуваме во донесувањето на еден правен акт, кој што во вака настанатите услови во земјата многу битно може да влијае и натаму на натамошниот мир, безбедност, стабилност на државата, со оглед на тоа што се сугерираат и некои решенија кои опфаќаат и други групи граѓани, кои за време додека траеше кризата во Република Македонија не беа опфатени, односно имаа тогаш добиено пресуда со казна доживотен затвор или повеќе години биле осудени, согласно позитивните законски прописи, да ги поминат во затворите на Република Македонија.

Стана збор дека не е утврден точниот термин од кога треба да почне да важи амнестијата и конфликтот кој што во законот се спомнува како конфликт, дали навистина имаше конфликт, меѓу кого беше конфилктот. Сите ние добро се сеќаваме дека стануваше збор и Собранието на затворената седница донесе заклучоци, Меѓународната заедница, па и дури и Белата куќа даде јасни квалификации со која терминологија да се служиме во однос на квалификувањето на луѓето кои со оружје во раце влегоа под плаштот на барање човекови права во Републикава да го сменуваат уставниот поредок во државата.

Се поставува прашаше дали тие разговори кои беа во тоа време кај претседателот Трајковски, па потоа преминаа во преговори и тн.: на крајот се измислија страни, страни на безбедносните сили кои што го бранат уставниот поредок, мирот, безбедноста и суверенитетот и интегриретот на Република Македонија и од друга страна, неколку стотици да речам терористи кои беа така квалификувани и од Меѓународната заедница и од ова Собрание во заклучоците што ги донесовме да се измислат страни во тој конфликт. Навистина се поставува прашањето како може и едните и другите да бидат квалификувани, кога едните се сосема легитимни сили кои го штителе уставниот поредок во државата, а другите со сила, имајќи го предвид фактот дека откако е осамостоена Република Македонија, дејствуваат во политички партии во сите состави на Собранието на Република Македонија и во Владата на Република Македонија, во сите влади на Република Македонија и во владите до 1998 го-дина, кога беше СДСМ носител на власта и од 1998 година наваму. Имале свои кандидати 1999 година за претседател на Република Македонија, одеднаш сите тие страни да се најдат во еден таков конфликт, таканаречен конфликт, кој што ќе продуцира стотици и стотици илјади семејства во Република Македонија да бидат од корен откорнати, да резултира со етничко чистење, со мачења, киднапирања, без оглед за која категорија граѓани станува збор и на која етничка припадност се тие граѓани.

На Комисијата за внатрешна политика и одбрана се постави прашањето дали може ова Собрание, дали е можно да донесе ваков закон со кој ќе се амнестираат граѓани кои не се државјани на Република Македонија. Самото објаснување од страна на министерот како претставник на Владата на Комисијата беше, да доколку тие граѓани од различни причини досега не успеале да го регулираат формално статусот како резиденти на Република Македонија односно државјани на Република Македонија, а имаат имоти или имаат семејство во Република Македонија.

Се поставува прашањето, бидејќи не е точно детерминирана бројката на кои граѓани ќе се однесува, без оглед дали тие припаѓаат на граѓанитге од албанската заедница или припаѓаат на други групи граѓани во Република Македонија, од прилика за колкава бројка на граѓани станува збор. Зашто секој оној кој што фактички ќе биде третиран од македонскиот правен систем и од македонското кривично законодавство, утре може да бара и државјанство на Република Македонија. Така што ако стане збор за неколку десетици илјади или можеби стотици илјади

граѓани од Република Македонија од протекторатот Косово кои ќе кажат дека ние бевме инволвирани во судирите во Република Македонија, и ние сакавме да им помогнеме таму на нашите браќа, реагиравме кога се ратификуваше Договорот за утврдување на граничната линија меѓу СРЈ и Република Македонија, сметавме дека не треба да се воспоставува граница тука во тој дел, да се делат имоти на граѓани кои порано со административната граница на поранешната СФРЈ припаѓаа или беа во сопственост на граѓани на едната или другата, на Република Македонија или на автономната покраина во тоа време. Еве, и сега сме сведоци дека структури кои се одговорни во протекторатот Косово веќе и отворено го оспоруваат легитимитетот на Договорот кој што ние го ратификувавме овде во ова Собрание.

Исто така, се поставува прашањето дали може да се донесе закон за дела кои што не се утврдени согласно Кривичниот закон на Република Македонија. Тоа беше една од дилемите на некои од пратениците, кои ја поставија пред да заземе став и да кажат дали ќе го поддржат донесувањето односно поставувањето на еден ваков закон на денешната седница. Исто така имаше доста резерви кои ги предвидува овој закон по одредени членови и имајќи го предвид фактот дека денес во македонските затвори на казна доживотен затвор се наоѓаат граѓани кои со овој закон за амнестија што сега се предлага не би биле амнестирани, а исто така постои една контрадикторност во однос на граѓаните кои се предлага да бидат амнестирани со овој закон сега, а кои кога би се суделе согласно позитивното кривично законодавство на Република Македонија би добиле казна доживотен затвор.

Значи, има повеќе недоречености, а исто така сите од електронските и печатените медиуми минатата недела во Република Македонија, кога беше веќе најавено дека законот оди во владина процедура и доаѓа во Собранието на Република Македонија, имаше и реакции на политичките партии, така што слушнавме дека едни од потписниците на Рамковниот договор, наводно, кај претседателот Трајковски не се договориле за ваква форма на закон, други дека наводно 100% бил таков законот како што било договорено, трети дека законот е перфектен и тн. Сепак, останува товарот да го носат најголемите политички партии, условно кажано, оние кои што се потписници на Рамковниот договор како кога се донесуваа уставните амандмани, како кога се усвојуваа и прогалсуваа уставните амандмани, кога се донесуваше Законот за локална самоуправа јас мислам дека ќе седнат, ќе се договорат околу спорните моменти кои ги ставаат во дилема дали да го поддржат законот во ваква форма и без разлика на неколку пратеници од нас овде што се спротивставуваме на ваквата форма од принципиелни причини, законот ќе биде донесен.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:** (Продолжение)

Но, би сакал да ја видам Македонија да биде мирна. Би сакал да престанат да гледам на вестите дека во тетовскиот регион денеска се слушале екслозии од тешко оружје, од кумановско-липковскиот регион. Би сакал родниниte на киднапираните да ги видам еднаш среќни, да се вратат киднапираните лица.

За тоа имаше повеќе обврски и од страна на претседателот на Собранието дека поедини фази во мировниот план на претседателот Трајковски нема да бидат имплементирани се додека ова не се направи или не се разоружа 1/3, две или 3/3 и да се вратат раселените и тн., така што ако сакаме Македонија, да го засилиме правосудството како што се декларираме сите, дека сакаме да бидеме под сенка на Европската унија, тогаш треба да направиме нешто да го направиме македонското законодавство да биде компатибилно со законодавствата на високо-развиените европски земји и на земјите со побогата демократска традиција. Така што, нашата легислатива би требала да ја приближиме до легислативата на Европската унија, САД и другите земји со демократски принципи на владеење.

Исто така, мора да се почитуваат принципите на правичност и хуманост и, да не заборавиме една работа дека РМ до сега е потписник на повеќе меѓународни конвенции што ја обврзуваат да ја почитува и не треба да го заборавиме фактот затоа обраќањето на "Хјуман Рајт Воч", кој имаа сериозни забелешки на ваквиот Предлог - закон за амнестија што е предложен од Владата. Имаа еден куп сугестии доставени до претседателот на државата, доколку се донесе ваквиот закон, да има одредени резерви.

Меѓутоа, сепак, јас тука ќе завршам, ние како пратеничка група на ВМРО го кажавме нашиот став и резерви

во однос на овој закон. Сепак, главната одлука ќе ја донесат политичките партии, потписнички на Рамковниот договор, што се договараа и го спроведуваат мировниот план на Претседателот Трајковски. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам. Збор има господинот Сејфедин Харуни.

Не е тука. Збор има господин Ќани Алиу.

**ЌАНИ АЛИУ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, Дозволете јас да кажам неколку зборови, би сакал да бидам многу краток, околу донесување на овој закон, што лично мислам, дека треба да се подржи од сите пратеници. Затоа што според овие дискусии што ги слушнав до сега од страна на поголем број пратеници, мислам дека имаа позитивно мислење и дека се за донесување на овој закон. Меѓутоа, имаше една поголема група која има нагативен однос кон донесувања на законот. Меѓутоа, да не се создава некое мислење пред јавноста дека, практично овој закон се донесување само во интерес на една национална заедница во Македонија. Потребно е и треба јасно да се каже на јавноста во Македонија дека овој закон е потребен за сите граѓани на РМ.

Мислам дека со истиот закон, ние, како држава, како општество си обезбедуваме од оваа пат позиција да се ослободиме, во која се наоѓаме, каде граѓаните назнаат како да се однесуваат. Маѓутоа, во оваа политичка година се наоѓаат луѓето во позиција кога незнаат кога а војна или мир и дали ќе има мир. Со донесување на овој закон, јас сум убеден дека сите ќе се ослободиме од овој психолошки притисок и сигурно ќе почнете да се занимаваат со секојдневните работи. Луѓето ќе работат, децата ќе учат, ќе го немаат овој притисок, со што практично средствата за информирање, а исто така и некои политичари секогаш ги држат во некоја пат позиција, со тоа што ги плашат со некоја пролетна офанзива, со војна што се очекува секој момент.

Законот за амнестија, како што пред малку рече еден од пратениците, мислам дека претставува едно национално помирување, во граѓанска смисла. Не сме ниту прва, ниту последна држава што донесуваме ваков закон. Не сме ниту прва, ниту последна држава што ги има овие проблеми. Ги имало и порано. Би сакал само да ве потсетам дека во, така да кажам, поразвиени држави, да не речам поцивилизирани, неколку години после војната, националното помирување меѓу граѓаните кои имаа различна политичка ориентација па биле во разни воени групации, пример за време на Втората светска војна, тие донесуваат такви цивилизирани одлуки што некогаш имале случаи, како што имало случај после извесно време тие создаваат и заеднички гробишта.

Со овој закон, морам да кажам дека тука не се амнестираат само припадници на ОНА. Со овој закон се амнестираат исто така и безбедносните сили, кои морам да кажам дека во однос на цивилите не биле баш, да кажам, нежни, затоа што имаме повеќе случаи кога се злоупотребени овластувањата. Тоа може да се докаже и со конкретни примери како што е Љуботен и во други подрачја каде се водеа борби.

Меѓутоа, тука најмногу ме загрижува е односот на одредени пратеници кои со неодмерени изјави, неодмерени зборови вршат еден вид на колективна инкриминација на албанците, со тоа што кажуваа огромни проценти на луѓе кои се занимаваат со нечесна работа, со трговија на дрога. Практично, припадниците на албанската заедница не живеат од чесна работа, туку живеат само од вакви нечесни работи. Тоа, практично, место да делува во однос на зближување на овие заедници, со изградба на заеднички живот, живот со вакви изјави, морам да ви кажам дека нанесуваат огромни штети врз заедничкиот живот. Морам да кажам дека имаше една неодмерена изјава со која што се бара политичките партии во овој Парламент да се декларираат дека нема никогаш да користат сила за реализирање на политички цели. Која политичка партија, со програмите што ги имаме, веројатно ги знаете програмите на политичките партии, посебно од парламентарните партии, која во својата програма има наведено дека ќе користи сила за реализирање на одредени политички цели? Тоа е неодговорно барање. Тоа е несериозно барање од страна на одредени пратеници.

И на крајот, мислам дека ако се одлучиме за дефинитивно разрешување на сите политички проблеми што ги имавме до сега, со донесување на овој закон, веројатно повеќе, најповеќе ќе се релаксираат меѓунационалните односи. Сигурен сум дека програмите што

беа до сега, сигурно многу побрзо ќе исчезнат. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам. Има збор господинот Демуш Бајрами.

**ДЕМУШ БАЈРАМИ:**

Иако на почетокот немав намера да се јавам, меѓутоа слушајќи неколку дискусии не можев да седам на страна.

Господине претседатле, почитувани колеги пратеници и претставници на Владата, Повторно ми е јасно едно нешто што морам уште еднаш да го повторам.

Прво, се ми се причинува дека се сака да се создава една таква политичка клима за што поитно рушење на веќе постигнатата меѓуетничка спогодба и нормално, како второ на ова, повеќе пати го имам кажано тоа да се детонира антиреформскиот менталитет во оваа држава. Таквите, со нивните дискусии сакаат да се прикажуваат себе си како жртви на еден наводно лош документ, Предлог на закон за амнестија за да можат утре да се гордеат со своето политичко минато и да ги максираат, повторувам, темните страни од нивната политичка биографија.

Тие упорно инсистираат, а тоа се гледа по мноштвото говори кај колегите македонци, кои сакаат да се прикажат како жртви, но без да даваат одговор на прашањето чии жртви се тие? Токму по овој нив метод, нивен начин на дејствување, истите даваат на знаење, јасна претстава со која укажуваат дека се во потрага на наоѓање засолниште за нивно политичко опстојување.

Токму кај дел на вжештените дискусии, на одредени пратеници македонци, покажува дека е само континуитет на една валкана методологија на преземање на монополот во политиката, па да се продолжи понатаму бизнисот на севкупниот живот и неговотпо надгледување кај останатите граѓани во земјата.

Ваквите дискусии, може слободно да се рече, дека не само што ја стеснуваат, туку и го уништуваат целосно тој слободен индивидуален простор, па и пошироко, општествен, може да се каже, во Република Македонија. Таквата политика ја искривила реалноста и сака да ја загрози слободата на граѓанинот кој е подготвен и самиот да придонесе толку колку што му следува за неговата реинтеграција во општеството. Иако најодговорно велам дека поголем дел од нив ниту пак ја имале таа шанса да бидат рамноправен дел на ова општество.

Но, ако се избира најлошиот пат, тоа е преку суспендирање на истите од законот, мислам на граѓаните за кои се однесува амнестијата, тогаш, господо, да знаете дека ризикот припаѓа на сите вас што наметнувате сопки на ваквите позитивни решенија. И овој демократски стеснет простор на една медијална реалност, актуелниот закон ја напаѓа и крајно се оспорува неговото донесување, според мене, заради една работа, навистина за да ги исполни желбите на тие што се против мирот.

Ги повикувам прогресивните сили, сигурен сум дека ги има меѓу колегите македонци, да се дистанцираат од досегашната методологија на дејствување и да ја прифатат реалноста како добра шанса за Македонија и да создаваат една попродуктивна атмосфера за интеракциски аранжман во рамките на една меѓуетничка и граѓанска лојалност која е неопходна за индината на Македонија и за нејзиниот политички и демократски развиток.

И сосема на крај, да се надоврзам околу еден многу битен елемент што за секогаш ќе остава траги на ова наше тло. Да се ослободиме од патетиката и да внимаваме на секој изречен збор, иако се наоѓаме во година во која што ќе ни се случат избори.

И сосема на крај, мислам што е најбитно од се е, мора да се сфати дека во оваа земја веќе се случија измени и промени уставни, имаме Рамковен договор и се друго. Но, сеуште менталниот склоп останува ист. Мора да се сфати дека без да се промени овој ментален склоп, тешко можеме да одиме напред и да станеме составен дел на тие интеграциони процеси на кои многу гледаме, за кои мнгоу зборуваме, а многу малку работиме. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господинот Сејфедин Харуни, не е тука.

За збор се јавува господинот Стојан Попов.

**СТОЈАН ПОПОВ:**

Морам да признам дека поинаку ја замислував расправата по оваа точка од дневниот ред и мислев дека навистина ќе има многу повеќе издржани дискусии и сериозни дискутанти затоа што пред нас се наоѓа еден предлог на закон кој, би рекол дека повеќе е карикатура од закон отколку

закон. Така што навистина мислам дека не треба да се има големи познавање од областа на правото, ниту треба да се биде некој премногу вичен аналитичар за да се видат сите недостатоци и апсурди на она што е понудено во оваа верзија од законот за амнестија. Мислам дека законот, во ваква форма како што се нуди е повеќе од смешен, апсолутно правно неиздржан и претставува навистина деградација на севкупниот правен систем во Македонија и уште понатаму деградација воопшто на правната наука. Не треба да се биде, велам, многу едуциран во таа област за да се сватаат сите овие работи. Тоа може многу лесно да се аргументира. Впрочем тоа и го направија некои од дискутантите и не би сакал да одземам време во тој поглед, затоа што дел од нашата пратеничка група на независни пратеници веќе го изнесе своето мислење и аргументите кои говорат во правец на неиздржаноста, правна на овој документ. Затоа ние и поднесовме амандмани, така што и по однос на амандманите ќе имаме своја експликација која до крај ќе ги дообјасни работите и нашите тврдења.

Меѓутоа, во интерес на времето би сакал да отворам една друга визура на гледање на овој проблем а тоа е дека никој од дискутантите не спореше со идејата дека навистина е потребно да се донесе овој закон за амнестија. И не сум толку изненаден затоа што најголемите политички партии во Македонија впрочем и го поддржаа Рамковиот договор а како што се тврди овде, а не е точно, сега се повикуваат на тоа дека овој предлог произлегува како обврска од Рамковниот договор, иако никаде во Рамковниот договор не е спомната никаква обврска да се донесе закон за амнестија - Јас лично мислам дека и оној предлог, предлог кој практично го поддржа и Меѓународната заедница, го поддржа и НАТО, цела та работа да биде регулирана со изјава на претседателот, можеби и најдобрата форма иако го респектирам мислењето на правните стручњаци дека една ваква материја би требало да се регулира со закон. Но ако веќе се регулира со закон, тој закон навистина мора да содржи барем еден неопходен минимум на дигнитет и на почитување на правната наука, на нешто што ќе биде навистина научно правно издржано, што очигледно не е случај.

Ние и како пратеничка група не го поддржавме Рамковниот договор. Тогаш дури, јас лично за себе говарам, моите квалификации отидоа до таму што моето тврдење беше дека се работи за еден велепредавнички чин на националните македонски интереси и на државните интереси. Тоа и понатаму доведо до измените во Уставот, што исто така мислам дека може да се толкуваат како еден изнуден чин затоа што тоа беше постигнато под голем притисок и под присила на оружјето, околу постигнување на политички цели.

Сега би сакал да отворам една визура која што ја потврдува тезата која и тогаш се обидував да ја експлицирам, а тоа е дека навистина незрелоста на политичката мисла кај македонскиот дел на политичари и политички партии практично доведоа до такви катастрофални последици. Мислам дека до тој степен наивно инфантилно и неодговорно се пристапи во севкупната криза што човек дури се прашува како беше можно да се превидат некои основни работи, основни принципи врз основа на кои треба да се базира еден правен демократски општествен поредок. Мислам дека навистина постои едно наивно наседнување на една, би рекол неформална доктрина која веќе е дефинирана и тоа подолго време е дефинирана дури и од американската научна политичка мисла. Тука можеме да се повикаме и на повеќе, навистина, видни угледни американски аналитичари кои практично ја експлицираат таа неформална доктрина, пред се угледниот аналитичар Семјел Хангтинтон каде што меѓуетничките војни се карактеризираат како судири на цивилизацијата, или војни на идентитети, или ако сакаме понатаму војни на култури војни на религии. Јас би сакал само да се вратам наназад и да потсетам како се одвиваше и каква беше генезата на целиот, би рекол изрежиран, контролиран конфликт кој завладеа во РМ.

Ако добро се сеќаваме, на почетокот на кризата и меѓународната заедница добро воочи и добро ја карактеризираше и ја оквалификува почетната позиција на вооружениот конфликт и рече дека се работи за терористички напади на екстремистички групи на терористички групи, имаше квалификација дека се работи за агресија, практично агресија која доаѓаше од еден меѓународен протекторат, па имаше квалифиакција дека се работи за содејство на политички идеи со криминогени дејанија и групи и понатаму тие квалификации, ако се сеќаваме самите ние со едно наше незрело однесување на политичките фактори во Македонија дозволивме да бидат

преквалификувани и тие да добијат карактер на општо народно востание, бунт на албанскиот народ и тн., со што практично дадовме потврда и сами влеговме во шемата на она што е една воена доктрина која е зацртана и во која самите влегуваме. Значи самите, дали, јас незнам тоа е направено од незрелост, од немање доволно свест за национални државни интереси, дали од корумпираност не навлегувам во тоа, меѓутоа дојдовме до тоа самите, практично да им дадеме идентитет кој не соодветствува, значи еден лажен идентите на носителите во почетокот на кризата Навистина практично со тоа дојдовме до нешто што можеме да го наречеме војна на ентитети што ние ги озваничивме, практично ги направивме политички субјекти оние кои се служеа со терор, што се служеа со насилство кои беа и така оквалификувани од меѓународната заедница, им го дадовме тој идентитет и после тоа самите почнавме да увидуваме дека практично не се работи, почнавме веќе да тврдиме, меѓутоа, тоа тврдење немаше веќе таква тежина пред мегународната заедница дека практично не се работи за војна или борба за човекови права, туку се работи за борба за освојување на територии. Кога веќе се работи за борба за освојување на територии, тоа веќе спаѓа во една би рекол друга квалификација на доктрината која практично и ја промовираше американската или дел од американската научна мисла, а тоа е дека практично тие војни мора да се сведат, во својот сублимат на војни за несоодветни граници кои во самата доктрина се означени како волт лајн, значи како погрешни граници, што и секојдневно сега добиваме потврди на таа теза дека во тој правец се движи македонската криза.

Во овие војни, според типичниот модел секогаш има привиден учесник. Тоа се тие првостепени учесници, второстепени и третостепени. Веројатно ги подразбирате во нашиот пример кои се првостепените.

Второстепените обично тоа се сродни држави или народи кои ја поддржуваат една од страните. Во овој случај на тие второстепени учесници, практично во нашиот случај што е тотално нетипично и апсурдно и смешно и крајно наивно, се јавија практично македонските или дел од македонските политички партии. Оние првостепени мораа сепак да остана и останаа дел од институциите на системот и безбедносните сили на РМ кои мораа и пружија отпор во целата таа агреција.

Третостепените сепак се најзначајните држави и најмокните политички сили од меѓународната заедница. Прекин на војната секогаш по оваа теорија бара практично исполнување на неколку услови. Тоа е активна вмешаност на второстепениот или на второстепените или третостепените страни, во македонскиот случај и македонската страна во судирот таа улога ја презедоа како што реков македонските политички партии. Кај албанската страна тоа беа и сеуште се Косово, Албанија, и албанските политички партии.

Преговори на третостепените страни за широки одредби, значи трета работа што се јавува тоа се тие преговори што ги покренуваат практично третостепените страни за широки одредби или рамки за прекин на војната. Овде тоа беше направено директно со иницијативата за Рамковниот договор чиј носител практично стана претседателот на Република Македонија што е уште поголем аспурд и веројатно најголемиот апсурд затоа што претседателот на РМ се подразбира дека треба да биде во првостепената група, првостепената страна, затоа што неговата најсвета и најголема должност е точно одбраната на суверенитетот и интегритетот на земјата. Меѓутоа, бидејќи ние навистина се сведуваме на се почести апсурди и тотални нелогичности, веројатно и американците би требало да ги преиспитаат своите доктрини или анализи што ги прават на овие балкански простори затоа што навистина сме нетипичен пример.

Третата работа која што би требало да се исполни, за да престанат ваквите судири, значи во развој на едно такво сценарио, е користењњто на стапот и морковот од страна на третостепените учесници за да второстепените учесници ги прафатат одредбите или рамките, поточно Рамковниот договор и да извршат притисок на првостепените учесници, да го направат истото. Апсолутно се поклопува во македонскиот случај до танчина.

Прекинување поддршка, поточно издајство или предавство на првостепените од страна на второстепените учесници, исто така е предвидено по една вакво сценарио, а тука многу лесно, навистина можеме да ги препознаеме македонските учесници во Рамковниот договор, поточно претсеателот на РМ околу чија инволвираност и парадокс веќе зборував и СДСМ како опозиција со монолитност во велепредајата и второстепен учесник, затоа што дел од владата или од

владеачката партија се обиде безуспешно, можеби и лажно да прикаже или да му објасни на македонскиот народ дека сепак се наоѓа под пресија и дека целата работа се прави под принуда и дека всушност не ја одобрува исправноста на идејата околу донесување воопшто на Рамковниот договор која што понатаму беше спроведена низ уставните промени во РМ. Според оваа доктрина, предавството на своите или од своите е цената на мирот во војните на идентитетите или војните заради несоодветните граници. Значи едно сценарио каде што навистина апсолутно се препознава македонската стварност за жал.

Најголемиот апсурд кој никогаш не се случил ниту ќе се случи било каде и било кога, освен во Македонија и со македонците е самооткажувањето или самодеструкцијата, или ако сакате само деградацијата на сопствениот национален идентитет, како најголемо велепредавство што го направија одредени политички фактори од македонскиот блок со прифаќањето на Рамковниот договор и извршените уставни промени, со кои македонскиот народ ја изгуби конститутивноста, а државата го изгуби граѓанскиот карактер. Тоа се направи, откажувајќи се и менувајќи ги историските факти кои по дефиниција се непроменливи.

Македонија се доведе во ситуација заради, практично недокваканост на нејзините политичари, да биде принудена да ја прифати болната но вистинита констатација дека војните заради несоодветни граници или војните на идентитети вријат одоздола, а мирот капе полека капка по капка одозгора.

**СТОЈАН ПОПОВ:** (продолжение)

Точно заради тоа, заради катастрофалните и фатални промашувања на дел од македонските политичари доведени сме во ситуација да донесувамs компромисни решенија како што е и идејата за донесување на законот за амнестија. Најдобро е затоа амнестијата да остане во рамките на изјавата на претседателот што беше и првобитна идеја на т.н. меѓународна заедница, а не да се имплицира македонскиот народ преку своите народни избраници во глупоста и велепредавството на претседателот на државата и дел од македонските политички партии и поедини политичари кои влегоа во оваа срамна авантура апсолутно вон институционално и без никаков легитимитет. И практично не доведоа точно оние кои што не предупредуваа дека на Македонија и претстои опасност од босанско сценарио, тоа многу често го слушаме од многу политичари, и ден денес ми одѕвонуваат оние силни интервјуа на г-динот Бранко Црвенковски, дека ми прети тоа босанско сценарио. Точно ваквото однесување на македонските политичари ни се чини дека Македонија ја ставија на босанскиот колосек од кој тешко дека ќе излеземе, ако вака продолжиме. Оваа фатална авантура не беше и не е по волја на македонскиот народ и на мнозинството граѓани на РМ. И мислам дека е многу би рекол лажна сликата и претставата на македонските политички партии ако мислат дека сето ќе остане практично на чинот кој што тие го направија во македонскиот парламент. Не верувам дека тоа ќе биде така. Кога веќе сме доведени во позиција да се определуваме за компромисни решенија, барем да се потрудиме, значи јас лично кажувам дека јас не гледам воопшто причина за да се донесува закон за амнестија. Меѓутоа, бидејќи грешките се веќе направени и зборуваме постфестум каде што тешко може тркалото да го вратиме назад, да се потрудиме барем во тој закон кој што се предлага да има минимум достоинство и правна издржаност. Јас не можам да разберам и сеуште не ми е јасно тврдењата на македонските политички партии или на лидерите на политичките партии кои што учествуваа во договарањата, или преговорите кај претседателот на Републиката кои што сега тврдат дека практично не е договорено она што е понудено низ законот за амнестија, дека практично тука тоа е волја на министерот за правда и дека има отстапување од она што било договорено кај претседателот на Републиката. Тоа се сериозни изјави и јас се надевам дека тие ќе останат доследни на своите изјави дека нема да поддржат ваков концепт на закон околу кој што не дале свој пристанок и околу кој не се договориле. Ако е така, јас ги повикувам македонските политички партии чии лидери учествуваа во разговорите кај претседателот да не го поддржат овој закон во ваква форма. Во таа насока ние предложивме амандмани кој што мислиме дека остануваат на потребното ниво на правната наука и правната издржанос и го имаат достоинството кое што мора да го има секоја суверена самостоја држава. И тие амандмани ги понудивме и ќе бидат на разгледување. И апелирам до господата пратеници да ги прифатат тие амандмани.

Од друга страна не можам да го разберам и сеуште не го разбирам инсистирањето на итноста во целата

постапка. Значи, очигледно учесниците во целава оваа ујдурма веќе изгледа заборавија и на содржината на рамковниот договор, или пак им се диктира од меѓународната заедница едно такво темпо и една таква слика да веќе не можат ни да се сетат веројатно кои обврски и што точно пишува во Рамковниот договор. Само би се навратил на основните принципи на раммковниот договор каде што првиот принцип вели: целосно и безусловно се отфрла употребата на насилство за остварување политички цели. Само мирни политички решенија можат да ја гарантираат стабилноста и демократската иднина на Македонија.

Вториот принцип, значи од основните принципи, суверенитетот и територијалниот интегритет на Македонија и унитарниот карактер на државата: се неповредливи и мора да се зачуваат. Не постојат територијални решенија за етничките прашања. Посебно би потсетил на вториот став, значи од Рамковниот договор каде што се вели, страните го истакнуваат значењето на заложбите од 5 јули 2001 година, ќе има целосен прекин на непријателствата, целосно доброволно разоружување на етничките албански вооружени групи и нивно целосно доброволно распуштање. Тие го прифаќаат фактот дека за донесување одлука од страна на НАТО да помогне во овој контекст итн. Значи, никаде не се зборува практично за тн.н ОНА, туку се зборува за разоружување на етнички албански вооружени групи. Тоа до ден денес не е направено, затоа што вооружени албански групи сеуште делуваат во Македонија, а дали го промениле името од ОНА во АНА, мислам се навистина крајни наивни приказни. И, наместо државата Македонија да се повика на овие работи, значи кои што се зацртани во Рамковниот договор и да даде примат и приоритет на исполнување на овие основни принципи од Рамковниот договор, значи првенствено да бидат сите вооружени групи разоружани, да се врати територијалниот интегритет и суверенитетот на целата територија на државата Македонија. Овде се форсира идеја под итно да се донесе закон за амнестија кој што воопшто не се ни спомнува во Рамковниот договор. Уште еден тотален апсурд.

Во интерес на времето, јас тука би ја завршил својата дискусија. Уште еднаш да потврдам, немам намера да гласам за ваква карикатура од закон.

**РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ:**

Јас навистина ќе бидам краток, не сакав во општо да се вклучам во расправа, но ме поттикна малку г-динот пред мене што зборуваше, затоа што видов дека тој фактички коментираше една многу позната книга која деновиве ја купуваат многу во Република Македонија "судир на цивилизации", и од тоа сакаше да извади компарација односно некоја компарација во РМ, и теоретски расправи што се водат таму. Уште еднаш би сакал да кажам дека крајно е опасно ако ние и понатаму живееме со минатото затоа што на минатото не му се знае почетокот, или пак сакаме да претпоставуваме како ќе биде иднината, затоа што на иднината не и се знае крајот. Ние мора да живееме со сегашноста, со реалноста. Факт е дека сите ние помалку, или повеќе констатиравме дека дефинитивно во РМ, за да имаме потполна интеграција на државата, реинтеграција, ке мора да донесеме еден закон. Иако, може теоретски да се расправа околу тоа дали треба, или не треба закон за амнестија. Јас отворено ќе ви кажам, дури има и такви од господата што учествуваа во конфликтите кои што викаат: мене не ми треба амнестија, затоа што јас сега сум амнестиран. Фактот дека, ние како сите помалку, или повеќе, некој погласно, или преќутно прифатив дека не успеавме за десет години во РМ, да изградиме либерална демократија, тоа доведе до конфликти. Демократијата сама по себе не значи дека се решаваат сите проблеми по автоматизам. Дури демократијата некогаш слаба точка им е токму решавање на меѓунационалните односи. Но една либерална демократија каде што групите било тоа по национална основа, или по друг основ слоева се става на дневен ред и се расправа по нив. Јас се сеќавам уште на почетокот на 90-тите години во првите средби со луѓето кои што доаѓаа од запад и на прашањето демократија, ние секогаш се жалевме и се жалиме. Разликата во демократија и недемократски земји е тоа што луѓето кога се жалат за нешто и некој ги слуша, ги става на дневен ред нивните жалби во вистинската либерална демократија. Јас прв пат на една ТВ емисија слушнав еден македонски политичар, не сакам да го спомнувам името, да признае дека десет години албанците и македонците, односно парламентот не расправаше, или немаше доволно слух да отвори одредени прашања, плашејќи се политичките партии и Влади да се отворат таквите прашања можат да бидат опасни по нивниот рејтинг и по нивното

владеење, цело време ги одлагавме. И дојдовме во ситуација тие одложени проблеми да ни ескалираат. Ако ние со овој закон сите прекутно, или гласно констатираме дека почнуваме да градиме едно друго убедување за демократијата во РМ, т.е. сите политички барања било тоа да се од слоеви, синдикални или други, не се отвораат да се расправаат. Ние ќе мора да признаеме дека нема воспоставено вистинска демократија, инаку, да ве потсетам демократија и слободни избори има и во Техеран, односно во Иран. Со тоа не значи дека е таа либерална и демократска држава. Само по себе тоа не значи дека во тие парламенти таму се расправа и се третираат прашањата како што би требало да се третираат. Според тоа, овде најдобро би било ако веќе неколку пратеници се повикаа на меѓународни институции, а на тие меѓународни институции и тие извештаи, особено во последниот од Стејт Департментот јасно беше кажано се, кој згрешил во оваа војна. Јасно беше кажано дека се згрешило и тоа дебело и нашите институции. Ве прашувам, дали може еднострано да имаме ние помилување и амнестија. Ако веќе констатираме дека се згрешило од двете страни. Затоа, можебие нас ни треба овде да собереме храброст и да ги признаеме нашите грешки. Се повикуваме била граѓанска револуција, или како ќе ја наречеме за права. Да. Ние навистина не дозволивме, или немавме војна за територии. Инаку, да имавме војна за територии, овој парламент немаше да биде ваков, сигурно немаше да биде ваков. Тоа што успеавме ние да направиме за разлика од другите држави, каде што парламентите се преполовија, ние успеавме да ги задржиме институциите. Тоа е прв доказ дека во РМ, немавме војна за територии. Имавме војна за права, права политички барани десет години со сите можни механизми демократски, со излегување на избори, со јасна платформа кои се барањата. Еднаш, двапати излегување на демонстрации, искажување на незадоволство. Секој, еден кој што навистина е демократски ориентиран да ги реши проблемите му беше јасно дека тие прашања мора да се стават на дневен ред. Но, за жал ние тоа не го направивме покрај сите сигнали кои јасно беа кажани дека еден ден постои опасност тоа да ескалира. Ако не ви е мачно, земете го стенограмот кога го донесувме Законот за високо образование. Уште тогаш во моето излагање реков, ако сериозно не застанеме да ги решаваме проблемите, постои опасност ние да се соочиме со несакани последици. И сега, пак не би сакал да се опуштам, знам дека сте уморни, дајте дефинитивно денеска со овој закон сите заедно да се согласиме, да дадеме шанса на мирот и прв пат да установиме вистинска либерална демократија во РМ, кога секогаш ќе се јавуваат проблеми, да седнеме и да разговараме и да ги решиме како што е пропишано и со Уставот и со Законот и што е пракса во развиените држави.

**СТОЈАН ПОПОВ:**

Реплика сосема кратка. Не мислам да се впуштам во долги дискусии, само би потсетил дека Македонија до пред конфликтот зо очите на севкупната демократска Европска и светска јавност, значи во сите оцени на меѓународната заедница и нејзините институции беше оценета како пример за меѓуетничко живеење, толеранција и демократско функционирање на една млада самостојна држава. Тие оценки не може да биле случајно дадени, туку се дадени врз основа на следењето и искуството во изминатите десет години на самостојна Македонија. И тоа немојте да го заборавате и немојте да ни кажувате приказни овде.

Друга работа, ви рековме бидејќи сме доведени во ситуација од сопствената недокваканост. Да прифатиме компромисни решенија да изгласаме закон за амнестија, меѓутоа, закон кој што ќе биде навистина правно издржан и од кој што нема да се срамат правниците не само во Македонија, туку и пошироко. Кој што ќе се базира врз основи на правната наука. Јас би ви кажал еден студент на прва година да го види овој закон што е понуден, не да би се изнасмеал, тоа е жално. И сакате да кажете дека е тоа закон кој што е во ред.

**РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ:**

Само сакам да го потсетам господинот дека таквите изјави незнам колку се точни. Токму тука е најголемата грешка, убедувајќи се себе и претпоставувајќи, односно создавајќи убедување дека сите се убедени со тоа што вие мислите, создадовте погрешна слика и внатре и надвор, што надвор воопшто не беше така. Јас сум во делегацијата во Северoатланскиот парламент на НАТО и не мислам дека сите така баш мислеа дека во Македонија е мед и млеко. Но, она на што јас сакав да ве потсетам и јас ќе се повикам на една иста ваша книга која вие ја читате. Нека биде крајот на историјата, а крајот на историјата е кога почнува демократијата и либералната демократија. Токму тоа сакав денеска ние понатаму не сакаме во РМ, и да

не создадеме услови да создадеме конфликтни ситуација каде што секој ќе сака да пишува историја. Историјата ќе умре, тогаш кога ќе заживее вистинската либерална демократија. И, изворите на конфликти било внатре, било надвор ќе бидат елиминирани. Ние констатираме дека со овој закон сите извори на конфликти во минимум ќе бидат намалени.

И друга работа, амнестијата само треба правно да покрие одредено убедување.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Реплика, иако не е спомнат г-динот Вангел Симев.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа, господинот Ризван Сулејмани искажа многу невистини ...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, задржете се на тоа што на вас се однесува инаку нема смисла да давате коментар на некоја дискусија.

Сакам пак да ви кажам држете се до Деловникот, можеби и јас сум пропуштил нешто но колку што следев не ве спомна ниту се осврна на ниедно ваше излагање. Продолжете само кратко.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Очигледно е дека тој што дава, а тоа е во овој случај Македонија е виновна ги осуди сите овие давања што ги имаше Македонија почнувајќи од Рамковниот договр, локалната самоуправа и сега амнестијата. Сакам да ја поврзам со неговото прво образложение што недемократијата во Македонија наводно западниот свет имал висока демократија. Нека се замисли г. Сулејмани во Германија какви права имаат големото малцинство Турци и дали имаат право да се однесуваат и на кој јазик имаат образование.

Второто прашање немавме војна за територија, а нека каже што е иселувањето и палењето на куќите на македонците кои живеат во западна Македонија, со векови живеат на таа територија, а зошто никој од албанските пратеници не ги осуди. И понатаму не им дозволуваат на граѓаните да влезат во своите села во кои живееле со векови. Зарем не е тоа етничко чистење на териториите. Зарем не е војна за територии.

Третото прашање, го спомна високото образование. Пред да го добијат законот за високо образование и тогаш бев против да им се даде високо образование бидејќи немаа цел да се образуваат, целта им е друга, територија и отцепување на делови од териротијата на Македонија. Тогаш албанците укажуваат дека ако не добијат високо образование ќе има војна. Тоа и премиерот ми го рече не гласај, но немој да дискутираш, во спротивно ќе има војна. Еве и високо образование ви дадовма и војна. И Рамковен договор им дадовме и пак не се помируваат. И локална самоуправа и пак не се помируваат и амнастија ќе им дадате сега пак нема да се помират. Каде води ова. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам општиот претрес. Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот. Претставникот на Владата да си седи во салата. Пратениците нека влезат во салата ќе работиме по текстот. Ве молам за тишина. Процедурално г. Никола Јованов.

**НИКОЛА ЈОВАНОВ:**

Господине претсадатале, во овој момент сма известени дека е прекинат преносот од седницата на Собранието. Ако оваа тема не е интересна за јавноста, ако на некој начин са врши притисок врз јавноста да не ги следи овие расправи околу еден суштински закон како што е амнастијата, јас мислам дека нема смисла понатаму да продолжиме. Не е пробламот на овој Парламент маѓу себе да дискутираме. Ако се пренесуваат седниците за помалку важни прашања, важно е да се пренесува и за ова.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Едно појаснувања. Јас сум долго претседател на Собранието, никогаш не сум вршел притосок да пренесуваат или да прекинат. На сум режисер, тоа е работа на тие што се задолжени за тоа.

Одиме понатаму.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Владата на Република Македонија поднесе амандман на член 1 став 4 и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Билал Лутфии поднесе амандман на член 2 за додавање нов став 2 по ставот 1, по кој Владата не се произнела.

Пратениците Никола Јованов, Саво Климовски, Стојан Попов, Радомир Карангелески и Љупчо Анушев поднесоа амандмани за менување на член 1 за додавање

нов член 1-а по членот 1, за додавање нов член 1-б, за додавање нов член 1-в, за бришење на член 3 и на член 5 став 2, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Никола Јованов, Саво Климовски, Стојан Попов, Радомир Карангелески и Љупчо Анушев го повлекоа амандманот за менување на член 1 поднесен под број 07-1038/6.

Пратениците Никола Јованов, Саво Климовски, Стојан Попов, Радомир Карангелески и Љупчо Анушев поднесоа амандман за менување на член 1 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Никола Поповски поднесе амандмани на член 1 став 1 и на член 1 став 2, по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 2 за додавање нов став 2 по ставот 1, поднесен од пратеникот Билал Лутфии.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда.

**ИЏЕТ МЕМЕТИ:**

Имајќи го предвид фактот дека во владина процедура е подготовката на законот за служба во АРМ, сметаме дека ова прашање може да се регулира во тој закон и Владата смета дека овој амандман не треба да се прифати.

Амандманот не го прифаќаме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, дали некој друг бара збор?

Господинот Билал Лутфии.

**БИЛАЛ ЛУТФИИ:**

Почитуван претседателе, колеги пратеници, почитуван министре, прашањето со кое сакам да го решиме овој предлог верувам дека сите пратеници се заинтересирани за ова, впрочем овој проблем сум го покренал во ноември 2001 година со еден амандман кога беше донесен законот за одбрана.

Тогашниот министер за одбрана ме убеди од оваа говорница дека треба посебен закон за да се регулира статусот на тие луѓе во Република Македонија кои од објективни причини не биле во можност да го отслужат воениот рок.

Да бидам поконкретен со овој амандман предлагам да се најде решение за тие млади луѓе, бидејќи по 30-тата година тие ќе бидат предмет на правосудните органи.

Само да ве потсетам дека во Републикава такви луѓе кои исполниле 30 години има 5250 од кои по национална припадност 3250 има македонци, 1650 албанци, а другите се од друга национална припадност. Значи, не се работи само за албанци, за македонци, туку за сите националности. Овој проблем може да се реши само во ова Собрание, па јас апелирам до сите пратеници овој амандман да се прифати, а статусот на овие граѓани може да се реши со закон за служба во АРМ но иако сум лаик во правните прописи не држи, но го сватив министерот дека не брани лични ставови, туку тоа е став на Владата, но му замерам затоа што имал време во текот на денот да се консултира со премиерот, бидејќи сум се консултирал и кога разговарав во 4 очи ми рече дека треба и со г. Џафери, Имери и Бранко Црвенковски, јас вршев консултации само не сум вршел со г. Имери, со Бранко Црвенковски да, со г. премиер да, па да не образложувам понатаму по овој амандман барам поддршка од вас како колеги да ме поддржите и од друга проста причина ако дозволиме се што е во интерес на граѓаните на Република Македонија да се предложи само од Владата или само од 4 лидери, не сакам да го омаловажувам придонесот на 4 лидери, но треба и ние овде да смогнеме сили и на овие граѓани да им излеземе во пресрет. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 88 пратеници од кои 25 за, воздржано гласале 19, против гласале 44 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отоворам претрес по амандманот за менување на член е поднесен од пратениците Никола Јованов, Саво Климовски, Стојан Попов, Радомир Карангелески и Љупчо Анушев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда.

**ИЏЕТ МЕМЕТИ:**

Со оглед на тоа дека амандманот излегува од основниот концепт врз кој се темели законот како и целите што треба да се постигнат со донесувањето на законот за амнестија имено основниот концепт е базиран на документите или писмата кои беа разменети од страна на

претседателот на државата и претставниците на Европската заедница.

-Владата не го прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господинот Саво Климовски.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Почитуван г. претседателе, почитувани колеги пратеници, претставници на Владата.

Најпрвин сакам да го изразам своето незадоволство што без потреба националната телевизија им го ускрати правото на граѓаните да видат како ќе одлучиме во финалниот дел и за што ќе се определиме иако јас како претседател на Собрание имав еден таков остар протест од пратеникот Петар Гошев по што ја прекинав седницата и овозможив таа да добие јавност. Впрочем тоа е должност на македонската телевизија да пренесува да видиме кој како гласа, во спротивно јас би предложил да бидат камерите кај четворицата јавачи на апокалипсата заедно со претседателот и нека си изгласаат се што треба, нема потреба, но добро, како и да е вие претседавате, вие си ја носите одговорноста, не сакам да поверувам дека и вие сте вмешани во тоа.

Јас би сакал најпрвин да дадам една експликација бидејќи се работи за еден правнички крајно неиздржан закон. Слушав повеќе пратеници кои велеа кој му даде диплома на претседателот, кој им даде диплома на многу пратеници правници итн, но за жал и јас сум еден од потписниците на таа диплома.

Сакам да укажам дека барем малку имајте доверба дека барем малку знам повеќе од областа на парламентарното право, на уставното право, на она што триесет и неколку години работам и го предавам и барем малку повеќе сум видел закони, сум видел резолуции, декларации, препораки, одлуки, се што еден Парламент може да донесе и можам да ви кажам дека член 1 на овој закон не само што не може да се подведе под било каква норма на една правно организирана држава, туку не може да го издржи ниту критериумот на една обична политичка декларација и повеќе од тоа. Тој ги суспендира веќе постојните донесени од овој Парламент Кривичен закон, Закон за кривична постапка, Закон за јавното обвинителство и ги суспендира основните темелни вредности на уставниот поредок, а тоа е дел од слободите и правата на човекот и граѓанинот. Ќе се обидам тоа да ви го објаснам пред да го прочитам амандманот да остане во документацијата на овој Парламент.

Имено, со амнестијата од став 1 и 2 на овој член се вели: се ослободуваат од гонење за кривично дело според Кривичниот законик и друг закон, замислете било кој друг закон на Република Македонија, лицата за кои постои основано сомнение дека подготвиле и сториле кривични дела поврзани со конфликтот до 26 септември 2001 година.

Го поставувам прашањето од кога трае овој период, дали е тоа лимитирамо затоа што го имаме само едниот елемент таков закон не може да постои.

Второ, дали е утврдено, ќе ве молам, битието на конфликтот. Дали тој конфликт настанал поради нарушување на човековите права, дали настанал поради агресија на територијата, дали настанал од други причини овде се вели кривични дела поврзани со конфликтот. Јас молам закон е во прашање ...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас молам повеќе внимание да го следиме излагањето на говорникот.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Знаете што господине претседателе, јас реков и на почетокот овие позади мене колеги пратеници сигурни се дека овие пред мене ќе гласаат и затоа им е сеедно не сакаат да слушнат правни аргументи, а навистина со тоа ја разградуваме правната држава. Затоа сакам да укажам, да му укажам и на министерот кој ни кажува дека ова е врв на правото и на правната држава. Јас сакам со аргументи да укажам дека овде не постојат елементи по кои ќе се утврдува што е битието на кривичното дело. Тоа не може да биде конфликтот. Тоа е едно.

Понатаму вели дека потполно се ослободуваат од извршување на казната затвор за кривични дела според Кривичниот законик и друг закон на Република Македонија лицата кои подготвувале или извршиле кривични дела поврзани со конфликтот до 26.09.2001 година.

Овде го поставувам прашањето за да некој се ослободи од кривично дело вие треба да наведете кое е тоа кривично дело, битието на кривичното дело не можете да носите ваков закон затоа што тој закон е навредлив и за албанците, а

јас ќе ви кажам зошто е навредлив за албанците затоа што овде албанските политички фактори не кажуваат дека сите албанци им дале поддршка и учествувале во подготовка на овој конфликт. Дали значи дека сите тие, јас не верувам во тоа и не сакам да верувам во тоа и мислам дека е навредливо и за сите албанци покрај тоа што не е точно утврдено што е во прашање овде сите не биле, веројатно, логистичка поддршка на ОНА. Во тој случај мислам дека една ваква одредба не може да опстане.

Понатаму, реков дека се нарушени и дел од темелните вредности на уствниот поредок. Ќе ве молам, кој му го одзема правото на било кој граѓанин на Република Македонија без разлика дали е македонец, албанец, турчин итн., да поднесе кривична пријава и да побара од органите на прогонот да постапуваат за елементи кои што лично го засегаат.

**САВО КЛИМОВСКИ:** (продолжение)

Не мора да биде тоа убиство. Еве, му го украле автомобилот, му ја срушиле куќата, му влегле во имотот и на едни и на други. На сите граѓани велам. Значи ова им го скратуваме тоа право, што било било, кој изгубил изгубил, и понатаму милоста на државата ако сака да даде. Ќе ве молам тоа е веќе рушење на човековите слободи и права. Ова може да не однесе нас во Стразбург. Според тоа ние предлагаме таа срамота барем, ако веќе се носи закон за амнестија, барем да се исправи и во таа смисла да се внесе амандман кој би гласел:

Членот 1 се менува и гласи:

За кривични дела од глава 28 од Кривичниот законик, кривични дела против државата, како и за делата што се во врска со тие дела.

- телесна повреда, член 130, со исклучок на делата извршени врз цивилно население;
- тешка телесна повареда, член 131, со исклучок на делата извршени врз цивилно население;
- присилба, член 139, со исклучок на делата извршени врз цивилно население;
- противправно лишување од слобода, член 140, со исклучок на делата извршени врз цивилно население;
- загрозување на сигурноста, член 144, со исклучок на делата извршени врз цивилно население;
- нарушување на неповредливоста на домот, член 145;
- противзаконито вршење на претрес, член 146;
- узурпација на недвижности, член 225;
- пустошење на шуми, член 226;
- кражба, член 235;
- тешка кражба, член 236;
- одземање туѓи предмети, член 241;
- одземање на моторно возило, член 242;
- оштетување на туѓи предмети, член 243:
- оштетување на станбени и деловни згради и простории, член 245;
- и сите други членови кои се однесуваат на граѓаните на цивилното население, а не на припадниците на конфликтот. Значи ние сите тие ги имаме наведено членови, за да не не носат граѓаните сега нас како држава, а срамот да го фрлаат на овој Парламент до Стразбург.

Полно право имаат они ова да го поднесат, ако на некој нешто му е одземено ние не можеме со овој закон сега да го амнестираме и да речеме вие немате право на тоа. Па, своетото право е приватна сопственост. Како ние тоа ќе му го одземаме на цивилното население? Ние мораме да го изземеме со овој закон тоа. Затоа ние предлагаме да се ослободат од кривично гонење и запираат кривични постапки, потполно ослободување од извршување на казна лицата затоа што тука утврдуваме кој и што тоа го направиле од 1 јануари 2001 година до 26 септември 2002 година, а бидејќи амнестијата со однесува на лица кои пред 1 јануари 2001 година подготвиле кривични дела во врска со конфликтот во 2001 година ние велиме тоа и го бараме, затоа што сепак тоа е еден процес и но можоме да го стопираме со 1 јануари. Се што е извршено после 1 јануари 2001 година влегува во овој закон.

Според тоа мислам дека сметаме дека е прешироко воведувањето на поимот "дела поврзани со конфликтот" и тоа би резултирало со општа амнестија на било кој криминален акт. Ве молам, не е ние да го доносеме, ќе го донесеме, решило да го донесат, ќе го донесете тој закон, само ако го донесеме барем минималното достоинство на познавање на правната струка, на правната наука и на правото воопшто во оваа држава заради сопствениот дигнитет, и како преставничко тело и како поединци,

а и јас како професор по право сум должен тоа да ви го кажам и должен сум да остане, па ги молам пратениците да го имаат ова во предвид и да гласаат за овој наш амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Гласале вкупно 81 пратеник, 37 пратеника гласале за, воздржани гласале 17 и против гласале 27.

Констатирам дека амандманот не е усвоен.

(Љупчо Анушев бара поддршка од 10 пратеника за поединечно гласање)

Добро, има поддршка од 10 пратеника.

Изведете поединечно гласање ве молам.

| | |
|---|---|
| ЈОНУЗ АБДУЛАИ | против |
| АБДУРАХМАН АЛИТИ | против |
| АБДУЛА АЛИУ | против |
| ЌАНИ АЛИУ | против |
| МИЛОЈКО АНГЕЛОВСКИ | отсутен |
| СТОЈАН АНДОВ | за |
| КИРИЛ АНДОНОВСКИ | воздржан |
| МАГДАЛЕНА АНТОВА-ВЕЛЕВСКА | за |
| ЉУПЧО АНУШЕВ | за |
| АМДИ БАЈРАМ | отсутен |
| ДЕМУШ БАЈРАМИ | против |
| ФАДИЛ БАЈРАМИ | против |
| ДИМИТАР БАТКОСКИ | отсутен |
| МЕРСЕЛ БИЉАЛИ | против |
| ВАЛЕНТИНА БОЖИНОВСКА | отсутна |
| ЈОРДАН БОШКОВ | отсутен |
| ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ | за |
| АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ | против |
| СЛОБОДАН ГАРЧЕСКИ | воздржан |
| ВАСИЛ ГАЏОВСКИ | отсутен |
| МИХАЈЛО ГЕОРГИЕВСКИ | воздржан |
| ТРАЈКО ГЕШОСКИ | за |
| АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ | за |
| ДАНИЛО ГЛИГОРОСКИ | воздржан |
| ПЕТАР ГОШЕВ | отсутен |
| СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ | отсутен |
| ЗАМИР ДИКА | против |
| ВАНЧО ЃОРГИЕВ | отсутен |
| ИЛИЈА ЃОРЃИЕВ | отсутен |
| ФАТМИР ЕТЕМИ | против |
| ВАСИЛ ЕФТИМОВ | воздржан |
| НАСЕР ЗИБЕРИ | против |
| ЉУБИСАВ ИВАНОВ-ЅИНГО | отсутен |
| МИРКО ИВАНОВ | за |
| ИЛИЈА ИЛОСКИ | за |
| ДЕЛЧЕ ИЦКОВ | против |
| ЖАРКО ЈАНКОСКИ | отсутен |
| НИКОЛА ЈОВАНОВ | за |
| ВЕСНА ЈОВАНОВСКА | воздржана |
| МАРИКА ЈОРДАНОВА | отсутна |
| НАЗМИ КАДРИУ | против |
| РАДОМИР КАРАНГЕЛЕСКИ | за |
| ЖАРКО КАРАЏОСКИ | воздржан |
| РЕНАТА КЕРПИЧОСКА-БОШЕСКА | воздржана |
| МИТКО КИРОВ | воздржан |
| ЛАЗАР КИТАНОСКИ | за |
| САВО КЛИМОВСКИ | за |
| СТОЈАН КОВАЧЕСКИ | отсутен |
| ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ | воздржан |
| ИЛИЈА ЛАЗАРОВ | оздржан |
| ГОРАНЧО ЛАЗОВ | отсутен |
| БИЛАЛ ЉУТФИИ | отсутен |
| ЈАНИ МАКРАДУЛИ | за |
| ВАСЕ МАНЧЕВ | за |
| НАТАЛИЈА МАРКОВИЌ-ДИМОВА | отсутна |
| ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА | воздржана |
| ДИСПИНА МАРКОВСКА | воздржана |
| ЗВОНКО МИРЧЕСКИ | за |
| ДРАГАН МИТЕВСКИ | отсутен |
| КИРИЛ НАСТЕСКИ | за |
| РУБЕНС НАУМОВСКИ | за |
| ГОРАН НЕВЕНОВСКИ | отсутен |
| ЛАТИФ ПАЈКОСКИ | отсутен |
| АЛЕКСАНДАР ПАНДОВ | против |
| ВАНЧО ПАНЧЕВ | воздржан |
| ИЛИЈА ПЕМОВ | воздржан |
| ТИТО ПЕТКОВСКИ | за |
| ЧЕДО ПЕТРОВ | отсутен |
| ТОМИСЛАВ ПЕТРОВСКИ | за |
| АЗИС ПОЛОЖАНИ | против |
| СТОЈАН ПОПОВ | за |
| ЉУБОМИР ПОПОВСКИ | воздржан |
| НИКОЛА ПОПОВСКИ | воздржан |
| ИЛИЈА ПРАНГОСКИ | за |
| ИСМЕТ РАМАДАНИ | против |
| ЉУПЧЕ РИСТЕСКИ | воздржан |
| НЕНАД РИСТОВСКИ | за |
| АЦЕ САЈКОСКИ | за |
| АСЛАН СЕЛМАНИ | отсутен |
| БОРЧЕ СИБИНОВСКИ | воздржан |
| ВАНГЕЛ СИМЕВ | за |
| РИСТО СПАНАКОВ | отсутен |
| КРАЛЕ СПАНЧЕВСКИ | воздржан |
| ЃОРЃИ СПАСОВ | воздржан |
| МИЛАН СТАВРЕВ | воздржан |
| НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ | отсутен |
| ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ | воздржан |
| ВОИСЛАВ СТОЈАНОСКИ | отсутен |
| БЛАГОЈ СТОЈКОВСКИ | за |
| ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ | отсутен |
| ВЛАДО СУГАРЕВСКИ | за |
| ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ | против |

| | |
|---|---|
| РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ | против |
| МУХАМЕД ТАИРИ | против |
| АЛЕКСАНДАР ТАЛЕВСКИ | воздржан |
| МЕВЉАН ТАХИРИ | против |
| МИТКО ТИЛЕВСКИ | за |
| ЃОРГИ ТОДОРОВ | за |
| РИСТО ТОДОРОВ | за |
| ПАВЛЕ ТОДОРОВСКИ | за |
| ПАНДЕ ТОМОВ | воздржан |
| КОЦЕ ТРАЈАНОСКИ | воздржан |
| ГОРАНЧО ТРАЈКОВ | отсутен |
| ТАНАС ТРАЈКОВСКИ | отсутен |
| АЛЕКСАНДАР ТРПЕВСКИ | воздржан |
| БОРИСЛАВ ТРПОВСКИ | отсутен |
| СЛОБОДАН ЌОСЕВ | за |
| ТАКИ ФИТИ | отсутен |
| АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ | отсутен |
| ИЛЈАЗ ХАЛИМИ | против |
| БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ | за |
| СЕЈФЕДИН ХАРУНИ | отсутен |
| КАСТРИОТ ХАЏИРЕЏА | против |
| БРАНКОЦРВЕНКОВСКИ | воздржан |
| МИЛАНЧО ЧЕРКЕЗОВ | за |
| ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ | отсутен |
| АРБЕН ЏАФЕРИ | отсутен |
| АЛИЈА ШАХИЌ | отсутен |
| РАДМИЛА ШЕКЕРИНСКА | воздржана |

**СТОЈАН АНДОВ:**

Вкупно гласале 84 пратеника од кои "за" гласале 33 пратеници, "против" гласале 22 и "воздржано" 29 пратеници.

Констатирам дека амандманот не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 1-б поднесен од пратениците Никола Јованов, Саво Климовски, Стојан Попов, Радомир Карангелески и Љупчо Анушев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ИЏЕТ МЕМЕТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

(Никола Поповски од место прашува за кој амандман се гласа)

Ве молам ќе го повториме.

На гласање е даден амандманот за додавање нов член 1-б поднесен од пратениците Никола Јованов, Саво Климовски, Стојан Попов, Радомир Карангелески и Љупчо Анушев.

Значи, за него гласаме. Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 84 пратеници од кои "за" гласале 19 пратеници, "против" гласале 26 и "воздржано" 39 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 1-б поднесен од пратениците Никола Јованов, Саво Климовски, Стојан Попов, Радомир Карангелески и Љупчо Анушев.

Ова е заради тоа што кога сум го превртел првиот амандман, што не беше прифатен, сум фатил два листа.

Сега е се во ред.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ИЏЕТ МЕМЕТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 84 пратеници од кои "за" гласале 19 пратеници, "против" гласале 26 и "воздржано" 39 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманто за додавање нов член 1-в поднесен од пратениците Никола Јованов, Саво Климовски, Стојан Попов, Радомир Карангелески и Љупчо Анушев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ИЏЕТ МЕМЕТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 85 пратеници од кои "за" гласале 20 пратеници, "против" гласале 32 и "воздржано" 33 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 3 поднесен од пратениците Никола Јованов, Саво

Климовски, Стојан Попов, Радомир Карангелески и Љупчо Анушев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ИЏЕТ МЕМЕТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Се извинувам, амандманот се повлекува.

Отворам претрес по амандманот на член 5 став 2 поднесен од пратениците Никола Јованов, Саво Климовски, Стојан Попов, Радомир Карангелески и Љупчо Анушев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ИЏЕТ МЕМЕТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, дали некој друг бара збор?

**ЉУПЧО АНУШЕВ:**

Господине претседателе, почитувани пратеници,

Очигледно е створена машинерија за изгласување и сакам само да кажам некои колеги кога го гласавме законот за пратеници се срамеа како ќе се движат меѓу народот, незнам како ќе се движат сега после овие закони.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Амандманот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 87 пратеници, од кои 20 за, воздржано 33, и против 34.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 1 став 1, поднесен од пратеникот Никола Поповски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда Г. Иџет Мемети.

**ИЏЕТ МЕМЕТИ:**

Амандманот на се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали неој друг бара збор?

Има збор г-динот Чедомир Краљевски, процедурално.

**ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги, Се до овој момент ние бевме убедени дека понудениот текст на овој закон е постигнат и е плод на еден консензус меѓу четирите лидери односно четирите политички партии што учествуваа на преговорите кај претседателот на државата.

Меѓутоа, очигледно има отстапка од тој постигнат консензус, а и верување дека имало таков консензус ни даде и министерот за правда.

Поради новонастанатата состојба бараме да се прекине седницата во овој момент за да им овозможиме на лидерите повторно да седнат и повторно да се договорат целосно.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Пауза од половина час.

(пауза од 21,30 до 22,20 часот)

Продолжуваме со работа.

Продолжуваме со претрес по амандманот на член 1 став 1, под-несен од пратеникот Никола Поповски.

Дали некој бара збор?

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Г-дине претседателе, амандманот е јасен и нема да го образложувам дополнително, затоа што од него произлегува тоа што произелгува.

Меѓутоа, заради коректност да влезе во стенографските белешки, сакам да ве корегирам дека амандманот е предложен од името на пратеничката група како што пишува и така да го третираме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, потпишан е претставникот Никола Поповски како координатор на пратеничката група, но тој како пратеник е тој што предлага согласно Уставот.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Меѓутоа, во име на пратеничката група.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Овластен предлагач е пратеникот.

Одиме понатаму. Дали некој друг бара збор? (никој)

Ако никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по аман-дманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

(по гласањето)

Вкупно гласале 80 пратеници, од кои 30 за, 24 воздржано, и 26 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 1 став 2 поднесен од пратеникот Никола Поповски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ИЏЕТ МЕМЕТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор Г. Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Г-дине претседателе, почитувани пратеници, Сакам да го образложам амандманот. Владата има предлог со кој амнестијата ќе се однесува и на сите лица, кои претходно со првиот став се вели дека ќе бидат амнестирани за сите кривични дела кои ги подготвиле и кои ги сториле во периодот пред 1 јануари 2002 год, со отворена дата наназад. Само сакам да соопштам дека тоа создава ситуација дека било кои сторени кривични дела кои неможат и немора да имаат врска никаква со конфликтот од 2001 год, ќе може да се подведуваат како такви. Мислам дека само треба да се потенцира дека дури и на комисиите од наши колеги пратеници од ВМРО-ДПМНЕ имаше давано соодветни примери дека на пример и атентатот на г-динот Киро Глигоров како што слушнавме на Комисијата од пратеник на ВМРО-ДПМНЕ некој може да каже дека било подготовка за дејствијата што ќе ги превземе во 2001 год, а извршил кривично дело атентат врз претседател на држава и дека по тој основ, а со оглед дека законот не познава националност, граници и етнички граници на начинот на кој е компониран, апсолутно се отвора една врата за целосна амнестија на многу различни кривични дела кои со изјава ќе можат да се поврзуваат, а се сторени, како што овде велат со конфликтот во 2001 година.

Затоа сметаме, сепак, согласно договорот кај г-динот Трајковски на четирите лидери што е постигнат, поинаку одколку што е тука напишано, а во кои обврски требаше да се преземе и г-динот Трајковски, дека овој став треба да гласи така како што нашиот амандман го поправа.

Затоа, ве повикувам да гласате.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

(по гласањето)

Вкупно гласале 85 пратеници, од кои 38 за, 23 воздржано, и 24 против.

Констатирма дека Собранието не го усвои амандманот.

Во меѓувреме пратениците Јордан Бошков, Миланчо Черкезов и Илија Пранговски поднесоа амандман на насловот на Предлогот на законот, по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на насловот на Предлогот на законот.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ИЏЕТ МЕМЕТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме. (по гласањето)

Вкупно гласале 63 пратеници, од кои 16 за, 13 воздржано, и 34 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Продолжуваме со претерс по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? - Има збор г-динот Чедомир Кралевски.

**ЧЕДОМИР КРАЛЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитуван министер, почитувани колеги, Сакам да го искажам ставот на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ. Да бидам искрен, при градењето став на пратеничката група во однос на законот за амнестија, сите аргументи како од формално правна така и од политичка природа беа против, а само еден аргумент беше за. Ние решивме да му дадеме шанса на мирот.

Истовремено, длабоко сме свесни за големата болка и тага што ја чувствуваат најблиските на загинатите бранители на РМ. Меѓутоа, исто така сме убедени дека не треба да има нови жртви и нови делби по етничка основа. Сакаме соживотот да се врати во целата наша држава. Со поддршката на овој закон сакаме да веруваме дека ќе имаме лојални граѓани на РМ, на кои РМ ќе им биде единствена

држава во која сите ќе работат на изградбата на траен мир, соживот, стабилност и просперитет.

Сметаме дека со донесувањето на овој закон ќе се придонесе во стабилизирањето на безбедносната состојба и воспоставувањето на траен мир, ќе се интензивира процесот на реинтеграција на кризните територии, ќе се олесни влегувањето етнички мешаните полициски патроли во кризните региони, каде истите треба да бидат постојано присутни и институционализирани без отпор од месното население.

На тој начин, сметаме дека ќе се исполнат предулсовите за извршување на реален попис на населението во РМ и за спроведување на фер и демократски избори на сите граѓани на РМ, вклучувајќи ги и граѓаните чии живеалишта се во кризните региони.

Со надеж дека овие предвидувања ќе бидат исполнети во еден кус временски период, пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ изразува позитивна политичка волја кон овој закон.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Преминуваме на гласање.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме. (по гласањето)

Вкупно гласале 84 пратеници, од кои 64 за, 8 воздржано и 12 против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за амнестија.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен ја заклучувам 103-та седница на Собранието на РМ.

(Седницата заврши во 22,30 часот.)